**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 август 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Зоран Крстевски, Андреј Жерновски, Лилјана Поповска, Ванчо Ѓоргиев, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Назми Беќири, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев,Ганка Самоиловска Цветанова, Љубисав Иванов-Ѕинго, Абдулади Вејсели, Марија Којзеклиска, Ристо Пејовски,Љубчо Ѓеорѓиевски и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**На трета точка сме - Утврдување на Нацртот на амандманите од 20 до 34 на Уставот на Република Македонија.**

Продолжуваме со утврдување на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Нацртот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Има збор господинот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Благодарам господине претседателе, госпоѓо министер, дами и господа пратеници и јас сакам да се вклучам во расправата по Нацрт-амандманот 22 и да изнесам неколку мои видувања по ова прашање. Попатно кажано досегашната расправа по овој амандман ми наликува повеќе на расправа по инцијатива отколку на расправа по Нацрт-амандманот. Прво, се наметнува прашање зошто се покрена ова прашање кога воглавно оваа иницијатива за измена на Уставот преку амандмани се однесува на осамостојувањето на судството во нашата Република. На ова прашање можат да се дадат неколку договори. Но, најсигурно и најточно е дека ние сите имаме увидено и утврдено дека досегашниот наин на избор на претседател создава одредени проблеми кои секако ние можеме да ги надминеме со вакви интервенции во Уставот и во законите. Се наметнува и размислувањето дека покренувањето на решавање на оваа проблематика заедно со останатата материја е од причина што не е добро често изменување на Уставот на Република Македонија па во оваа прилика да се разреши уште едно прашање. Тука се и објаснувањата дадени и во образложението за овој Нацрт-амандман дека и ОБСЕ и Меѓународната заедница фактички увидела како може да се проблематизира изборот на претседател со нашето сегашно решение. Но, таму има и препорака како тоа да се надмине. Јас мислам дека за нас е прифатливо она што и ние самите го увидуваме дека тоа навистина е проблематично и треба да го разрешиме. Но, семтам дека Меѓународната заедница која и не е најдиректно заинтересирана за начинот на избор на нашиот претседател дава само едно свое видување на еден можен начин на решавање на тој проблем и сметам дека ние треба малку повеќе да се задржиме на начинот на решавање на тој проблем, а не едноставно да ја пресликаме таа препорака. Инаку, досегашното решение во нашиот Устав и законите за избор на претседател на Републикава навистина предизвикува одредени проблеми и ние во неколку наврати посочивме и на организацијата на избори за претседател, на непосредни избори, прашање кое го гледаме од аспект на тоа како ги оптоваруваме граѓаните со изборни циклуси многу често, фактички некаде на година ипол.

Втора работа е што во секој изборен циклус, така и во овој создаваме одредена тревога, нелагодност кај граѓанството, кај населението, луѓето не можат да се занимаваат со секојдневните свои активности, туку добар дел од времето го посветуваат на таа проблематика. Во исто време и забележливо е дека и сите граѓани вработени на работните места поприлично дел од своето време го поминуваат, му посветуваат на ова прашање во било кој изборен циклус, така и овде.

Со предложениот Нацрт-амандман се предлага бришење на цензусот во вториот изборен круг и веројатно предлагачот мисли дека со таквото решение ќе се надминат сите проблеми кои што се досега видливи. Јас сметам дека со таа проблематика ние треба малку посериозно да се позанимаваме бидејќи убеден сум дека постојат повеќе решенија на еден ист проблем, така и на овој и треба да ги разгледаме сите тие решенија. Вие знаете Либералната партија предложи едно различно решение од предложеното од Владата. И во оваа прилика јас исто така ќе го повторам тој наш став. Но, зошто се потребни по мое мислење дебати по ова прашање за да се дојде до најдоброто решение. Мислам дека ова не е најсреќно избрано, ова решение во Нацрт-амандманот 22 од проста причина ако е цензусот непотребен во вториот круг, зошто не сме размислувале и на едно слично решение тој цензус да не е потребен уште во првиот круг, така што да немаме воопшто втор круг.

Тука се поставува прашањето на легитимитет и некои колеги во претходните дискусии дискутираа за легитимитетот дури изразен и во проценти и бројки. И мислам дека тука доста се манипулираше со некои тврдења како, ако ова Собрание усвои вакво решение од амандманот ќе имал претседателот најголем легитимитет и тн.Сето тоа се разбира не е точно и е употребено

за други цели, најмалку за доведување до квалитетно решение низ нашата дебата. Од тие причини сметам дека сепак треба да се позанимаваме со разрешување на ова поставено прашање. Значи, предлогот е да се избрише цензусот во вториот круг. Јас гласно размислувам и сега говорам за тоа како тој цензус може да биде избришан и во првиот круг па да биде и дупло поевтин тој процес на избор на претседател и дупло помала загубата во раотни денови и часови и тн. Значи, постои нешто друго како квалитетно решение. Но, произлезе исто така од досегашната расправа дека може да се размислува и да се разговара за намалување на цензуст, односно не сосема бришење, туку намалување на 30%, 33% и тн. што само потврдува ова што го говорам и укажува на фактот дека е потребно да се дебатира за изнаоѓање на најдобро решение на оваа проблематика.

Накратко ќе се навратам на предлогот на Либералната партија кој патем речено беше забележан и од останати колеги и во претходните денови беше укажано дека и тој предлог е сосема пристоен и вреден за разгледување и размислување, при што нормално би се дефинирал во некое квалификувано мнозинство кое вкалкулирано со мнозинството кое е потребно за да се стане пратеник и се има можност да се бира претседател на тој начин, значи обезбедува во секој случај повисок цензус и од овие предложени во минативе дискусии од одредени колеги. Инаку, сметам дека начинот на избор на претседател на Републикава не е единствено прашање кое може да се разгледува и да се редефинира од проста причина што сега пристапуваме на измени на Уставот преку овие предложени Нацрт-амандмани во правец на осамостојување на судството и тука се предвидени во другите амандмани решенија во кои што претседателот бира, или назначува членови во државниот совет на судии, обвинители и тн. Знам, но и сам мислам дека ако е целта да го осамостоиме судството сосема, тогаш и тие решенија не се најсоодветни, односно можеби осамостојувањето некој, или предлагачот го замислува во два, или три степени, па ова е првиот чекор кој не обезбедува осамостојување на судството, значи не ја гарантира целта предвидена со овие амандмани. Во тој смисол зависно од решенијата кои што ќе ги донесеме веројатно ќе треба да се ревидираат и ингеренциите на претседателот во смисла на неговата директна вмешаност, односно директни ингеренции во судството кое ние сакаме сега да го осамостоиме. Подоцна сосема е извесно според мое мислење нашето зачленување во НАТО алијансата во еден колективен систем од една страна, а од друга страна ние оружените сили ги професионализираме и тоа со брзо темпо. Па во тие услови по мене е дискутабилно и командувањето на цивилно лице на професионална армија која во исто време би била и колективен член на НАТО алијансата. Но, бидејќи овој амандман зборува за нешто друго, јас не би ширел во тие можни решенија понатамошни и можни потреби за измена на ингеренциите. Но, сакам да покажам само на сосема малку примери дека ова прашање би требало по мое мислење да го третираме малку покомплексно и да изоставиме да го решаваме во склоп на оваа расправа која треба да оди сега и во јавноста наредните два месеци и тн., значи во склоп на постигнување на целта на осамостојвување на нашето судство. Предлагам овој амандман Владта сепак да го повлече и земајќи ги предвид сите наши дискусии да предложи некое ново решение, или да започне со иницијатива од почеток, значи иницира расправа по иницијатива за разрешување на овие прашања поврзани околу изборот на претседател, но и понатаму ако ги уважи размислувањата на колегите, моето и тн. Во оваа прилика би се заблагодарил на добиениот збор и трпеливоста, иако сум сосема свесен дека излегував од рамките на конкретната тема.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Се надевам дека другите нема да бидат надвор од темата. Инаку нема да имаме шанси ако по овој дел продискутираме како што рековте вие да се слушнат различни мислења, ако овој амандман оди на општа расправа, односно таа што треба да биде во текот на следните два месеци.

Има збор господинот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке Младеновска. Мислам во овие денови и расправи по Нацрт-амандманите и по комисиите се водеше плодна расправа и дискусии по сите амандмани, скоро сите пратеници си дадоа свое мислење и свое видување по овие уставни амандмани. Мислам дека и овде ќе го кажеме она истото што сме го зборувале, но сепак треба да го потенцираме и да дадема свое видување по текстот на овие уставни Нацрт-амандмани. Сега водиме расправа по Нацрт-амандманот 22 кој гласи заради јавноста: За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале. И со овој амандман се заменуваат ставовите 5 и 6 на членот 81 од Уставот на Република Македонија каде што вели дека за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале доколку гласале повеќе од половината избирачи. Ова е измената: повеќе од половината избирачи. Во досегашната расправа се искажаа повеќе мислења, забелешки и предлози за кои сметам дека некои за мене се прифатливи, но за некои сум категорично против. Јас во оваа моја кратка дискусија ќе го искажам моето мислење по овој Нацрт-амандман 22.

Прво, сметам дека овој амандман го сврти целото внимание на целокупната јавност и ја стави во сенка расправата по останатите амандмани. Иако целта на овие уставни амандмани беше и е

реформа на правосудниот систем за зајакнување на самостојноста на судската власт во однос на извршната и на законодавната власт, а што ќе биде и е услов за стабилност на политичкиот систем. Мораме да ги раздвоиме власта законодавната, извршната и судската. Целта на овие амандмани е токму тоа да ја издвоиме посебно судската власт да биде независна од извршната и од законодавната. Исто така, во досегашните расправи и на комисиите беше констатирано и јас констатирав и точно е тоа дека овој амандман го немаше во првата фаза. Овој амандман се однесува на изборното законодавство, а не од реформите на правосудството. Сметам дека е добро да се искористи овој момент и да се опфати прашањето за избор на претседател на државата во вториот круг. А со предложеното решение, мое лично мислење е дека сигурно ќе се изврши избор на претседател на државата со овој амандман кој што сега го предлага Владата. Значи, доколку овој амандман помине и се усвои, мое лично мислење е дека во вториот изборен круг ние сигурно ќе избереме претседател на Република Македонија. Со овој амандман не се врши промена во односите на носителите на власта, не се нарушува принципот на поделбата и рамнотежата меѓу носителите на власта, не се предлагаат нови носители на власта, туку само се поедноставува постапката за избор на претседател на државата во вториот изборен круг. Првиот изборен круг си останува и не се променува, односно за претседател на Републиката е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број избирачи. Тоа си останува. Значи амандманот е во вториот дел кој што се однесуваше на консензусот на излезените гласачи. Но, имајќи го во предвид досегашното наше искуство за избор на претседател на Републиката, а и почитувајќи ја препораката на ОБСЕ содржана во конечниот извештај за спроведените претседателски избори 2004 година за бришење на цензусот предвиден во вториот изборен круг со цел да се избегнат бројните неправилности и нерегуларности, го поддржувам овој амандман. Со овој начин на избор во вториот изборен круг сигурно ќе избереме претседател, нема да имаме повторување на постапката и ќе заштедиме околу два милиони евра, ќе нема уцени и пазарења од пролитичките партии, ќе се намали притисокот за обезбедување на избирачи. По избирачките места ќе немаме драстична разлика на излезеност како досега. Некаде во некое избирачко место ќе имаме 30% излезеност, а некаде на некое избирачко место 100% излезеност. Во вториот изборен круг се прават најголемите неправилности. Малку да се потсетиме како беше избран претседателот Борис Трајковски. Се сеќаваме исто така дека ако не излезеше на гласање членството на ДПМНЕ не ќе го изберевме претседателот Бранко Црвенковски. Но, има и една друга наша македонска маана, синдром на непочитување на изборните резултати и непочитување на функциите и личностите. Па веднаш после прогласувањето на резултатите, бидејќи не победил нашиот кандидат, веднаш претседателот го нарекуваме "граѓанинот Б.Ц., или лицето Б.Ц.", а пишаните весници, било неделни, било дневни па и телевизиите се натпреваруваат кој прв ќе почне.

Се прашувам во чиј интерес е тој начин на непочитување на функцијата Претседател на Република Македонија? Се прашувам зошто во Франција, во Укранија, во Словачка ги почитуваат своите претседатели иако и таму нема цензус. Мислам дека ова наше искуство од избори и овие аргументи се доволен доказ за потреба од овој амандман и за бришење на цензусот.

Во расправата се изнесоа неколку другимислења: Да се воспостави и функција потпретседател на Републиката и тоа од заедницата која е застапена 20% од населението, па да се избираат заедно на непосредни избори. Имаше идеја Претседателот да го избира Собранието на Република Македонија. Убеден сум дека, доколку не се намалеше цензусот ДУИ немаше да бара функција потпретседател. Сметам дека со овој амандман ДУИ ќе го изгуби влијанието при изборот на Претседателот. Затоа тие бараа втора функција, потпретседател на Република Македонија.

За воведување на функцијата потпретседател на Република Македонија категорично сум против, бидејќи Амандманот 22 се однесува само на постапката на избор на Претседател, а не на прашањата за положбата и функцијата на Претседателот. Ваквиот предлог ќе го наруши парламентарниот систем утврден во Уставот. Ние имаме парламентарен, а претседателски систем. Ние треба да го градиме овој парламентарен систем, а врпочем, ние сме и граѓанско општество.

Оваа идеја е спротивна на Уставот. Како може да се напише во Уставот дека потпретседателот ќе биде од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија? А, друго е прашањето како ќе се избере тој потпретседател, кога сме ние една изборна единица, гласаат сите граѓани на Република Македонија? На изборите гласаме сите заедно. Заедниците не гласаат посебно.

Во однос на идејата на Либералната партија, Претседателот да го избира Парламентот, за мене е неприфатлива од причина што сметам дека поголем легитимитет ќе има Претседателот, ако се оди на непосредни избори и ако го избираат граѓаните, а не да го избира Парламентот. Тоа, за мене би било како да избираме двајца премиери.

Можеби е добро тоа што ќе немаме уште едни избори. Или, ќе ги намалиме трошоците. Но, мислам дека е подобро да Претседателот оди на избор на непосредни избори, да го избираат граѓаните, заради неговиот легитимитет.

Но, да не должам многу, бидејќи многу зборував и на комисиите, да не одземам повеќе време, на крајот, ќе кажам дека го подржувам овој амандман. Но, имајќи ги предвид досегашните искажувања на колегите пратеници кои се искажаа против овој амандман или кој бараа повлекување на амандманот, а ни се потребни во оваа фаза 61 глас, за наредната 80 гласови, да не се сфати овој амандман како привилегија на Претседателот при неговиот изобр, како што се сфати Законот за пратеници дека е привилегија за пратениците. За надминување и понатамошна постапка на амандманот, да оди во јавна расправа, еве, давам една сугестија, свое мислење или предлог, да се размислува овој цензус да биде 10%, 20% или 30% од избирачите во вториот изборен круг. Но, тоа нека го каже јавната расправа. На тој начин ќе ја надминеме и ќе собереме 61 глас и да го изгласаме овој амандман.

Ние, од СДСМ ќе гласаме за овој амандман, но не знам дали ќе бидат доволни овие гласови да помине амандманот. Сметам дека ќе се надминеме самите себе си и ќе гласаме за овој амандман. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам господине Витановски.

Господине Рафис Алити имате реплика, повелете имате три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Навистина е за чудење, еве веќе двајца пратеници од СДСМ кои пласираат невистинити тези, затоа што седницата на која што излезе предлогот од мене, тоа е Комисијата за политички систем беше јавна седница и сигурно дека сите граѓани на Република Македонија кои ја следеја таа седница знаат и им е јасно дека јас предложив да има и потпретседател во текот на изборот на Претседателот, да се избира и потпретседател. Меѓутоа, во ниту еден момент не сум рекол дека тој треба да биде од етничките заеници.

Тука и колегата Витановски денеска и на денот кога учествуваше на Комисијата за политички систем се обидува да манипулира со граѓаните, нешто што не е добро.

Обвинувањето или идејата што ја пласира тој, во свое име може да ја пласира, затоа што ДУИ ќе го изгуби влијанието доколку се намали овој цензус?! Јас, со полна одговорност велам дека независно од тоа која албанска партија ќе биде на власт или во опозиција, независно од тоа кој ќе се кандидира за претседател, секако дека ќе биде заинтересиран да ги земе гласовите на албанците. Затоа што во секоја варијанта, секогаш гласовите на албанците ќе одлучуваат за тоа кој ќе стане претседател. Тоа е многу нормално и природно, затоа што и албанците се граѓани на Република Македонија. Затоа мислам дека ваквите тези што ги пласира Витановски или некој друг се болни тези и застарени. Така што не држат вода во јавноста во Република Македонија.

Не е добро, воопшто не е добро да се вели дека ДУИ или Демократската унија за интеграција бара место на потпретседател. Ние не го бараме тоа место на потпретседател, Ние барам, со овие уставни измени, бидејќи цениме дека ингеренциите треба да се зголемат на Претседателот на државата, цениме дека интерес на граѓаните на Република Македонија е што повеќе граѓани да излезат да гласаат за идниот претседател. За ова ќе треба да бараме патишта и начини. Еден од патиштата сме предложиле да биде, да има и потпретседател.Во понатамошната расправа секако дека треба да се размислува за тоа дали ќе се оди на овој начин, да се избира Претседателот или да бараме други форми.

Уште еднаш ќе кажам, не е добро за самата институција Претседател ние да го нарекуваме граѓанин, без оглед кој во иднина ќе биде тоа. Тоа не е добро за државата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Витановски една минута контра реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе, Јас, тоа што го зборувам, тоа и го мислам.

Кај мене имам една мисла и свое видување, дајте да престанеме веќе да се занимаваме самите со себе и со етничките прашања. Мислам дека го затворивме прашањето на Рамковниот договор. Дајте веќе да почнеме да работиме за граѓаните. Мислам дека сите прашања што беа во Рамковниот договор ги затворивме и сега треба да работиме во интерес на граѓаните и да не се занимаваме со етничките прашања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Петковски, имате збор, повелете.

**Тито Петковски:** Господинен претседателе, почитувани колеги, госпоѓо министер,

Заправо, она што се случува овие два дена покажува дека прашањето околу овој амандман навистина е поставено во малку погрешно време. Некои колеги кои говореа во функција, практично на причините за промена на Уставот, говореа со право, бидејќи овој амандман не беше присутен во првата фаза кога се утврдуваше потребата за промена на Уставот.

Веднаш да кажам на почетокот, амандманот е добар и ја има мојата подршка. Ќе гласам за него, а ќе кажам од кои причини. Но, веднаш на почетокот ќе кажам дека има две сериозни фалинки, или два недостатоци.

Првиот е тој што го спомнав, бидејќи доколку беше присутен во фазата на утврдувањето на потребата за промена на Уставот, многу покритички, многу посеофатно, а би рекол малку поаналитички ќе пријдевме на овој амандман и, се разбира, ќе се избегнеја овие дискусии и непотребното трошење на енергија за амандман што влегува во функција на реформите во

правосудниот систем, за што впрочем се и основните причини за промена на Уставот.

Втората сериозна, би рекол, забелешка на овој амандман е што тој не беше предмет на политички договор меѓу политичките партии. Или, барем се гледа, самиот за себе господинот Рафис Алити кажа дека тој предлог се наметна од една седница на Комисијата и е директно негов предлог, што покажува уште еднаш дека во Република Македонија се што не произлегува како договор на политичките елити, тешко добива право на граѓанство. Бидејќи политичките елити впрочем го диктираат и развојот на сите настани на политичката сцена во Република Македонија, така е и со овој амандман. Јас не се ограничувам од тоа, бидејќи и друг пат сум кажал дека практично Република Македонија функционира на тој принцип, на принцип на договор на политичките елити. Тоа што тие ќе се договорат, тоа ќе помине во Владата, тоа ќе помине во Собранието. Тоа што тие нема да се договорат, мислам на политичките елити што се во моментот на власт, тоа едноставно не може да помине. Ниту во Владата, а уште помалку Собранието, ќе се направи а да симулира демократска институција, ќе му биде многу тешко тоа бидејќи дефинитивно тоа се сведува на крај, пратеничките групи ќе побараат пауза, ќе се договорат како ќе гласаат, ќе добијат инструкции од политичките елити и така ќе постапат. Конечно, цехот пак ќе го платиме ние во Собранието, но работата нема да биде завршена. Ние можеме да трошиме енергија уште два-три дена, но ако не седнат парламентарните групи, водствата, раководствата на политичките партии овој амандман нема да помине. А, навистина е добар и треба да помине врз основа на искуствата што ги имавме до сега во изборот на сите циклуси на избор на Претседател на Република Македонија.

Трето, што мислам дека следуваше, односно требаше да следува одкако овој амандман еве доби право на граѓанство, мислам дека беше добро да влезеше во еден пакет на рефрома на изборното законодавство, што имавме обврска да го направиме и што еве сега, претпоставувам во организација на Министерството за правда и со раководствата на политичките партии, работат еден текст или веќе е готов тој работен текст на закон од кој што ќе произлезеја потреби во сите сегменти изборни и изборот на Претседател на државата, бидејќи имаме навистина многу добро искуство од избор на Претседател на држава, па парламентарни избори и она особено што беше минатата година, што се случи за време на локалните избори, мислењето или ставот на меѓународната заедница, особено она што ОБСЕ го кажа.

Лично мислам дека тоа беше многу пологичен редослед на настаните, да ги донесиме овие уставни амандмани околу реформите на правосудниот систем, каде што трпиме најголеми критики и после многу одговорно и сериозно да пријдеме на реформите во изборното законодавство и во тие рамки избор на Претседател.

Е сега, логично ќе следува прашањето-постојано ли ќе го менуваме Уставот? Мислам дека ние имаме едно искуство, според мене не е добро, лошо искуство, често да го менуваме Уставот. Сега нудиме 33-34-ти амандман за измена на Уставот. Тоа не е многу одговорен однос кон највисокиот законодавен акт во државата. Тоа говори дека или не сме ги осмислиле добро сите работи кога сме го носеле Уставот, што исто така има малку вистина, или пак многу површно гледаме и многу прагматично од аспект на политичкиот интерес на партиите што се на власт.

Па затоа и од првиот амандман, околу забелешките со Грција, со знамето, па грижата за нашето национално малцинство во соседните држави па до овој последниот, говори дека баш не се однесуваме одговорно, како политички партии, како институции на државата кон Уставот како врвен нормативен акт од кој што произлегуваат сите обврски на политичките институции во државата.

Значи, мислам дека би било добро, но сега е веќе доцна, ако ништо друго, јас сакам да сугерирам да седнат сепак раководствата на политичките партии, раководствата на парламентарните групи, да направат напор овој амандман сепак да биде прифатен, ако веќе тргнал во процедура, а едновремено да биде на разгледување и законот за избор на пратеници, бидејќи догодина имаме парламентарни избори. Познато е секаде во светот, ниту една сериозна држава промената на изборното законодавство не го врши во годината на изборите. Сите политички партии што сакаат да учествуваат на изборите, многу одамна се подготвуваат. Не можеме ние некаде, па дури еве има и желба да се оди на предвремени избори некои заговараат, некои што јас знам, намигнуваат итн. не смее да се случи законот за избор на пратеници ние да го донесе два-три месеци пред изборите. Имаме обврска година дена, заради можноста да се подготвуваат најсоодветно политичките партии, гој закон да го донесат.

Според тоа, ако оваа сугестија не фаќа место, јас ги молам колегите кои сега се многу категорично против овој закон, многу сериозно, сепак да ги погледаат импликациите од една, условно би рекол, изнасилена процедура, постапка за прифаќање на еден амандман што ќе има мошне широки импликации, бидејќи и онака на институцијата Претседател, многу сериозно не гледавме, иако според нашиот Устав тој има многу сериозни функции. Не гледавме, говорам како политички партии. Таа функција треба да има полн кредибилитет, заради персонификацијата на Претседателот со граѓаните, со државата, тој ја претставува државата, тој е совест на државата, тој ги претставува сите интереси на граѓаните и тој мора да има висок кредибилитет дома за да

има сериозна меѓународна позиција и да може одговорно да ги врши функциите шеф на држава. Кој со полн капацитет ќе одлучува за прашања од меѓународната сфера, меѓународните односи и сферата на одбраната каде што има многу прецизни надлежности во Уставот. Но , ние овде и таа мала фалинка, не одиме понатаму околу допрецизирањето на овластувањето на Претседателот, само што го намалуваме цензусот за избор на Претседател што води единствено кон полесен избор на Претседател. Или апсолутно ги елиминира сите можности за партиски калкулации, пазарења, фалсификати, насилства и тн. Ќе спомнам само дека на претпоследните па и на последните избори, каде за Претседател на државата имаше 102% одзив на избирачите, што ќе рече многу повеќе гласачи излегоа на изборот отколку се запишани во избирачките списоци. Тоа веднаш го нарушува тој кредибилитет на Претседателот и во меѓународните рамки испаѓаме како несериозна држава и тој не е репрезент на државните интереси на Република Македонија.

Еве неколку аргументи зошто мислам дека некои идеи што овде беа практиќно на првата седница на Собранието и претресот по овој Амандман што беа присутни, што заслужуваат внимание. Категорично беше речено од еден колега дека, доколку не биде потпретседателот припадник на етничка заедница дека нема да се мотивираат граѓаните кои се припадници на различни етнички заедници да излезат на избори.

Мислам дека таа теза, можеби е добра од партиско политички аспект, но таа теза не е добра од аспект на долгорочни интереси на Македонија да ја градиме како заедница на рамноправни граѓани, без оглед на етничката припадност. Македонија има и уставна опоределба да гради граѓанско општество, според тоа, не е битно кој ќе биде претседател и потпретседател. Јас исто така ја прифаќам тезата од некои колеги што беше изнесена дека, можеби, на следните избори и Албанец ќе биде претседател на Република Македонија. А, зошто да не, или припадник на Влашката заедница, или Србин или Ром и тн. ,ако со својот углед, политички ангажман ја има подршката на граѓаните на оваа држава. Кај нас, за жал, се е испартизирано и ние, наместо демократија имаме партократија и директива на политичките партии и неговото величество е етничката заедница,

Значи, ако нешто не е во согласност со моите интереси, како политичка партија, веднаш го идентификувам со интересот на Република Македонија . Јас, тоа право не го имам како член на СДС каде што членуваат грото луѓе македонци. За жал, немаме, имаме многу албанци, имаме турци, имаме власи, имаме роми итн. но најмалку имаме албанци. Според тоа, во моментот кога во Македонија ќе профилира таква политучка партија на која што апсолутно нема да и биде приоритет на која етничка заедница припаѓаат, Македонија ќе има шанси да гради цивилно општество.

Инаку, дозволете, тоа не сум го говорел прв пат, Македонија ќе продолжи да функционира како конгломерат на етнички заедници, а цивилното општество ќе биде мислена именка и некој сон, многу далечен за Република Македонија . Ќе биде принудена да се договара со сите етнички заедници, засега имаме една етничка заедница да има над 20%, но не знам за 15 или 20 години можеби ќе биде и друга етничка заедница и таа сегментација на македонското општество ќе продолжи до бескрај. Недостижна ќе ни биде идејата да градиме граѓанско општество и да бидеме дел од оној цивилизарн свет. Завршувјќи со оваа теза, ќе повторам, најголемата грешка на Република Македонија впрочем ја направи во моментиот кога отиде свесно политичките субјекти да се организираат на етничка основа. Државите што тоа не го направија отидоа пред нас во ЕУ, а некои од нив, како Бугарија, што има силна турска етничка заедница се мачи на политичка основа да ги достигне тие европски стандарди, меѓутоа тоа и е една од меѓународните забелешки. Не знам сега како ќе се случи со ова конституирање на новата власт? Во секој случај, сегментацијата на македонското општество на етнички основи се покажа како неисправна теза.

Како што видовте реториката ќе градиме мултиетничко општество, кое од полека ќе прераснува во мултиетничка држава. Јас морам да признам дека таков експеримент мене како човек кој што лично сметам дека ги следи компаративните политички системи не му е познат таков проект и не успал никаде во светот.

**Љупчо Јордановски:** Ако можете да се вратите на амандманот.

**Тито Петковски:** Знам дека вас ви е многу тешко тоа да го разберете, меѓутоа станува збор за основниот конститутивен акт на оваа држава, основниот нормативен акт и кога разговараме за институцијата претседател на државата и неговиот избор и намалувањето на цензусот значи дека комплетно се менува политичкиот систем, бидејќи таму има нови овластувања на пртседателот на државата.

Јас да повторам, инсистирам и понатаму, сметам дека е добро за Македонија да си имаме систем на поделба на власт меѓу законодавна, извршна и судска, во која претседателот ќе биде сместен во извршната власт, а извршната власт ќе биде во ситуација да ги контролира и меѓусебно да зависи и од Собранието и од судската како посебен дел од власта.

Трето, кое што беше овде исто така, спомената како можност е да се избира претседателот на државата од страна на Собранието. Тоа го изнесоа моите колеги, има и таков амандман од Либералната партија, но мислам дека не би било добро до таа мерка да се одземе правотот на

граѓаните да го изберат својот претседател, особено во услови кога имаме таков систем на рамнотежа помеѓу законодавната, извршната и судската и тој уште повеќе ќе биде тогаш предмет на политички договор во Собранието.

Од една страна е добро, јас ги прифаќам тие аргументи, се јакне парламентарната димензија на нашиот Устав односно се јакнат функциите на Собранието како законодавна власт но од друга страна пак ќе продолжи, ние не сме Германија па да го избереме најдобриот, најафторитетниот човек независно на која политичка партија припаѓа заради политичката култура пред се, и елементарната ако сакате и пак претседателот ќе биде предмет на пазар,кој што таква интитуција не треба да биде. Пред се тоа го сметам заради нивото на нашата политичка култура и искуството што го имаме досега.

Мисламдека овој амандман иако е тргнат малку порано во игра треба да го прифатиме, треба да изнајдеме снага, токму заради елиминирањето на сите нус продукти што беа за време на изборот на сите претседатели досега и од аспект на јакнењето на неговата позоција и поддршка во државата и неговата меѓународна провинциенција. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петковкси, нема да коментирам за тоа дали можам да разберам нешто или не можам да разберам нешто, доволно долго сме во партијата и ме знаете дали ги разбравме или не ги разбравме работите во минатото, барем така како што јас ги разбрав.

Господине Рафис Алити, имате три минути реплика.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател,

Навистина не можам да се согласам со господинот Тито петковски кој пласира теза која е негово право дека грешката во Република Македонија е направена кога се дозволи да се формира партии врз етнички основи.

Ниту една партија во Република Македонија не е формирана врз етнички основи. Сите партии се граѓански и сите граѓани имаат право да бидат членови на тие политички партии, така што и ние во ДУИ имаме членови од турската националност, од македонската, од ромската итн. Но, секако дека тој број не е тој што го поссакувавме, така како што е во ВМРО како што е во СДСМ, но вие господине Петковски, како и другите бевте еден од тие кој што го донесовте Уставот.

Со тој Устав ги игнориравте во суштина албанските парти и во целина и албанското население.

Вие не говорите за грешките направени во минатото на штета на етничките заедници, туку говорите само за Македонија на сите граѓани, но се разбира дека Македонија е на сите граѓани но во оваа Македонија факт е дека имаме етнички заедници кои живеат во оваа држава.

Игнорирајќи го овој факт ние во минатите години, велам ние, а треба да кажам вие кои го донесовте тој Устав направивте штета во однос на граѓаните, на имиџот на Република Македонија, наместо да се изгради една демократска држава фактички се изгради една држава која изгледаше само на една етничка заедница, додека другите етнички заедници ги принудивте да се чувствуваат како под кирија во своите домови.

Неколку работи, или неколку грешки направени во минатото ние како политичка гарнитура која сме денеска во ова Собрание треба да биде наш мотив да ги корегираме минатитите грешки и како општество и држава навистина да чекориме напред и еден ден да бидеме дел на европската цивилизација.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Петковкси, една минута контра реплика.

**Тито Петковски:** Јас би сакал да слушнам за земја во светот која на се подобар начин ги решила меѓу етничките односи. Земја во светот која што има повисоки стандарди и во сферата на признавањето на правата на припадниците на етничките заедници. Само едно ве молам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас сепак ќе се вратам на амандманот кој е предмет на оваа расправа и ќе го кажам следното.

Со овој Нацрт амандман 22 се заменува членот 81 односно се бришат ставовите 5 и 6 од Уставот на Република Македонија, односно се предлага да се бришат. Со овој предлог на текст на Нацрт амандманот 22 фактички се брише цензусот од 51% гласа за избор на претседател во вториот изборен круг.

Веднаш на почетокот ќе кажам дека во целост го поддржувам ваквиот пристап и ваквиот амандман од најмалку три причини.

Прво, кажаа моите колеги во претходните дискусии, сето она што ни се случуваше за избори на претседаел особено во вториот изборен круг, а тука не можам а да не се навратам на историската и легендарната 1999 година каде на нашиот кандидат за претседател буквално му беше украдена победата во вториот изборен круг, а тоа најдобро го почувствувавме ние во Тетотов, Гостивар, Западна Македонија каде што на еден невиден начин од една тогашна политичка партија која беше на власт од некаде минус 70 до 80 илјади гласови преку ноќ во вториот изборен круг се најдоа нови 140 - 150 илјади изборни гласови.

Сето она што тогаш јас и моите колеги на теренот го имаме доживеано не би посакал да го доживее ниту еден кандидат за претседател не во Република Македонија туку било каде во светот.

Второ, втората голема причина заради која ќе го дадам мојот глас за овој нацрт текст на амандманот е заради една многу практична причина. Идејата е да се избегнат сите можни, она што беше кажано пазарења, непотребно оптоварувања од страна на политичките парти и некои од колегите рече, да, да се даде правото на граѓаните, тие да излезат и слободно да го дадат својот глас за оној кандидат, од оние двајца кои ќе останат во вториот изборен круг и за кого сметаат дека ќе ги оправда нивните очекувања. Притоа, а а се апсолвирам од било каква етничка припадност, политичка припадност, партиска припадност итн.

Мислам дека во овој момент најбитно е за Република Македонија токму да го поедностави изборниот процес во вториот изборен круг, нешто за што впрочем и ОБСЕ констатираше во 2004 година и препорача на Владата на Република Македонија за измените во изборното законодавство да се одвиваат токму во тој правец.

Третата причина поради која што ќе го поддржам овој нацрт текст на амандманот е практична. Практична затоа што не само што вториот изборен круг бес цензус ќе биде поедноставен, ќе биде поекономичен, ќе биде порационален, верувајте дека во вториот изборен круг за прв пат бидејќи ќе нема цензус и оптоварување, за прв пат ќе имаме слобода во изразување на гласачите да излезат на избори. Тоа е можеби најсуштествената и најбитната причина зошто се залагам овој текст на Нацртот на амандманот да се прифати. Се разбира, сеуште имаме време. Во оваа фаза, кога разговараме за Нацртот на амандманот прифатливи се сите размислувања, сите предлози, тие се легитимни предлози, треба да се разгледаат, треба да се вклучи и науката, и искуствата, меѓутоа она што мислам дека и министерот во воведното излагање го кажа, искуствата со Франција, со Словачка, со Украина, сигурно даваат и еден исто така квалитетен пример во насока на поддршка токму на еден ваков текст на Нацрт на амандманот 22.

Значи, јас во целост го поддржувам предлогот на текстот на овој нацрт амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, ќе се обидам да бидам прецизен, конкретен и ќе се задржам токму на она што е предложено од страна на предлагачот.

Над се, јас мојот став го имам кажано во две комисии, Комисијата за Уставни прашања и Законодавно-правната комисија, меѓутоа уште еднаш ќе го изразам мојот став зошто јас ценам дека покрај се предлагањето на еден ваков амандман преку кој се сака да се заменат ставовите 5 и 6 од членот 81 од Уставот, кој што е во однос на изборот на претседател на Република Македонија не треба да се подржи.

Прво, тоа е дека така како што беше нагласено и од страна на некои други колеги овој амандман не бил опфатен во првата фаза, или во предлагањето за измени и дополнувања на Уставот на Република Македонија.

Второ, преку овој амандман се сака да се елиминира цензусот во вториот изборенкруг, цензус кој што е предвиден во ставот 5 од членот 81 од Уставот на Република Македонија и преку кој што се бара во втората фаза во иднина претседателот на државата да се избира без оглед на бројот на избирачи излезени на гласање.

Моја проценка е дека покрај се елиминирањето на ваквиот цензус може да предизвика определени последици во насока на тоа што гласачите да не излезат на гласање ценејќи дека нема потреба од нивниот глас. Тие да не излезат да гласаат за предложение кандидати за претседател.

Доколку внимателно се анализира делот кој што е во однос на уставните норми за претседателот на државата претседаелот се дефинира како орган представник на Република Македонија. Замислете што може да се случи? Да се избере од 10% на гласачи кои што ќе излезат на гласање, додека истиот претставителен орган да ја претставува цела Република Македонија или сите гласачи. Оттаму јас ценам дека навистина не е во ред да не се предвиди цензус на потребен број на гласачи за да може гласањето да се смета како правосилно.

Од друга страна сакам да кажам нешто друго.

Не случајно во делот на организирањето на државната власт, делот во однос на тоа на претседателот на државата се наредени веднаш или во точката 2, веднаш по уставните норми по однос на Собранието. За Собранието сите знаеме дека е законодавен орган и има потпретседател на Собранието. Претседателот е извршна власт и не постои потпретседател. Претседателот на државата е дефиниран како претставителен орган и во согласност со тоа што е предвидено, како што реков не постои потпретседател. Јас не сакам со ова да кажам дека аргументите кои што ние ги претставуваме тука во овој дел се во однос на потпретседателот на Републиката, тие се по предлог на албанците или не, и во никој случај не сакам да кажам дека потпретседател треба да биде албанец, меѓутоа сепак тргнувајќи од оваа логика и над се од етничкиот состав на Република Македонија добро е, бидејќи предлагачот веќе има предложено и во оваа област и иземни, добро е во втората фаза да се анализираат внимателно овие предлози и нормално во другата фаза, во третата фаза да имаме малку подефинирани ставови во однос на предлогот што ние го нудиме.

На крајот уште еднаш ќе кажам дека ние цениме сепак што се однесува до овој предложен амандман не треба да се елиминира цензусот кој

што е предвиден во постоечкиот дел на текстот на Уставот на Република Македонија .

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам господине Јашари.

Повелете господине Чашуле, имате збор.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседателе,

Почитувана министерке, почитувани колешки и колеги,

Воопшто не е срамота да се менува Уставот кога развојот на односите во општеството тоа ќе го наметне. Многу поголема грешка е да се чека и да се таложат проблемите. Според тоа бидејќи исто така уставот не треба да се менува на брзина и бидејќи промените на Уставот се темелна законодавна работа, тоа е една и од причините поради која јас сум расположен а и ние од пратеничката група на ВРМО Народна сепак за да не покренуваме нова уставна постапка да прифатиме да разговараме, особено сега во третата фаза и за овој уставен амандман кој има само тангенционална врска со реформите на судството.

Во еден свој аспект претседателот на Републиката го имаме како педлагач во натамошните амандмани со донекаде зголемени ингеренции, па од таму не само што не би требало наново да седнуваме да го менуваме Уставот по овој повод, туку заради тоа што и тој преку своите ингеренции што ќе ги има во натамошното функционирање на судската власт и особено како елемент на таа рамнотежа, на тоа фино баждарење и усогласување, добро е да има зацврстен легитимитет. Но, најмногу од се овој амандман го привлече нашето внимание и нашиот исказ како гласови, по тој повод ќе го кажам откако ќе видиме дали во третата фаза владеачкото мнозинство ќе има државничка сила во себе да прифати некои од нашите сугестии, но ние сметаме дека овој амандман е добар и дека треба да биде подобрен со зголемување на цензусот. Значи, го спуштаме од 50%, но ние мислиме дека било кој цензус не е соодветен заради тоа што можеме до крај да го релативизираме во вториот круг изборот на пртседател, како што во расправата се укажа и мислиме дека е сосема на место да се размислува и очекуваме дека во тој правец ќе бидеме подржани особено од стручната јавност, па и од владеачките партии цензусот во вториот круг да се утврди на 30%.

Ова не го вадиме ние напамет, туку врз основа на едно доста позитивно искуство што го имавме до пред неколку години кога Собранието се бираше на мнозински непосредни избори, каде што имавме исто така една таква одредба дека во вториот круг избран е оној пратеник за кого ќе гласа мнозинството, односно под услов да излегле повеќе од 30% од избирачите на изборите и тоа функционираше. Сепак, функционираше добро и не гледам зошто сега не би функционирало и при изборот на пртседател.

Но, она што е за нас најважно и заради кое сме расположени да го обезбедиме двотретинското мнозинство како најголема опозициона парламентарна група во Собранието на Република Македонија е што ќе го ослободиме изборот на претседателот од политичко етничките пазарања. Кога велам, етнички не мислам на народи, малцинства, нации, туку мислам на пазарењето меѓу политичките и етничките елити кои имаат потреба или се во договор да изберат определен кандидат за претседател на изборите.

И тоа обично се случува, и такво искуство имаме, но не сакам сега да навлегувам кој прв почнал заради тоа што тоа е губење на време и на енергија, која ни е потребна за други многу поважни работи, па затоа велам дека е добро што овде сакаме, имено, тој маѓепсан круг да го прекинеме, а се работи за следново: Политичката комбинација на валст има најмногу со што да се пазари и со етничките елити, значи претставниците избрани на тие заедници било во вид на партиски раководства или на партнери во власта, го прави договорот, нагодбата и како што гледате, не ни се има случено да избереме претседател од опозицијата, односно од политичката групација која за време на претседателските избори не е на власт.

Значи овде не се работи само за елиминиација на една заедница и нејзиното влијание во изборот на претседателот, туку се работи за елиминација на манипулацијата со гласовите на заедниците и на Македонскиот народ во изборот на претседателот и затоа е добро тоа да го тргнеме. На тој начин, ќе обезбедиме и простор граѓаните ослободени, а знаеме како изгледа манипулацијата кај нас и далеку сме од тоа да бидеме онолку зрели за да ја елиминираме сосема, таа оди од притисок до полнење на кутии. Ова не го измислува Слободан Чашуле пратеник од Охрид, Битола, Кичево, Струга овде на говорницава од коњуктурни причини, тоа го говорат фактите и ако некој од вас има трпение како што имав јас да погледне деновиве за време на празникот кои се приговорите и забелешките од првите до овие последниве избори, ќе видите дека повеќе или помалку се концентрираат на два сегмента од изборите кои ги спомнав јас сега: притисок и манипулација, порано со покани, со гласачки ливчиња, со кутии и т.н. Значи тука се концентрира злоупотребата на гласот на граѓаните и тоа е она што сега ќе го елиминираме исто така со овој уставен амандман.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски).

Граѓаните ќе можат многу порелаксирано, нормално, партиите ќе си ја вршат својата работа во пропагандата, во убедувањето, во барањето разни изрази на својата политичка понуда, врз основа на која ќе изнудат, по демократски пат и начин, гласови за дадениот претседателски

кандидат. И ќе се случи веројатно, во такви услови, еднаш и опозицијата да победи, односно да победи политичката групација која нема да биде во композицијата на владеачката гарнитура и дури тогаш ќе можеме да кажеме дека сме добиле претседател кој има изворна позиција на кохабитација, а не како нашите досегашни ситуации, да имаме заради таа политичко-етничка, повторно велам, комбинација на елитите, ни се случува многу често да имаме кохабитација на претседателот со политичката групација која го избрала. Таквата кохабитација не ја гледам многу здрава, бидејќи е подложна на манипулација, а кохабитацијата меѓу позицијата и опозицијата ја сметам за многу продуктивна, бидејќи од нејзината дијалектика произлегува нешто што е темелно во парламентарните демократии, а тоа е контролата, рамнотежата и баждарењето на интересите што се застапени, но најмногу од се на функциите на власта, на трите функции на власта, извршната, законодавната и судската.

Затоа, нашата пратеничка група е подготвена, под услов да утврдиме ценрус кој ни е познат и кој во праксата функционирал 30% во пресудната, темелната, клучната фаза да го прифати овој амандман. Најголемата политичка причина поради која тоа ќе го сториме е преку градењето на ваков граѓански легитимитет на претседателот, бидејки ако ја отстраниме политичко-етничката манипулација, ако го отстраниме пазарењето, тогаш навистина претседателот ќе биде претседател на сите, а не за едните граѓанин, а за другите претседател, за третите заложник заради тоа што ветил нешто што подоцнежниот распоред на силите, а во својата природа е политичко етничко - повторно велам, постојано зборувам за интереси на елити, а не за интереси на наороди оти го немам авторитетот ниту знаењето да можам да говорам од името на мојот народ, а камоли да говорам против некој друг народ. Но овде како политичар улогата си ја чувствувам да укажувам на тоа што ние политичарите и политичките елити на обата народа, во случајот албанскиот и македонскиот, и на сите други застапени во овој Парламент го прават. Ќе добие тој таков претседател вистински легитимитет, ќе биде претседател на граѓаните. А што значи тоа? Тоа значи дека сме како зрели законодавци, како државници сите ние 120 овде, дотерувајки го овој амандман на тој начин, сме го дочувале концептот за Република Македонија како држава, во која суверенитетот им припаѓа на граѓаните, значи трите функции на власта еманираат од неговото величество граѓанинот, суверенот на Република Македонија. Ако тргнеме по патеките на нагодбите, а тие треба веќе да бидат и причинско последично елиминирани со исцрпувањето на Рамковниот договор и неговата целосна импелментација, значи ако тргнеме по тие странпатици, ние ќе ја претвориме Република Македонија во држава каде што суверенитетот се темели на заедници, трите функции на власта еманираат од заедниците. Главната одредница на Рамковниот договр е ова да не биде така, значи Република Македонија да биде држава на нејзините граѓани, без оглед како што вели Уставот на вера, политичко убедување, национална припадност. Значи да бидат граѓани, а дури потоа, во рамките на заедниците што ги формираат, врз основа на механизам на политички договори и компромиси, тие свои интереси, а особено сопствената еманципација и афирмација да ги остваруваат, но не во држава на заедниците, туку во држава на граѓаните.

Оттаму, кога на времето ценетиот колега од ДУИ го спомна прашањето на потпретседател, јас бев еден од ретките што рече дека, кога веќе разговараме за начинот на кој избираме претседател и кога веќе на маса како на одговрони политичари ни се става предлог, не треба да бидеме сосема глуви и што е најважно, не треба да не седнеме и да го погледнеме од сите аспекти овој предлог. И уште сега, пред да ни израсне во лавина од притисоци и дополнителни елементи на политичкото договарање, кое за мене е завршено, меѓу заедниците, македонскиот народ и заедниците кои се со него во се рамноправни во оваа држава, да елиминираме една работа, која гледам дека е колегите од ДУИ ја елиминираат во своите искази, барем во оваа фаза, а тоа е дека во Република Македонија бидејќи има претседател избран на непосредни избори, треба да има и потпретседател, но повторувам овде јавно, бидејќи тогаш бевме само на Комисија, ова е сега телото каде со гласање решаваме, јас сум против тоа тој да биде копретседател, заради тоа што тогаш навистина, обезбедувајќи им на двајцата легитимитет со спуштање на цензусот во вториот круг, тој да биде виситнски граѓански, а не последица на политичко етнички договор, ние создадовме во една од функциите на извршната власт, претставник на една етничка заедница и претставник на - и сега не знам што: на сите граѓани, на другите етнички заедници, на македонскиот народ - една доста недефинирана ситуација за која треба да се размислува, за да ги согледаат пред се предлагачите нејзините дефекти, а ние од наша страна да укажеме на просторот каде што немањето јасен концепт, немањето јасни одговори, немањето јасна политичка енергија како тоа да се менаџира, може да не доведе во ситуација на загрозени, да не речам крирични односи кои повторно ќе мора да ги менаџираме на ваков или онаков начин, а доста е веќе со менаџирање на проблеми што сами си ги создаваме, особено меѓу нашите заедници, а особено меѓу Заедницата на албанците и Македонскиот народ и понатаму да трошиме енергија и време на сето тоа.

Значи, ако размислуваме за таа тема, добро е да размислуваме за потпретседател, но не за копретседател и тоа јавно го кажувам овде. Претседател и потпретседател на листа на една партија, како што е во цел свет, ќе бидеме зрела држава кога ќе се најде маж албанец да прифати

да биде потпретседател со маж македонец, србин, турчин, ром, на една кандидатска листа, подржан од една партија, подржан од коалиции и кога ќе се најдат доволно жени и мажи - јас се извинувам што преесека не реков и за понежниот пол кој извонредно многу го ценам, една жена и еден маж да се најдат во улога на албанец и македонец претседател и потретседател и кога тие ќе победат, тогаш можеби сонот на нашиот спикер ќе се оствари. Но јас мислам дека во овој момент нашето јаве е многу далеку од една таква ситуација, но добро е да разговараме, а не е добро преку колено, набрзина, без докрај размислени решенија, без докрај сватено што значи груботo без размисла отфрлање на кој и да е предлог што доаѓа во ова Собрание, бидејки треба да посмислиме и на тоа што ќе се случи пота, во кој правец ќе се развиваат нашите општествени односи. Република Македонија е држава со претседател, со Парламент, со Влада, со судска власт, со Врховен и Уставен суд, парламентарна деморкатија, суверенитетот им припаѓа на граѓаните, тие треба да го изберат претседателот на начин на кој еве и ние со нашиот амандман кон овој амандман, или Предлогот кон овој амандман, се залагаме и обврска на сите нас е, пред се од Рамковниот договор и најмногу на ДУИ, Република Македонија да остане држава на нејзините граѓани, а не држава на нејзините заедници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

За реплика се јави господинот Адеми.

Другите пријавени се за дискусија?

Три минути реплика за пратеникот Абдилаќим Адеми.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

Во досегашните дискусии од неколку пратеници од парламентарната група на ВМРО-Народна партија ние како партија или парламентарна група бевме критикувани дека случајно нашите ставови излегоа речиси исти или идентични со ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, но денес гледаме јасно, изгледа дека партијата ВМРО-Народна или парламентарната група на оваа партија овие одмори ги поминанекаде под сенка и "чудно", нивниот став за четири дена се менува радикално. (Велам чудно во наводници).

Денес овде пред нас излезе подршката, јавната подршка на ВМРО-Народна партија дека ќе го подржат овој амандман под услов цензусот да биде една третина или околу 30% излезеност.

Овде сакам да нагласам дека и овој цензус од 30% излезеност за избор на претседател на државата во втората рунда е неприфатлив и поради самиот факт, како што сме рекле неколку пати, треба да ужива легитимитет и да ги застапува сите граѓани и внатре и надвор од државата. Мислам дека повторно и со 30% цензус еден голем дел од граѓаните на Република Македонија се изземаат од можноста или повоторно нема да излезат на избори за да го изберат претседателот на државата, што значи ќе се повторат случаите на минатите избори за претседател и т.н. Донесувањето на одлуки со надгласување или само од една етничка заедница за судбината на сите други етнички заедници не е добро искуство за Република Македонија. Затоа, намалувањето на цензусот на 30% или да нема воопшто цензус не е добро за самата институција претседател на држава.

Значи уште еднаш ќе повторам дека Илинден добро им причинил на пратениците од ВМРО-Народна партија и сигурно...

**Слободан Најдовски:** Имате реплика, за Илинден не дискутираше ништо господинот Чашуле.

**Абдилаќим Адеми:** Јас говорам господине потпретседател за ставот на парламентарната група на ВМРО-Народна партија и сакам да дадам реплика на претходниот говорник. Не знам зошто вие сте засегнати со мојот говор. Сигурно дека во изминатите четири дена поминати под сенка има и една лажица мед, а се подразбира во политиката што значи тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Јас морам да реагирам во делот каде што вие не реплицирате на дискусијата.

Една минута контра реплика за господинот Чашуле, повелете.

**Слободан Чашуле:** Добро е, зрееме политички, добро е што сте се договориле со ВМРО-ДПМНЕ и се радувам, што значи дека е можен политички договор. Јас не гледам само зошто не сакате да направиме политички договор околу ова извонредно важно прашање, а пред се во ваш интерес е.

Но да ви кажам една работа господине и ценет пратенику. Кој седел под сенка, кому му зоврел умот на сонце не знам, ама јас знам кога претседателката на ВМРО-Народна партија појде на втората рунда на политичкиот дијалог со претседателот на СДСМ, кој е воедно и премиер, таа отиде со наш предлог за цензус од 30% за овој амандман, за да во третата фаза ние го подржиме. За да биде сосема јасно, сега ќе гласа секој од нашите пратеници како ќе реши, а во третата фаза ако влезе цензусот од 30% ќе го подржиме тој амандман. Ако можете вие да се договарате, можеме и ние да се договараме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Господинот Жарко Караџоски процедурално, повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Потпретседателе, јас само сакам да кажам за да биде појасно, кога се соопштуваат ставови на политички партии или пратенички групи, тоа обично го прави

координаторот или заменик координаторот, така што не е во ред некој со реплики да провоцира некого. Ние сме го кажале сопствениот став и на крајот на краиштата, кога ќе дојде чинот на гласање, ќе се види кој е ставот на ВМРО-Народна партија, што не значи дека секој пратеник не може да размислува и предлага и она што го предлагаме како партија, дали ќе биде прифатено или не, ќе видиме во третата фаза. Во овој момент официјален став секогаш, кога некој сака да зборува за ВМРО-Народна партија или да реплицира дали за Илинден го сменила или не ставот, се слуша и може да реплицира само на координаторот и на заменикот.

**Слободан Најдовски:** Во ред господине Караџоски, на тоа укажав.

Има збор пратеникот Голомеов Благој.

Господине Манев, јас прашав кој е за реплика и освен господинот Адеми што се пријави, вие не се пријавивте за реплика. Господинот Манев не се пријави и господинот Манев ќе има дискусија.

Продолжуваме, има збор пратеникот Благој Голомеов, повелете.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседателе.

Госпоѓо министерке, колеги пратеници, чувствувам потреба да го искажам својот став, своето мислење околу овој би рекол многу суштински, битен амандман, иако кога ќе се погледнат сите овие 14 амандмани кои се на дневен ред, овој амандман нема ништо заедничко со останатите амандмани на Уставот кои се однесуваат на реформтие во правосудниот систем. Меѓутоа, еднаш треба и ние да бидеме практични и укажувањата пред се на ОБСЕ и ОДХР, кои одат во правец на потребата од менување на нашето законодавство и негово прилагодување од аспект да се избегнат сите оние нерпавилности кои ни ес појавија на последните локални избори и кои претставуваат еден од предусловите за нашето актуелно аплицирање во Европската унија или на нашиот пат кон Европската унија, овој амандман да го подржиме, бидејки стрикно задира во тоа изборно законодавство, во Уставот, во изборот на претседателот на Република Македонија.

На почетокот морам да кажам дека амандманот ќе го подржам и апелирам да се подржи бидејќи, ако се отргнеме од теснопартиските погледи и инитереси, укажувањето на ОБСЕ и ОДХР дека имаме проблем со цензусот во вториот изборен круг за функцијата претседател е реално и сосема логично од повеќе аспекти.

Многу причини беа овде искажани и јас некои од нив ќе повторам, некои ќе додадам, меѓутоа факт е едно дека голем процент од електоратот во Република Македонија не е присутен во земјата. Од друга страна во првиот круг кога се избира претседател учествуваат сите политички субјекти и сигурно дека мотивацијата на електоратот да излезе на избори, на гласање е максимална. Во вториот круг веќе имаме само двајца кандидати, кои се врзуваат за две коалиции или за два политички субјекти, односно на сцена останууваат определен број на политички субјекти. Едноставно, кај другите мотивацијата да го мотивираат свето членство, своите симпатизери активно да пратиципираат во изборите, се губи. Од друга страна се создаваат предуслови за одредени политички уцени, кои не се добри и кои го оптоваруваат во подоцнежните фази извршувањето на претседателската функција и мислам дека тоа треба да се избегне.

Уште еден аргумент кој се појави на последните претседателски избори, кога еден од политичките субјекти кој активно учествува во вториот изборен круг ќе почувствува дека едноставно ги губи изборите, почнува да води анти кампања и да игра на неостварување на цензусот како можност да се избегне политичкиот пораз. И, тоа треба да го избегнеме, бидејќи сепак изборите се голем трошок за Република Македонија, имајќи ги предвид нашите економски можности и да создаде предуслови изборите да завршуваат на време и успешно. Едноставно треба да му дадеме поддршка на овој амандман. Е, сега, како во крајната фаза тој ќе изгледа, морам да кажам дека и јас лично не сум сигурен во своите ставови, бидејќи има аргументи и за и против, но факт е дека цензусот е висок 50%. Меѓутоа, дали да се елиминира комплетно цензусот што се напаѓа со одредена, дали претседателот во такви услови ќе има легитимитет и тн. или што за мене е можеби поблиску да се најде еден оптимален цензус. На пример, ова што веќе беќе истакнато околу 30%, кој кореспондира и со она што претставува изборна регулатива за локални избори за градоначалници, ем ќе бидеме конзистентни во изборната регулатива, ем сметам дека еден таков цензус е оптимален, лесно може да се оствари, а од друга страна да му даде комплетен легитимитет, да и даде на функцијата претседател на Република Македонија. Битно е овој амандман ваков каков што е сега да се поддржи и во наредните 60 дена во една расправа јавна, да се консултираат сите релеватни мислења, посебно луѓето од стручната сфера и мислам дека ќе можеме заедно да изградиме оптимален став кон ова прашање. Инаку, морам да кажам со појавувањето на овој аманмдан кој не беше предмет на дискусија од почетокот, набрзина се појавија и неколку други предлози, од кои се искристализираа два кои едноставно јас чувствувам потреба да ги прокоментирам. Едниот е предлогот претседателот да не се избира на непосредни избори, туку да се избира во рамките на Парламентот, со одредено квалификувано мнозинство. Против сум ваков став, против сум вакво решение од проста причина што ние сме навистина парламентарна демократија, меѓутоа имаме кај функцијата претседател изразени ингеренции, посебно во сферата на одбраната, во сферата на надворешната политика. Така што,

мислам дека една таква значајна функција ќе се дерогира ако се избира во рамките на Парламентот, затоа што решението на непосредни избори се доаѓа до функцијата претседател, за мене е многу поприфатливо.

Од друга страна пак, морам да кажам дека не гледам толкав обем на надлежности во функцијата претседател, тој да има и заменичка функција, односно потпретседател. Сметам дека функцијата претседател и потпретседател се карактеристични за претседателски системи. Ние никако не можеме да се сврстиме во таков систем и затоа мислам дека и оваа ваква идеја, вакво решение за мене лично не е прифатливо.

Се на се, имајќи предвид сето искажано во претходните дискуси, сметам дека треба да му се даде зелено светло на овој амандман да го види судот на јавноста, да се овозможи стручната јавност и сите други релевантни фактори да се искажат по него и едноставно да најдеме едно оптимално решение кога е во прашање изборот на функцијата претседател, посебно во вториот круг. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор пратеникот Шаќири Хисни.

Повелете господине Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

На дневен ред ни се Предлог-амандманите кои се во однос на уставните измени и кои што се надоврзуваат на судската власт и амандманот 22 кој што е во однос на изборот на претседател на државата. Што се однесува до измените кои што се во однос на судската власт, мислам дека е сосема јасно дека тука нема што многу да филозофираме и да расправаме, со исклучок на тоа што е и сугестија на Европската унија, ние во ова рамниште треба да имаме реформи. Тоа е така, затоа што судската власт е власт која што сме ја наследиле од поранешниот систем и таму реформите биле многу малку присутни. Неопходно е реформите да бидат односно измените да бидат и во Уставот за да се создаде простор за движење во насока на процесите кои што се во однос на општиот интерес на Република Македонија што се однесува на интегрирачките процеси во Европската унија и во другите атлански структури.

Почитувани пратеници, длабоко сум убеден дека овие измени кои што се предвидуваат во судската власт односно во Уставот за да постигнеме да немаме пречки што се однесува на реформите, мислам дека во оваа насока не треба многу да има расправи и дискусии, затоа што тие се задолжителни. Меѓутоа, имам неколку забелешки во некои од амандманите кои што ги предлага Владата, имајќи ги предвид условите и околностите кои што ги имаме ние во Македонија. Јас токму го имам предвид тоа веќе кога сме кај судската власт и имам забелешки на амандманот 29, каде што се предвидува...

**Слободан Најдовски:** Се извинвуам, сега е расправата на амандманот 22. Тоа е аманмданот за намалување на цензусот за избор на претседател на државата. Ние се договоривме и така е според Деловникот, водиме расправа поединечно за секој амандман и го гласаме секој амандман одвоено. Кога ќе дојдат амандманите кои што се за Судскиот совет, за судската власт тогаш ќе водиме расправа по тие амандмани. Сега е исклучиво амандманот за намалување на цензусот на избор за претседател на државата. Затоа, би ве замолил да дискутирате само по тој амандман. Тоа е согласно член 204 од Деловникот за работа на Собранието.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам на сугестијата. Во ред, имав намера и тоа да го направам и мој интерес беше токму повеќе да се задржам на амандман 22 со самиот факт што и на тој амандман имаме свои забелешки кои што ги проследивме и во ЗПК. Имајќи предвид дека Македонија е мултиетничка држава, Македонија како држава рамноправна за сите граѓани и имаме предвид и самата институција претседател на држава. Целата моја намера на моето излегување е фокусирано токму на овој амандман, амандманот 22. Добро што ме потсетивте, затоа што јас уште еднаш да кажам гледам дека има поголем интерес да се дискутира од повеќе пратеници за овој амандман и има забелешки во таа насока. Со овој амандман со кој што се предвидува претседателот на државата да се избере во вториот круг да оди со едно мнозинство кое што не е условено со тоа мнозинство 50% плус еден глас на целото гласачко тело, но без оглед колку ќе излезат во вториот круг, претседателот да се избере, што може да се случи некој парадокс или да кажам во моментот и некоја реалност со која што не се исклучува да може да оди еден претседател на држава со 10 иљади гласа. На пример, да се избере претседател со 10 иљади гласа, затоа што оваа регулатива, овој амандман вака како што е претставен и напишан тука, мислам дека во вториот круг му овозможува на претседателот да победи со 10 иљади гласови. Можеби ова нема да се случи, меѓутоа сепак не се исклучува можноста да дојдеме до тоа ниво, бидејќи измените во Уставот според амандманот 22 тоа го овозможуваат, ја овозможуваат оваа форма на избор на претседател. До сега сме имале ставови 5 и 6 со членот 81 ставот 5 се предвидуваше во првиот круг да може да се избере претседател само доколку на изборите во првиот круг добие мнозинство гласови од целото гласачко тело. Ја имаме предвид, на пример Македонија со еден милион и 700 иљади гласачи, што значи 850 иљади гласови доколку добие кандидатот во првиот круг, тој што ќе добие толку гласа тој може да биде избран како претседател во првиот круг. Додека во вториот круг ставот 6 предвидува излегување од 50% плус еден, што значи 850

илјади гласови, на пример, и тој што ќе добие повеќе гласови, тој ќе оди во вториот круг. Меѓутоа, тоа мнозинство не семее да биде помало од 50% плус еден од оние кои што излегле да го гласаат. Потполно ќе се согласев и ова треба да го разгледаме како решение, на пример, вториот избор според ставот 6 да биде и за првиот круг, за вториот круг други измени да не се прават како што предвидува амандманот 22, во вториот круг да оди претседателот и со она мнозинство кое што го добива, без оглед, без условување, без да се има како услов тоа 50% плус еден и доколку одиме на ова решение мислам дека институцијата претседател на држава ја девалвираме. Тоа е многу значајна институција во оваа мултиетничка држава и ние треба да направиме се што е можно за да ги мотивираме гласачите да имаат интерес да учествуваат со оној процент кој што до сега бил регулиран со членот 81. До колку го намалиме и го прифатиме ова решение што се предвидува во амандманот 22 мислам дека тогаш во Македонија, претседателот на државата нема да го има тој авторитет кој што го има денес. Ова треба да го имате предвид. Затоа што, тогаш самата форма на избор на претседател ќе биде толку неинтересна што можеби, ќе ви го кажам и тоа што го реков малку порано, колку ќе учествуваат гласачи на гласање. Сега, да не направиме како во системот на мнозинство на избор кога имавме пратеници. Имаше пратеници кои се бираа со 18 илјади гласави имше пратеници што одеа со 1400 гласови. Тоа беше многу голема разлика која не може на ниеден начин со ниту една законска регулатива да се оправда. Тие исклучоци не треба да се направат и треба да имаме предвид и во овој случај дека треба да имаме многу посериозен и поправилен пристап. Претседателот на државата е еден. Кај пратениците можело и да се случи тоа што се случило, меѓутоа, кај претседателот на државата не треба да го дозволиме тоа. Јас не знам дали Владата има причина и понатаму да стои на ова решение на избор на претседател на овој начин. Уште еднаш ќе кажам, не сакам да ви одземам време, нема потреба да се филозофира, не треба ова да го земаме како тенденција и да го гледаме ова врз партиски основи. Претседателот на државата е за сите граѓани на државата. Претседател на државата е една институција која е многу значајна во Република Македонија. Но, во определени моменти, во многу клучни случаи, а и искуството тоа го покажало дека претседателот играл многу значајна улога во државата и понтаму треба да ја игра истата значајна улога и понатаму треба да го ужива авторитетот на сите граѓани. Затоа, Владата ќе беше добро уште еднаш да го разгледа амандманот 22 и мислам дека треба да остане старата регулатива која што е предвидена со членот 81 во Уставот, затоа што сум длабоко убеден дека доколку треба да има договор меѓу партнерите во коалицијата, јас барам во оваа насока не само партиите на власт, кои ја составуваат власта, туку и опозицијата треба да се почитува, бидејќи се говори за едно многу значајно прашање. Во оваа насока мислам дека би требало да се прифатат нашите забелешки и сугестии, како забелешки кои што се во функција на едно поодржливо решение, поправилно решение. Верувам дека нема да ни се случи да ни се повтори, бидејќи и до сега не се повторило случај да ни се блокира изборниот процес за претседател на држава, поради неизлегување на граѓаните. Беше проблематично, се дискутираше дека можеби нема да има интерес, меѓутоа, тоа не ни се случило и верувам дека во иднина нема да ни се случи.

Затоа, добро е да ги мотивираме сите да учествуваат, без оглед на нивната национална припадност, верска припадност, сите да се мобилизираат и претседателот во Република Македонија да го изберат со заеднички сили во интерес на сите граѓани, затоа што тој претседател ќе биде почитуван од сите граѓани. Секоја друга форма е бледа форма, секоја друга форма ја девалвира институцијата претседател.

Јас сум за уште една варијанта, која што ја има предложено господинот Андов и која што воопшто не беше разгледана од страна на Уставната комисија, да се избере претседател со гласовите на пратениците. ДУИ има предложено потпретседател, меѓутоа, треба да се изнајде формата. Сега, јас не знам, ние нешто разговараме, меѓутоа не знаеме која е формата на решението. Тоа што го предлага господинот Андов, доколку претседателот се избере со гласовите на пратениците, има можност да се избере и потпретседател на истиот начин. Тоа не би требало да биде пречка, меѓутоа јас мислам дека иницијативата, предлогот како што излегол од ДУИ изгледа не е добро анализирано за тоа како треба односно кој треба да биде механизмот на избор на потпретседател. Или само бараме потпретседател и излегуваме со едно барање без да имаме некој конкретен предлог за тоа како треба да се избере. Сега, ние сме имале во првиот мандат и место позиција потпретседател кога се избираше господинот Киро Глигоров во првиот мандат како претседател на држава согласно гласовите на пратениците. По некое време потпретседател се избра од опозиција, од ВМРО-ДПМНЕ, господинот Љубчо Георгиевски. Мислам дека тогаш тој механизам беше одржлив и имавме можност да ја реализираме таа можност. Меѓутоа, не само да се има потпретседател повторно функцијата потпретседател треба да се дефинира со Уставот. Се што треба да не го правиме само како барање, бидејќи девалвираме многу други барања кои што се во интерес на граѓаните, имајќи предвид, еве да одиме напред и да бидеме нешто поприсутни во медиумите. Треба да се направи разговор или консултација внатре во политичките партии кои го сочинуваат мнозинството, затоа што се работи за измени во рамките на Уставот и кои што директно се надоврзуваат со институцијата претседател, а

во рамките на таа институција треба да се изнајде и решението.

Меѓутоа, тоа решение би сакал да не биде само, еве секогаш бараме второ место, имам таков впечаток дека ние, доколку во Македонија сите граѓани се рамноправни, доколку во Македонија Уставот овозможува да учествуваме на изборни натпревари и претседателски избори, тогаш, зошто да не одиме на тоа на пример, иако е тоа хипотетично размислување , многу големо ограничување да се размислува на пример да имаш потпретседател, а да не стигнеш до другата , повисока функција . Или ова прашање кога веќе се иницира да се регулира врз основа на членот 81, кој што член го регулира ова прашање.

Сега, сосема на крај се надоврзувам со измената на овој амандман 22. Би барал од Владата да го разгледа истиот и да има предвид, бидејќи мислам дека во овој случај е добро да се размислува и да не ја земе за основа оваа уставна регулатива што се однесува за избор на претседател на држава, затоа што ова го кажувам и повторно ќе го повторам е во интерес на граѓаните и во интерес на самата институција претседател на држава и мислам сосема е оправдано претседателот на државата да биде најпочитуваното лице, најпочитуванта институција во државата. Македонија е парламентарна држава, сепак имам предвид дека претседателот со гласање на сите граѓани ја има својата тежина и значење. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаќири.

За реплика се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарма господине потпретседател, навистина, почитуваниот колега Хисни Шаќири обвиненијата кои ги насочи во насока на ДУИ не држат. Не држат поради тоа дека предлогот на ДУИ излезе на последното место, односно излезе на Комисијата за полиитички систем и односи меѓу заедниците, а не излезе ,односно не се поднесе на некој партиски митинг, за да правиме партиска пропаганда или некоја изборна кампања на нашата партија итн. Што значи дека од страна на Владата се предложени уставни измени. Ние бараме со Устав да се уреди и функција потпретседател во Република Македонија. За начинот на изборот на оваа функција како ќе се уреди ова е отворено прашање кое треба да се расправа во иднина господине Хисни. Во иднина, нам ни е јасно како ДУИ зошто е поднесен овој предлог за избор на претседател, токму во втората рунда зошто се бара намалување на цензусот итн. Верувам дека и вие и вашиот политички субјект ќе не разбере правилно дека наша цел е токму тоа што го кажавте и вие што повеќе граѓани да излезат и да гласаат за претседател на држава и во иднина, навистина, претседателот да биде почитувана личност од сите граѓани на Република Македонија. Би било добро и вие како политички субјект да видите некоја варијанта која во оваа насока ќе ни помогне , а зошто не, и ние ќе ве подржевме во тој случај. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика господинот Хисни Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Јас кога дискутирам за ова прашање имам предвид многу факти. Партијата на власт , нема потреба да ссе занимава со еден предлог во рамките на една комисија, како што е Уставната комисија. Сите прашања треба да се регулираат со партнерите во коалицијата , додека опозицијата има право на предлагање. Мислам дека во оваа насока , како што гледам многу работи не се јасни и се помешале и не се знае кој е опзиција а кој позиција и кој има право да критикува за оваа работа и кој има право да ја подржува оваа работа. Мислам дека треба да имаме јасни ставови, да не го мамиме населението треба да имаме дециден став и секое поместување од ова што го велам е измама кон населението , меѓутоа, би го нарекол и демагогија , затоа што досега граѓаните ова го плаќале многу скапо.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Почитуван потпретседател, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги,

Самиот факт дека е отворена иницијатива за уставни измени е многу нормално дека ќе има и политички и размислувања кои ќе резултираат подобро за уставните измени кои уште повеќе го зајакнуваат политичкиот систем и правниот систем во Република Македонија.

Во овој случај, бидејќи се говори за уставни измени во однос на судството и еден амандман кој во случајов го регулира прашањето, односно сегментот на избор, се извинувам ми се повторува нешто. Значи станува збор за амандманот 22 каде еден сегмент го уредува изборот на претседател, односно начинот на изборот на кандидатот за претседател и се предлага да се избере со мнозинство на тие кои излегуваат на избори. Значи, се намалува, односно се интервенира во цензусот на начин на избор на претседател на држава. Но се разбира од поранешната иницијатива, кога ние се определивме да имаме уставни измени, значи во областа на судството, односно во правосудниот систем, сега ни излегува една состојба, или еден амандман кој во овој случај ни ја дава можноста нас пратениците на разен облик , или како политички партии да бидеме малку поинвентивни и покреативни во оваа насока, бидејќи самиот амандман предложен од страна на Владата, односно од Министерството за правда ова ни го овозможува. И во моментот, произлегува и предлогот во овој предлог да има и потпретседател на државата. Се е во ред. Овој е еден предлог со кој се размислува позитивно и

доколку се размислува дека претседател и потпретседателот на државата ќе играат една улога и ќе ги следат кохезивните импулси во оваа држава, тогаш, оваа работа е добра и добродојдена. И нема зошто да се спротивставуваме, односно, ова овозможува Албанците во овој случај да се ослободат од комплексот на нерамноправни, односно Албанците изгледа дефинитивно сакаат да докажат дека сакаат одговорност со нашите права кои ги уживаме во оваа држава и кои треба да ги уживаме. Но секогаш, дилемите продолжуваат и овде продолжува и нашата креативност во нашите предлози. Би било добро да се разамисли и за еден претседателски систем каде претседателот и потпретседателот ќе имаат ингеренции и надлежности ќе биеа на едно ниво на едно политичко уредување , кое ќе има претседателски карактер. Но доколку се избере претседател вака како што се избира , или се избере во Парламентот заедно со потпретседателот, има свои позитивни ефекти во тоа што го реков малку претходно. Но тогаш во Парламентот треба малку да се определиме дефинитивно да го зајакниме парламентаризмот или да го зајакнеме парламентарниот систем и претседателот да биде една личност која повеќе ќе има улога како претседателот што е во Германија или во некои други држави, но и тогаш доколку има потпретседател не е лошо, а е добро , тоа е како прифатлива варијанта за ПДП ние во нашите барања во оваа насока, или во овој сегмент со претседателот на Владата на ниво прв раководител на нашата партија и ние и понатаму ја даваме можноста Владата да размислува и да ни даде можност во овие уставни измени , односно во овој сегмент да се оди малку подалеку. На пример, ние имаме во нашиот предлог, тој ќе дојде во другата фаза сигурно, Владата да размислува и за начинот на избор за трите клучни функции на државата, односно претседателот на Парламентот со Бадинтерово мнозинство. Нема ништо лошо во ова, бидејќи реков малку претходно сакаме , односно аспририраме за права , но сакаме и одговорности. И доколку вака ги гледаме работите, тогаш во овој амандман кој ни е предложен би било добро Владата понатаму во разговорите кои ќе следат, односно во расправата која ќе следи, јавната расправа со експерти да ги увиди сите можности за да се зајакне тој елемент, кохензивниот елемент значи на еден начин да се ослободиме од комплексот на нерамноправност, се повеќе да ссе ослободиме од инфериорноста и се повеќе да бидеме спремни да се стекнеме со одговорности и малку повисоки функции. Ова е наша интенција, ова е нашиот ангажман како претставници на ПДП значи да помогнеме во оваа насока во овој сегмент, да го зајакнеме овој сегмент, со тоа што или потпретседателот, или уште подобро би било со Бадинтеровото мнозинство да се избере претседателот на Парламентот и во другиот амандман, знаете дека ќе го поставиме и прашањето на изборот од трите први функции и во судството. На пример, зошто априори, се оди да биде заменик секогаш по функција Албанец. Доколку претендираме и со тоа што слушнавме од дискусијата на господинот Петковски и други пратеници, зошто алудираме, ангажирањето да одиме дали априори треба да се определиме Албанецот е подготвен само за некој потпретседател на некој орган . Затоа треба да бидат сите форми каде се дава можноста, уставната можност и законска да се стекнат и повисоки функции кои ја зголемуваат одговорноста и обврските и на тие кои не се Македонци за да раководат во однос на повисоките функции. Значи, овие се наши претензии и овие се барања кои и ги сугерираме на Владата да размислува во оваа насока. Благодарам.

(со седницата продолжува да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рамадани. Господа, веќе цел ден и половина дискутираме по овој амандман. Сите пратенички групи го кажаа својот став. Преку еден или двајца пратеници. Еве и политичка партија која што нема пратеничка група преку Исмет Рамадани го кажа савојот став.

Јас би ве замолил да пристапиме кон гласање, да се откажеме од расправата. Разговарав со одредени координатори и стојат на својот став, министерот сакаат да има еден завршен збор. Ако се согласувате така да постапиме. Не се согласувате. Бидејќи во принцип се повторуваме. Со гласањето ќе го кажете својот став. Јас прашувам дали се согласуваме, затоа што не чекаат уште 13 уставни амандмани. Ако не се согласуваме господа, тоа е ваша одлука, јас ја почитувам. Нема согласност.

Повелете господине Манев имате збор и да знаете ќе работиме додека не ги завршиме сите уставни амандмани, па нека биде тоа и 15 август.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседдателе, ќе бидам прилично краток, бидејќи јас еднаш дискутирав по овој амандман. Сакав да реплицирам, така и дојде, со потпретседателот не се разбравме, па по тоа би сакал да укажам уште еднаш на предлагачот, на Владата по однос на дадениот цензус, кој што го спуштаме под 50%, без истиот да биде ограничен. Сметам дека е една многу лоша варијанта за измени на Уставот по однос на избор на претседател. Ги сослушав повеќето пратеници кои што прифаќаат да биде спуштен цензусот, со едни образложенија дека нема да има уценување, нема да има купување на гласови, нема да има молење кај одредени заедници во Република Македонија. Јас го сметам обратното. Не можам на тоа да поверувам никако, ако тоа го веруваат моите колеги пратеници, незнам што е тоа што ги убедува нив. Ако бидеме ние двајца кандидати во вториот круг, што е неминовност двајца, што е тоа ако биде спуштен

цензусот, бидејќи овие кандидати нема да одат да боараат било какво договарање со било која заедница , помалите политички партии, па дури да не се оди да се понат и кутии. Што е тоа што нив ќе ги разубедува во тој дел. Тој ќе легне, бидејќи јас имам помалку од 50% и ќе бидам избран, не ми треба никој. Сметам дека такво нешто нема да му се случи. Може треба нешто друго. Да се размислува како да се спречи тоа. Токму од тоа што го зборував, дали има начин и тоа во законот иако сакаме тоа ќе успееме. Инаку на овој начин нема да успееме. Сепак, јас би кажал уште еднаш дека избран претседател на Република Македонија со цензус под 50% сметам дека нема да го има легитимитетот таков,каков што го имал досега претседателот и би требало ние да одиме неговите функции и ингеренции да ги намалиме. Инаку, до вчера бил таков претседател со тие функции кои што неспорно од повеќе политички партии и дискутанти дека сепак има големи политички овластувања претседателот. И сега еден претседател може да биде избран со 10%. Нема да излезат гласачи, ќе излезат 10-15% од избирачкото тело , за едниот гласале 8 , за другиот гласале 10% и со 10%, со 150 илјади гласачи, рамно на еден градоначалник. Да земеме ние во Куманово имаме 100 илјади гласачи. можат да изберат претседател.

Сметам дека ова прашање е исфорсирано и треба да остане, предлагачот да го повлече и да се расправа малку подолго за функцијата претседател. Не треба токму сега да влезе во овие измени и дека некој зборува дека правиме почести измени на Уставот. Ако ги правиме денеска или ќе ги правиме задутре, или после една година за претседател, тоа е исто. Значи таму следува нешто, но треба малку да е пообмислено. Затоа не се согласувам со тие дискутанти што сметаат дека ќе престане можноста за купување и понење на кутии токму на овој начин, тоа е смао лажење пред граѓаните. Неможеме да го решиме прашањето вака како што треба, А од друга страна со истите измени кои ќе ги правиме сега, сега правиме посилен претседател.

Претседателот предлагаше членови во Судскиот совет. Сега ги бира, ги именува. Значи има посилна власт и сега со посилна власт намалување на цензусот за избор со помал број на граѓани. Сметам дека тука нешто не е во ред и ќе треба малку повеќе да размисли предлагачот, па дури и да се откаже од овој амандман. Има време до избори на претседател и те како да размислиме и да напрвиме добри измени во Уставот, каков претседател ќе сакаме, дали како сегашниот, дали поинаков. Има други размислување претседателот да го бира Собранието што е појако, бидејќи вака претседателот се бира со дветретини а ова е многу слаб претседател.

**Љупчо Јордановски: Б**лагодарам господине Манев.

Повелете господине Чашуле имате три минути реплика.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседателе,

Јас господинот Манев го ценам многу и затоа го земам овој дополнителен напор да се потрудам да ги кажамсвоите размислувања околу начинот на кој може да се елиминира политичко етничката нагодба, притисокот, полнењето кутии до вториот круг за избор на претседател.

Точно е дека нема да се отстрани политичката нагодба, било да го бира Парламентот, дотолку повеќе ако го бира со двотретинско мнозинство, или ако остане при овој висок цензус, или ако падне цензусот на 30%. Но, исто така е факт дека просторот за маневрирање и за квалитетна понуда која нема да биде однапред зависна, нагодбата се зголемува. Значи, ќе имаме повеќе простор еден ден да добиеме кандидат чија кандидатура нема да зависи од политичката нагодба, од квалитетот на неговата понуда ќе зависи и излезноста во вториот круг. Дај боже таа да биде поголемо од 50% за да се воспостави неговиот авторитет, бидејќи авторитетот кај личност без авторитет, постигнат со висок цензус, врз основа на политичка нагодба е пострашно отколку да добиеме претседател со личен авторитет, ама со малку понизок цензус. Тенденцијата во сите пост комунистички општества, особено оние на Балканот во кое го вклучувам и нашето, при целосна разградба на авторитетот на политичарите што и ние го делиме заедно со сите, па и со овој и со претходниот и со првиот претседател на Република Македонија, укажуваат на тренд на се помала излезност, без оглед на тоа каков е квалитетот на понудата и какви се кандидатите. Затоа по наше мислење една третина од вкупниот број граѓани излезени на изборите и од тоа мнозинството, би можело да биде оној граничник кој ќе овозможи повеќе простор за договарање со граѓаните, отколку меѓу политичко етничките елити. Ако имаме навистина сјајна понуда, па тој ќе победи во првиот круг.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Манев имате една минута контра реплика.

**Ефтим Манев:** Веројатно мислиме исто, но не се разбираме.

Мислам дека, колку да сака, ако дваица се тркаат, не може цензусот да го избрише, едниот да не бара, било со тоа што го зборува колегата Чашуле, дека нема да има политичко договарање. Ќе има и те како. И нема да има испод 50 %, ако се дваица, ќе има сигурно додека може да се стигне и 60 и 70%. Не е тоа условот што ќе успееме ние кандидатите да ги натерама да не мислам како да ги земат глсовите на некој. Со тоа не се решава.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рустеми имате збор.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитувана госпоѓа министер,

Факт е дека имаме долги дискусии, а посебно што се однесува на амандманот 22, меѓутоа треба да тргнеме од еден факт, додека имаме измени во Уставот, во првата фаза каде не беше предвиден овој амандман, сосема е нормално во втората фаза, кога имаме ваков амандман кој е предложен од Владата, да имаме и подолги расправи и сите ние да ги дадеме нашите мислења, што се однесува на овој амандман што го предлага Владата.

Зошто се јавив за дискусија?

Од тоа што го следев со внимание, сите говорници, што се однесува до овој амандман кој поттикна најголем интерес, имаме подолги расправи и слушнав фрлање на неколку тези, што се однесува до функционирањето на државата и на претседателот на државата. Имавме такви тези кои со кои се каже дека не смее да се менува Уставот секој час, со што јас не се согласувам затоа што ние треба да појдеме од реалноста што постои во Република Македонија. Не сакам да навлегувам многу во историјата. Сите ние сме сведоци дека од осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година па до сега треба да ги имаме предвид сите реалности кои ни се случија во оваа држава, и апсурно е ние да не ги увидиме сите грешки што сме ги направиле во минатото и повторно истите и во иднина и до ден денес да ги повторуваме. Доколку ние ги повториме истите грешки тогаш не правиме ништо и Македонија ја водиме по патот по кој не треба да ја водиме.

Зошто ги правиме уставните измени? Ги правиме заради судските реформи, од потребата што сакаме да направиме подобро судство и тоа што се препораки од Европската Унија. Меѓутоа истовремено, овде треба да го имаме предвид и тоа дека ги имаме ингеренциите на претседателот на државата. Токму во овие измени се предлага намалувањето на цензусот во вториот изборен круг, за претседател на државата.

Мене повеќе ми смета во овие дискусии тоа што повторно се враќаме во минатото, од пред 2001 година, што јас мислам дека треба да го менуваме тој политички менталитет. Со самиот факт што доаѓа предлогот. . .

**Љупчо Јордановски:** За амандманот зборувајте, а не се јавивте да реплицирате. Ве молам, држете се до амандманот и кажете го својот став.

**Ејуп Рустеми:** Почитуан претседателе, јас говорам токму за амандманот. Потполно ве разбирам, меѓутоа, доколку секој се задржеше само за амандманот и не се отргнеше од темата, јас воопшто немаше да се отргнам од темата. Меѓутоа, вистина е дека многу пратеници пред мене, денес и во петокот кога дискутиравме, излегоа сосема од темата. Затоа не го гледам како оправдано ако јас не би се отргнал од темата.

**Љупчо Јордановски:** Знам ама јас апелирам до вас, сепак вие сте малку.. .

**Ејуп Рустеми:** И јас имам намера да се задржам токму на амандманот што се предлага од Владата. Меѓутоа, ако се вратиме малку наназад да видиме како се правел изборот на претседател на државата, апсурндно ќе беше јас овде да кажам дека воопшто немаме проблеми при избор на претседател на државата. Имало малверзации, имало и полнење на кутии. Меѓутоа доколку сега одиме и претседателот на државата го избираме во вториот круг, без ниту еден цензус, мене тоа не ми изгледа логично, затоа што се знае дека претседаелот на државата претставува институција и претседателот на државата треба да биде претставник на сите граѓани на Република Македонија.

Кога го имаме предвид тоа дека Република Македонија е составена од некоку етнички заедници, тогаш е сосема нормално и сосема е поприфатливо и тоа што го кажав порано, да не се враќаме во минатото, претседателот на државата да ги има г ласовите на сите етнички заедници во Република Македонија. Дали ние се согласуваме или не, дали ние сакаме да говориме многу убаво и многу течно тука и да не ја опишеме реалноста, тоа е нешто друго.

Дококу се усвои овој амандман, тогаш претседателот на државата ќе си избере само од една етничка заедница. Таа реалност постои дека во првиот круг се јавуваат кандидати кои и досега се јавувале и кандидати на македонската етничка заедница, меѓутоа и кандидати од албанската етничка заедница. Меѓутоа, во вториот круг се знае дека двајцата кандидати се кандидати на македонската етничка заедница и сега доколку ние сакаме, што е сосема нормално дека албанците за да излезат на избори треба да имаат многу поголем мотив за да излезат да глалсаат, затоа што ние не живееме во некоја држава која е многу демокраска, многу развиена во сите области, треба да постојат мотиви, тие граѓани кои припаѓаат на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, да се мотивираат и да поддржат еден од кандидатите кој во иднина ќе биде и претседател на Република Македонија .Доколку се намали цензусот, сосема е нормално да се избере само од една етничка заедница и која ќе биде тежината на тој претседател треба да размислиме, кога тој нема да биде избран од другите етнички заедници кои на број се можеби многу малку, меѓутоа евидентно е дека 65% се од македонската етничка заедница, а другите се од другите етнички заедници.

Доколку еден претседател, имавме случај кога јавно рекол дека мене не ми требаат гласовите од албанците, тој кандидат не бил избран за претседател. Замислете сега, кандидат кој излезе и каже, мене не ми требаат гласовите на другите етнички заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, тој кандидат, што и не е

многу далеку, бидејќи се знае дека политичките партии, меѓутоа и кандидатите може да се повикуваат на етнички основи, што е реалност во Република Македонија, меѓутоа, не треба да го криеме и тој кандиат да биде претседател на држава и јавно да изјави, мене не ми требаат гласовите на другите етнички заедници. Каков претседател на држава ќе биде тој кој ќе спори еден значителен број на граѓани во Република Македонија. Тоа се реалности кои на нас ни се случувале, почитувани господа, и тоа не многу одавно. Во 1999 година и 2000-та година кога имавме претседателски избори го имавме тоа. Тоа се реалности.

Што има лошо во тоа и зошто да не се предложи кога веќесе отвора паќетот за претседател на држава и негов избор и кога излегува предлог за потпретседател на држава, анблок да се одбие и секогаш да се вели вие албанците секогаш барате нешто ново.

Во овој парламент денес се кажа нема што да барате затоа што е завршен Охридскиот рамковендоговор. Почитувани господа доколку мислите дека Охридскиот документ, Рамковниот договор во Охрид ние можеме да го затвориме со еден ваков паќет и да не го смениме политичкиот менталитет во Република Македонија каде ние одиме со оваа држава, кога сите директори од Европа се за една демократска мултиетничка држава. Не може да се отфрлат сите тези кои се предлагаат во овој Парламент затоа што јас го гледам тоа како оправдано, овде со денови да дебатираме и со месеци да расправаме за изнаоѓањето на едно подобро решение. Тоа е подобро отколку да не расправаме воопшто.

Другата страна пак на медаљата, она што мене навистина ме вознемирува токму во овој амандман, доколу се вратиме малку наназад, во 1991 година кога се изгласа Уставот, се изгласа без поддршката на албанската етничка заедница, ни се случија проблемите кои што се случија во 2001 година, кои се реалност во Република Македонија . За жал, денес и ден порано ни се случува и ни се повторува истото и ние се вртиме во еден циклус.

Денес гледаме дека една албанска етничка заедница, бидејќи ние сме албанци, ДУИ и ние ја претставуваме волјата на овие граѓани кои припаѓаат на албанската етничка заедница која е мнозинство, како политичка партија врз основа на етничка основа, за жал ја немаме и друга опозициона партија тука и тие да го кажат својот став. Денес повторно се групираме врз етнички сонови и тоа е она што мене најмногу ме вознемирува. Затоа ние еднаш за секогаш треба да го смениме овој политички менталитет.

Јас многу жалам, не за себе, што претседателот на државата не го потпиша Законот за пратеници, бидејќи и порано реков дека, навистина во Република Македонија треба да дојде новата политичка елита која нема да биде многу оптоварена со минатото и да се вратиме повторно во минатото, кои знаат со многу убави зборови да ги завитка работите, меѓутоа, суштината е токму она што го велам. Затоа, ќе беше многу добро да не се враќаме во минатото, да размислуваме сите заедно за една вистинска мултиетничка држава. Токму за ова ми беше и зборот, за амандманот 22.

Можеби, господине претседателе малку излегов од темата, меѓутоа, мислам дека на овој начин можам да придонесам повеќе.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Не да излеговте, туку малку отидовте подалеку. Малку како што имате вие право, секој има право да даде свои аргументи, а има друг право и да не ги прифати и да ги коментира. Според тоа тука сите сме рамноправни.

Повелете госпоѓо Ивановска имате три минути реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Почитуван господине Рустеми, секако дека се согласувам со претседателот, отидовте малку предалеку.

Ќе реплицирам само во делот каде зборувавте за мотивацијата на гласачкото тело при било кои избори.

Кажавте дека нискиот ценз не може да ги мотивира етничките заедници да гласаат за свој претседател. Ќе ви кажам дека во Шведска на пример, исто така политичарите имаат проблем со ниската мотивација на граѓаните, а знаеме каква демокраска и социјална држава е Шведска. Така што вашиот аргумент дека нискиот ценз не може да ги мотивира етничките заедници да излегуваат на гласање. Сепак мотивацијата е одговорноста на политичките партии, како ние како политичари ќе ги мотивираме гласачите да излезат на гласање. Така што со оваа ваша теза воопшто не се согласувам дека мотивацијата е во непостоењето на ценз при избор на претседател. Сепак мислам дека некогаш ги измешувате лончињата, инсистирајќи на една нова реалност, меѓутоа враќајќи се и на една стара реалност. Сите сме свесни за нашата нова реалност во Република Македонија, меѓутоа тезите ги исвртувате така како што во моментов ви одговараат.

Секако, не треба да заборавиме и на извештаите на ОБСЕ и на ОДХР, на последните локални избори и неправилностите при изборите што се случуваат во одредени делови на Република Македонија, ќе потенцирам, за семејното гласање, затоа што сите овде сме одговорни политичари и секако дека треба да се бориме и затоа Министерството за правда ги предлага новите измени за изборното законодавство. Така што колку ќе го усовршиме демократскиот процес, тоа зависи од сите политички партии.

**Љупчо Јордановски:** Благодаам.

Повелете господине Рустеми, една минута контра реплика.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседател,

Во однос на мотивацијата, факт е дека ние треба да работиме повеќе, граѓаните да ги мотивираме да излезат на избори.

Почитувана госпоѓа направивте една паралела, но нема можност да се повлече една таква паралела помеѓу Шведска и Република Македонија. Какви проблеми има во Шведска, а какви проблеми има во Република Македонија. Каков менталитет има во Шведска, а каков менталитет имаме во Република Македонија. Јас говорев за реалноста во Република Македонија. Мило ни е или не ни е добро, тоа е наша реалност. Затоа ние сите заедно треба да работиме за што подобри услови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец имате три минути реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам претседателе,

Би сакал да му обрнам внимание на господинот Рустеми, околу неговите изјави за политичкиот менталитет. Јас мислам дека тој како помалд колега во ова Собрание и како човек кој со својата политичка кариера, претпоставувам дека ќе продолжи да дејствува подолго време во Република Македонија, би требало тој да го смени политичкиот менталитет.

Прво, македонскиот народ да не го дефинира како етничка заедница, затоа што македонскиот народ е носителот на овој суверенитет и тоа е единствена држава каде што практично македонскиот народ е и носител на својот суверенитет. Со ова не сакам да оповргнам никакви права кои ги има албанската етничка заедница, меѓутоа, мора да го респектира тој факт.

Втора работа што би сакал да ја наметнам во неговите размислувања дека одредени прашања кои ги наметнуваат колегите пратеници очигледно од ПДП, а господинот Рустеми го повтори уште еднаш, е прашањето со кое стануваме заробеници на етничките заедници. Треба да ни биде јасно господине Рустеми дека ние сме мултиетничко општество, тоа е факт, тоа го прифативме и така е, меѓутоа, државата и по Уставот и понатаму останува граѓанска држава и таа е држава на сите граѓани на Република Македонија.

Значи, тој факт повторно да не го пребрегнуваме и да го имате во предвид кога зборувате за вашиот политички менталитет. На тој начин мислам дека ќе дојдеме до онаа ситуација која сите ја посакуваме да изградиме држава како што сонува нашиот претседател на Собранието. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Убаво е што ме спомнувате, благодарам.

Повелете господине Рустеми една минута.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседател. Токму за оваа измена на менталитетот говорам почитуван Оровчанец, не говорам од мојот ум дека Република Македонија е држава на етничките заедници. Говорам од Уставот на Република Македонија. Тоа што е во Уставот, тоа го говорам. Многу добро реков дека етничката заедница која е во мнозинство е етничката заедница која не е во мнозинство. Незнам каква измена на менталитет говорите. Токму тоа што вие сакате нешто друго да кажете, а нешто друго мислите.

Поради оваа измена на менталитетот говорам. Ние треба сите заедно да ја изградиме оваа држава како наша и ние го подржуваме овој Устав на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Чашуле три минути.

**Слободан Чашуле:** Ценет колега, Рамковниот договор е дел од Уставот, а не е Уставот. Уставот има преамбула, има историски причини и содржини во неа, но најважниот член од Уставот е дека Република Македонија е граѓанска. Суверенитетот извира од граѓаните, а заедниците во неа остваруваат права. Ако заедно со Рамковниот договор особено во неговиот дух ја читате и преамбулата ќе сватите дека од интерес на албанското малцинство кое своите права како заедница ги остварува во Република Македонија е да застане и да ја брани државата на Македонскиот народ во која сите заедници се во се рамноправни со него. Македонскиот народ во единствената своја држава не може да биде етничка заедница. Кога доаѓа до дебата на ниво на идентитет, на култура, на различности, тогаш можеме да зборуваме за мнозинска и малцинска заедница затоа што прекомпликован ќе беше Рамковниот договор ако тоа го правевме со друга терминологија. Но, за дефиницијата на државата треба и вас како граѓанска партија и нам како граѓанска партија да ни биде примарно ова да биде граѓанска држава, а историски гледано тоа е држава на Македонскиот народ и на народите од соседството кои како национално малцинство живеат во заедници во Република Македонија и тие заедници врз основа на своето конституирање остваруваат дополнителни права, а не обратно.

Затоа ве молам од интерес на сите и на конструктивноста на расправата овде и да не отвораме нешто од минатото, да имаме трунка почит едни кон други и да ги именуваме работите онака како што се именвуани во Уставот, ако веќе од душа тоа не го правите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рустеми една минута.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседателе.

Секако дека се согласувам дека Република Македонија е држава на граѓаните на Република Македонија, почитуван господине Чашуле,

меѓутоа, јас би ви поставил едно прашање, бидејќи самиот сте биле министер во времето кога беше изготвувањето на Рамковниот договор и кога се дефинира и усвои преамбулата на Уставот на Република Македонија овде во Собранието. Зошто почитуван господине ни го оставивте тоа? Граѓаните на Република Македонија така како што е преамбулата од Охрид, туку дојдовте тука го изменивте тоа и ставивте Македонскиот народ, дел од Албанскиот народ и т.н. Вие самите ја направивте држава на етничките заедници. Немав намера да навредам никого, а доколку сум навредил некого врз основа на национални основи, се извинувам, меѓутоа, не навредувам никого, јас го говорам тоа што го има во Уставот на Република Македонија, тоа што вие сте го прифатиле.

(Господинот Чашуле бара процедурално)

**Љупчо Јордановски:** Нема процедурално само можете збор да земете.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, мислев дека е доволно јасен ставот на ВМРО-ДПМНЕ во однос на амандманот кој зборува за изборот на претседател на Република Македонија, меѓутоа, беа направени обиди за манипулација со јавноста, па беа искажани невистини дека ВМРО-ДПМНЕ има идентичен став со ДУИ, дека ВМРО-ДПМНЕ се договарал со ДУИ и токму заради тоа има став онаков каков што го искажа. Ценам дека е неопходно потребно повторно да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ има апсолутно идентичен став уште на самиот почеток со самата себе, бидејќи ние единствено стоиме цврсто на ставот уште на почетокот дека нема да го гласаме овој амандман, дека воопшто не е потребно отворање на Уставот во делот на одредбите кои се однесуваат на претседателот на државата. Ние дадовме согласност во првата фаза за промена на Уставот, меѓутоа, за промена која е неопходна заради судските реформи, а не за избор на претседател на државата.

Во втората фаза ни се сервира, без да го имаме тоа во првата фаза, измени во делот на претседателот кои се поврзани со бришење на цензусот за избор на претседател, со тоа намалување на легитимитетот на избраниот претседател, а во исто време зголемување на ингеренциите на претседателот. Значи, вакви одредби кои се дадени во амандманот за нас воопшто не се прифатливи.

Се чудев која е задницата на ваков упад во втората фаза и како изборот на претседател и ингеренциите на претседателот на државата стана приоритет на уставните амандмани односно приоритет на менувањето на Уставот во тој дел.

Си мислев дека кој знае што ќе ни се сервира во третата фаза, меѓутоа,  очекував тоа да ни се разбистри дури тогаш, но овие денови ДУИ и ВМРО-Народна партија отидоа подалеку дури од тоа што е предложено во уставните амандмани и имаат ...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева не коментирајте со тоа штоправи ВМРО-Народна, што прави ДУИ, кажете го вашиот став, ве молам, работите стануваат малку жешки и јас ќе ги земам под своја контрола. Ве молам, можеби како претседател ќе бидам малку лош, затоа ве молам немојте да коментирате, ДУИ си го кажа ставот, ВМРО-Народна својот, немојте да претпоставувате претпоставки кои можеби не се точни. Кажете си за вашиот став по амандманот.

**Силвана Бонева:** Овде беше дозволено да се кажуваат различни инсинуации. Право е на нас како пратеници да го кажеме нашето мислење по изнесените ставови во однос на промената и проширувањето на амандманите.

**Љупчо Јордановски:** Не е точно, тоа е во рамките на реплика и можевте да реплицирате. Сега се јавивте за збор, ставот на ДУИ и на ВМРО-Народна воопшто не го засега вашиот став по однос на амандманот и не гледам зошто би ве засегал. Вие имате ваш став и кажете го вашиот став.

**Силвана Бонева:** Епа сега ќе го кажам нашиот став во однос на предлозите за потпретседател на државата, бидејќи цело претпладне се расправа за тоа. Беше дозволено на сите пратеници да расправаат за тоа.

**Љупчо Јордановски:** Кажете го, само не спомнувајте партии и нивните ставови.

**Силвана Бонева:** Како што претходно не беа спомнувани партиите од другите колеги. Така?

**Љупчо Јордановски:** Можете и така да го кажете, ако сакате.

**Силвана Бонева:** Епа беа спомнувани партиите, како сега за нас е недозволено.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете ве молам.

**Силвана Бонева:** Значи зборувам за идентичниот став за воведување на институција потпретседател на државата. Сметам дека со тоа се става под прашање државното уредување на Република Македонија, не знам дали се мисли и понатаму Република Македонија да остане парламентарна демократија или пак ни се предлага да градиме претседателски систем, па ни треба и потпретседател на државата без да се каже кои надлежности ќе ги има потпретседателот на државата кога веќе се прифаќа дека треба да се расправа за тоа и дека не треба ан блок да се отфрлува и како што кажа колегата пратеник од ВМРО-Народна дека е добро да размислуваме и да разговараме за потпретседател на Република Македонија.

Бидејќи веќе се зборува за избор на потпретседател од етничките заедници, дали тоа не значи напуштање на граѓанскиот концепт на државата и задолжителниот избор на потпретседател од најголемата етничка заедница не значи и заокружување фактички на

федерализацијата на Република Македонија која започна со делењето на суверенитетот кој се овозможи со Законот за употреба на знамињата на етничките заедници.

Сметам дека треба да добиеме од колегите кои се застапници на воведувањето на институцијата потпретседател на Република Македонија и од страна на ДУИ и од страна на ВМРО-Народна да добиеме одговор на овие многу важни прашања за иднината на Република Македонија за да не ни се случи во третата фаза да имаме амандман кој ќе си го изгласа парламентарното мнозинство заедно со другите политички партии од опозицијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева јас пак се сомневам, но вие сонувате, па народот нека оцени чиј сон е подобар за иднината на Република Македонија.

Повелете господине Чашуле и мислам дека ова нема смисла на вакви евтини работи да собирате политички поени и тоа сите пратеници овде, а не само конкретните.

**Слободан Чашуле:** Токму така, се согласувам претседателе, очигледно дека ќе морам интелектуалното ниво на мојот дискурс да го спуштам за да бидам разбран.

Ние не бараме потпретседател, велиме само треба да се размислува да не дојдеме во ситуација што не можеме да ја менаџираме, како што тоа го кажаа повеќемина.

Сакам од говорницата да остане сосема јасно, можеби во некоја иднина ние ќе ја имаме и таа функција, тоа е предлог на ДУИ, ние сакаме конструктивно да размислуваме, но ние сме категорично против, против госпоѓо Бонева. Копретседател на Република Македонија, некој што една заедница ќе го избере во функција на потпретседател, но ќе му биде рамен кога ќе се работи за нешто од заедницата. Ние сме против ова. Против. Бидејќи на тој начин се разградува Република Македонија и се менува нејзината дефиниција од граѓанска станува држава на заедници. Затоа ме чуди како не успеавте токму ова да го разберете. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сега ќе чуете како. Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** За да ја потсетам јавноста за интелектуалното ниво на вашиот дискурс ќе ги кажам вашите зборови кои вие ги кажавте. Добро е да размислуваме и да разговараме за потпретседател на Република Македонија. Јас не кажав ништо повеќе и ништо помалку од тоа што вие го кажавте почитуван колега. Токму заради тоа ве прашувам какво уредување ќе има Република Македонија кога би имала потпретседател, кои ингеренции ќе ги има потпретседателот кога е добро да размислуваме како што велите и што ќе значи тоа за државното уредување и за федерализацијата која започна во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ивановска, три минути реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, ова е реплика на госпоѓата Бонева, меѓутоа ќе приговорам на вашата толеранција во делот на настапот на госпоѓата Бонева. Никаде во амандманот 22 не стои предлог за потпретседател на Република Македонија. Во текстот на амандманот 22 стои за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале и воопшто вашата толеранција да се дискутира за предлог на една политичка партија која било во Парламентот во расправа по амандманите е недопустива и лично ви замерам зошто не ја прекинавте дискусијата на госпоѓата Бонева затоа што дискутира по предлог на политичка партија. Сите ние како политички партии имаме одредени предлози, меѓутоа, не е местото во Парламентот да дискутираме за предлози на политички партии и затоа отворањето на оваа дебата околу предлогот на ДУИ за потпретседател на Република Македонија, а имаме уште многу амандмани да расправаме, се помести темата на дискусија која требаше да биде реформите во судството на Република Македонија, а не за избор на претседател и потпретседател на Република Македонија. Тоа можеме да го правиме на политички дебати во медиумите на Република Македонија, а не овде во Парламентот да трошиме скапоцено време. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска ако требаше да одземам збор требаше на сите вас да ви одземам збор. На сите конкретно. Свеста за она што се зборува овде и како се зборува не е кај претседателот, туку кај сите вас. Тогаш ќе бев јас лошиот дечко ако на сите вас ви одземав збор. Вака кажете што мислите да кажете ќе ви биде полесно на душата.

Повелете госпоѓо Бонева една минута.

**Силвана Бонева:** Колешке Ивановска сосема се согласувам со вашето тврдење дека целта на уставните промени се судските реформи и дека треба да расправаме за тоа. Тоа е тоа за кое и ние се залагаме дека не треба, како што вие кажавте, тука да биде приоритет на уставните измени одредбите кои се однесуваат за избор на претседател на државата, туку судските реформи. Ништо повеќе не зборуваме. Тоа што беше дискутирано цело сабајле, тоа е прашање на сите пратенички групи и на колегите кои сакаат да го разјаснат толкувањето односно ставовите во однос на потпретседател на Република Македонија кој беше предложен од некои политички партии. Не го предложи тоа Силвана Бонева.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ивановски имате збор.

**Игор Ивановски:** Претседателе, почитувани колеги и во петокот, а и денеска имавме ситуација да видиме каде единствено мал број на

пратеници не се пријавија и не се произнесоа, не дискутираа за овој амандман, што може да се толкува на повеќе начини, дефинитивно постои интерес, но притоа треба сите да имаме неколку работи во предвид за да не го доведуваме претседателот од принципиелно или помалку принципиелно да ги прекинува дискусиите, да ги оценува вакви или онакви или дефинитивно повеќе од половина речиси да ја напуштаат темата, а тоа е еден обичен амандман формулиран на соодветен начин.

Прво што сакам да кажам е дека на сите треба да ни е јасно дека Република Македонија и вчера почнувајќи од 1991 година и денес и утре ќе биде парламентарна демократија и тој систем нема да се менува, барем јас сметам дека не треба да се менува. Во тој систем е соодветно поставена позицијата на Парламентот, на Владата, на Претседателот, на судската власт за која разговараме и ќе разговараме во следните денови. Сметам дека во изминатите години тој соодвнос оставен во Уставот не покажа свои слабости или негативности. Напротив, дека овозможи тие соодветно добро да функционираат помеѓу себе. Дали внатре во себе како власти добро функционираат или се потребни внатрешни измени, тоа е сосема друго прашање и таа точка ја немаме на дневен ред. Тоа е првата работа.

Втората работа е дека со дискусијата и со прифаќањето на овој амандман дефинитивно не се прави една работа, беше кажано пред малку од една моја колешка дека се става во прашање државното уредување. Не. Значи, не се зголемуваат ингеренциите на претседателот, не се намалуваат ингеренциите на претседателот. Не се менуваат соодносите на претседателот, Собранието и Владата помеѓу себе.

Значи, не станува збор за било какво менување на државното уредување, а уште помалку за федерализација на Република Македонија, ниту пак ние денеска расправаме формално правно за некаква си функција потпретседател, или пак разговараме за некои трети функции. И ова го кажувам од проста причина што самите ние треба да бидеме убедени за што разговараме. значи, разговараме и да се потсетиме за Нацрт-амандман предложен од Владата како предлагач, а врз база на еден предлог во првата фаза на наш колега пратеник и врз база како што пишува во образложението на препораките на ОБСЕ и на ОДХР, набљудувачката мисија за време на избори, значи сосема пластично прикажано зошто всушност ние денеска разговараме за овој амандман. И за мене е сосема прифатливо бидејќи Уставот не треба и не смее да се менува секој пат и често и согласно оценување за тоа дали во дадениот момент работите ни биле добри, или лоши, туку кога веќе разговараме за уствни измени, а тие имаат единствена цел, подобрување на судството да можеме да разговараме и за изборното законодавство, во тој контекст да разговараме и за овој амандман. Јас единствено сакам да дискутирам за овој амандман, тргнувајќи од тоа дека и самата пракса, но и компаративните искуства некој ќе рече во Шведска, јас ќе тргнам од околните земји ни доведуваат на маса одредени аргументи кои што покажуваат дека можеби со Уставот од 1991 година имаме системска грешка во овој дел, значи, само во овој дел кога зборуваме конкретно, а таа системска грешка ни се мултиплицира во одредена пракса.

Третата работа што сакам да ја кажам е дека ние утре не бираме претседател на Република Македонија, значи не бираме ни задутре, не бираме ни следната година, ни потоа, претседател на Република Македонија ќе бираме во 2009 година, така кажува Уставот. Значи, не треба кога дискутираме, или ги застапуваме своите ставови да бидеме оптоварени со тоа дека одредени партии треба да застапуваат едни, или други ставови, туку да се обидеме максимално објективно, ако ни е тоа целта, а веруваm дека ни е, да видиме, да констатираме дали постоечкото уставно решение е добро, помалку добро, или лошо, или дали можеби постои друго решение, дали тоа ќе биде ова кое што Владата го предлага, или има некое трето за кое што исто така стана збор кое што ваквото решение ќе го подобри. И тоа е единствениот пристап кој што сметам дека треба да го имаме, бидејќи сето останато ќе се сведе како што кажа претседателот, ситни дискусии, политички маркетинг, дневни поентирања пред публиката која што во најголем дел е на одмор. И токму затоа сметам и ќе се обидам, верувам дека ќе успеам во тоа да се држам исклучително само на амандманот. Притоа ќе тргнам од тоа како стојат компаративните искуства, значи не во Шведска, туку во околните држави и тоа ќе го поврзам можеби со најспоменуваното прашање што се споменуваше и во петокот и денеска, а тоа е цензусот односно легитимитетот. А тоа е дека на пример во Република Грција Парламентот го бира претседателот. Таков случај имаме во Република Албанија, во Република Бугарија е користена истата одредба која што ја предлага Владата. Во Република Србија постоеше не во Уставот, туку во нивниот закон за претседател до пред година и повеќе иста одредба како што и ние во моментот ја имаме во Уствот, а таа подразбира 50% плус еден од вкупно запишаните. И имавме ситуација како што имаше кај неа и тоа беше видливо, политичка криза, повеќе од два пати избори за претседател, политички прегрупирања, нефункционирање на Парламентот, трошење на огромни буџетски пари во и ред други последици за кои што ќе зборувам и понатаму. Значи, само во кругот на државите околу нас имаме две држави во кои што Парламентот си го бира претседателот и две држави кои што на непосреден начин, значи на непосредни избори го бира претседателот со одредбата која што ја предлага Владата. Имаме ситуација во Франција која што е "полупретседателска" држава кде што

претседателот има исклучителни ингеренции кои што во Македонија ги нема, а ги нема ни во останатите држави каде што се користи истата одредба. Таква ситуација имаме и во Австрија, таква ситуација имаме во Словенија и Хрватска која што во најголем број на случаи уставите ни се компатибилни, сме произлегле од ист систем, во исто време ги менувавме, со исти ситуации се судрувавме, па ги немаат ограничувањата во име на цензусот од оној кој што ние во Уставот во моментот го имаме. И можеме да најдеме дваесетина примери и повеќе во Европа, можеме да дојдеме до примерот на САД каде што според констатацијата и праксата можеби е најмоќниот претседател во светот, се избира, за да не влезам во погрешна математичка констатација, но дефинитивно не со 50% од вкупниот број на гласачи, туку многу, многу далеку помалку. Различен е системот, затоа нема да навлегувам во анализи. И сето ова го говорам за да јавно се запрашаме и помеѓу себе продискутираме, дали на сите овие претседатели во сите овие држави, значи и во Албанија и во Грција и во Бугарија и во Србија и во Хрватска и во Словенија и во Франција, значи полупретседателески систем и во Америка претседателски систем. Дали овие претседатели имаат проблем со својот легитимитет? Јас не верувам во тоам, уште помалку верувам дека нивните граѓани веруваат во тоа, туку напротив, ова ќе го повторам бидејќи клучната теза кога се дискутираше за овој амандман е дека намалувањето на цензусот од постоечкиот од 50% плус еден од вкупно запишаните ќе го намали легитимитетот на претседателот. Апсолутно ќе се сложам со еден мој колега од опозицијата кој што сосема коректно кажа дека бројот на гласачите не го прават авторитетот и моќта и политичкото влијание, уште помалку ефикасноста и пристапот во работата на еден претседател. Напротив, ако некој мисли дека тоа е целта, имавме и порано такви примери и околу нас, па видовме дека тоа не секогаш добро функционира, или пак во оваа јавна дебата поширока излегуваме надвор од рамките на амандманот и велиме предлог, политички, дневен, еднонеделен, каков и да е, претседателот да го избира Собранието, зборуваме за Македонија и истите тие да кажат, да, ама сме против овој амандман бидејќи ќе се намали легитимитетот, а се согласуваме претседателот да го избира Собранието, а тогаш легитимитетот е во ред? Не можам да го разберам тоа, тоа е контрадикторно и нелогично. Тоа покажува прво една работа, дека овој амандман предизвика внимание и тоа е добро, бидејќи измена во Уставот не може да помине преку ноќ со просто гласање, или со просто обезбедување на гласачи. Апсолутно треба да дозволиме да има расправа, но притоа да знаеме од кои мотиви и зошто го правиме тоа. И пак ќе речам, релевантните меѓународни институции, а тие се ОБСЕ и ОДХР кои што се во подолг временски период присутни на изборите во Република Македонија, ги даваат овие препораки. Самите увидовме во изминатите циклуси дека цензусот навистина е висок. Дали тоа е поврзано со мотивацијата на гласачите, дали тоа е поврзано со нешто друго, тоа не е работа на политиката, тоа може да биде предмет на социолошка анализа за тоа зошто граѓаните не сакаат да гласаат. Но, тоа не ни дава за право да се амнестираме кога гледаме дека некои работи можеби се погрешно поставени на самиот почеток, можеби со добра идеја, но создаваат проблеми во праксата и да не ги смениме. Ние самите можеме да ги аплицираме, или да направиме хипотеза како тоа би изгледало ако случајот на Србија кој што се случи би се свел во случајот на Република Македонија, за среќа не се случи и не дај Боже воопшто да се случи. Како што исто така сосема е легитимно, колегата Чашуле тоа го спомена е да размислуваме за каков цензус станува збор. И овој кој што е предложен во овој амандман претставува своевиден цензус. Дискусијата може да биде дали е тој добар, или лош, но притоа треба да знаеме уште еден факт, Република Македонија во првиот круг има висок цензус за избор на претседател. Постојат држави каде што не постои никаков и тие се легитимни претседатели со авторитет кој што зависи од нив самите. Но, ние во првиот круг го оставаме цензусот тоа е 50% плус еден. Јас би сакал некој кандидат, можеби тоа ќе биде Албанец, да освои во првиот круг 50% плус еден и ние сме ја завршиле работата. Тоа сме го направиле во еден круг и навистина тој кандидат има највисок авторитет. Но, притоа доаѓаме до вториот круг каде што оставањето на овој цензус дефакто може да создаде проблеми. Иако и вака предложен, ќе повторам, и ова претставува своевиден цензус, мнозинство од граѓаните што гласале. Теоретски може граѓаните да излезат и да ги поништат ливчињата и пак да не избереме претседател. Можеме да направиме уште многу хипотези, ама тоа не е поентата. Теоретски не се согласувам, можеби тоа ќе биде и практична ситуација дека ако се избрише цензусот во вториот круг, претседателот ќе се избира само од една етничка заедница. Не се согласувам, затоа што ако сакате и математички, ако сакате и теоретски тоа може да се случи и сега со постоечкиот Устав, може да се избере кандидат од една етничка заедница и во првиот круг и во вториот круг, бидејќи нема разлика во тие два круга, ист е цензусот. Значи, алтернативите, или хипотезите, или сценаријата, или симулациите се многу и треба да ги имаме во предвид. Но, мора да имаме одредени насоки, одредени поенти зошто всушност тоа го правиме. Компаративните искуства насекаде, почнувајќи од соседството, завршувајќи до онаму каде што сите сакаме да се стремиме покажуваат дека во најголем број на парламентарни демократии многу години позрели од нас цензус од ваков тип 50% плус еден од вкупно запишаните не постои. Постојат држави каде што нема цензус, постојат држави каде што постои одредена граница на одреден

цензус. Сметам дека сосема е легитимно да се размислат и да се стават и од страна на парламентарното мнозинство и од страна на Владата пред се, но и во јавната дебата сите предлози кои што дојдоа и од страната на опозицијата. Дали тоа е 1/3, дали тоа е некој друг вид на процент како цензус што е легитимен предлог ќе може да се разговара. Но, притоа за да тоа се разговара, јас не сум правник, но тоа може да се провери лесно, за да воопшто разговараме за тие предлози, не само ние, треба да се произнесат експертите, треба да се произнесат и другите граѓански здруженија, ние треба да дадеме поддршка на овој Нацрт-амандман за да тој воопшто биде предмет на јавна расправа. Ако овој Нацрт-амандман со ваква форма не ја добие нашата поддршка во втората фаза, тој нема да биде предмет на јавна расправа и нема да дојде во третата фаза. Таква е логиката на нештата.За да тоа се случи, јас би сакал да учествувам во таа расправа како што и сега учествувам. Овој амандман треба да ја добие поддршката. Дали понатаму во јавната расправа ќе остане во оваа форма или не, тоа е сосема друго прашање и за тоа прашање секоја партија, секој граѓанин во јавната расправа и секое здружение има право да си го каже своето мислење и нема логика да го скратуваме на тој начин што од сега ќе влеземе можеби во непостоечки во ниту еден момент хипотези, анализи, расправи за етнички релации, расправи за системски решенија и на тој начин таа јавна расправа и корекцијата, повторно ќе речам според мене на оваа системска грешка ќе ја доведеме во знак на прашање. Од таму јас ќе го поддржам овој амандман, од таму ќе дадам поддршка на сите останати предлози за негово подобрување, за оној што смета дека во моментов не е доволно добар, бидејќи само на тој начин објективно, конструктивно и принципиелно ќе можеме да констатираме, да, сме констатирале грешка во Уставот, ја подобруваме. И тоа ќе го направиме на заеднички начин со заеднички консензус. Оној кој што е најбитниот и тој ќе биде потребен во третата фаза кога нас ни треба 2/3 мнозинство. И тоа е најдобриот начин да се корегира Уставот и токму затоа и така е поставена измената. Ние можеме да дискутираме уште два, три дена за овој амандман, но крајната цел мислам дека треба да биде поддршка кон пристапување на дискусијата како тој да биде подобар, можеби ќе биде поддржан и на овој начин продолжуваат консултациите помеѓу партиите и од парламентарното мнозинство и од парламентарната опозиција, едноставно тоа е процесот според кој треба да се дојде до решението. Од таму ќе гласам за поддршка на овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Реплика од три минути, повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван колега добро е што го искажавте вашиот став дека ќе гласате за овој амандман и јасно го кажавте тоа. Но, имаме проблем. Во вашето искажување мислам дека овој амандман воопшто не беше предлог на она што Парламентот даде одобрување да се разгледува во првата фаза. Во првата фаза воопшто не е разгледуван, доаѓа во втората фаза. Ова што го кажувате дека во Уставот имаме системска грешка, во тоа се убедивме не само за претседателските избори, туку и за изборите 1994 година кога 17% од граѓаните изгласаа еден парламент кој што функционираше тука 4 години, донесе многу системски закони и барањата на 250 илјади граѓани беа игнорирани. И тоа е проблем и за тоа треба да се дискутира и да најдеме начин како понатаму. Јас се сложувам со тоа. Но, поставувате некои тези во кои што кажувате дека со овој амандман не се поставува во прашање државното уредување и не се менуваат соодносите. Но, веднаш веќе наредниот амандман, претседателот на државата веќе ќе може да бира двајца претставнци членови на Државниот судски совет и двајца членови на Советот на државните обвинители, што не беше случај до сега. Значи, веднаш после ова, следи друг амандман кој што ги менува тие соодноси. Сега, дали ова го видовте, или не го видовте, тоа е веќе друга работа. И понатаму ова што е барање од ОБСЕ и од ОДХР дека еве во вториот случај, во вториот круг на избори за претседател треба да се менува цензусот и јас се сложувам, затоа што овој не е начин, можеби и трите претседатели во Република Македонија не се избрани како претседатели и затоа стојат сите со иницијали, од првиот до овој последниот. И тука имаме проблем дефинитивно. Но, јас ќе ви кажам уште една работа, легитимитетот доаѓа токму од граѓаните и од оној што е претседател на државата. Не може во оваа ситуација вие за граѓаните да не направите ништо и да го поседувате легитимитетот и да кажете дека, сега јас сум претседател и тука завршува. Дали ќе излезат 100 илјади или 50 илјади гласачи, тоа е ваше, тие се ваши и вие сте претседател. Апсолутно не регуларно, мислам мора да најдеме сите заедно, мора да имаме цензус. Не е начинот само да избереме претседател заради претседател, а за легитимитетот претседателот ќе треба сам да се избори. И последните случувања, тоа што е претседателска работа апсолутно не го прави да го има тој легитимитет и дали ќе биде наведен тој, или на наредните избори ќе треба да се докаже со она што ќе го направи за државата. Досега апсолутно ништо нема направено за да прифатиме било каква измена.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Колега Мавровски, сосема накратко. Сега не знам на што да реплицирам, бидејќи кажавте повеќе работи, иако немам намера да реплицирам, само би кажал една работа. Дефинитивно не станува збор за менување на државното уредување, бидејќи станува збор за конкиретен амандман, за

конкретна работа. Тоа што во останатите амандмани во контекст на измена, или во подобрување на реформите во судството е тангиран истиот носител на таа функција, или институција претседател, тоа е сосема друга работа. Овде зборуваме за изборно законодавство кое што исто така го регулира Уставот и тие две работи не треба да се мешаат едни со други. Од таму затоа и реков и вие на крај се согласивте, дискусијата треба да продолжи, за да продолжи треба да има јавна расправа. Тоа што овој амандман не беше ставен во првата фаза не значи дека  е погрешно ако тој се најде сега во втората фаза. Затоа има и три фази во целата расправа, затоа има и јавна расправа.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата, седницата продолжи со работа со 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а и претставникот на Владата го молам да влезе во салата.

Госпоѓа Лалчевска вие имавте реплика.

Повелете ,три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Јас навистина жалам што колегата Ивановски сега не е присутен во салата , меѓутоа тој во своето излагање кажа дека ако Парламентот го бира претседателот, нема да се намали неговиот легитимитет, односно се едно е на кој начин ќе се избере, дали од Парламентот или со низок ценzус.

Апсолутно не би се согласила со тоа, бидејќи парламентарците одат на директни избори, значи позади нас стојат граѓаните кои го дале својот глас и сосема е легитимно Парламентот, во името на своите гласачи да го избира претседателот и затоа треба оваа идеја подробно и посуштински да се разгледа како начин за избор на Претседателот во иднинна.

Околу авторитетот на Претседателот, апсолутно авторитето на Претседателот нема врска со начинот на неговото избирање. Авторитетот е нешто што тој како личност го гради. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Неприсуството на господинот кому реплициравте, Игор Иванов, сметајте како да немате контра реплика.

Господине Адеми имате збор, повелете.

Ја молам министерот за правда да влезе во салата, бидејќи продолжуваме со расправата по амандманот 22.

Господине Адеми дали инсистирате да биде претставникот на Владата тука присутен?

Тогаш повелете, има збор господинот Абдилаќим Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине претседател.

За овој амандман говорев еднаш, ќе настојувам да бидам краток и да не се повторувам со претходните говорници и со мојот говор што го одржав во петок.

И тогаш, кога зедов збор по однос на овој амандман реков дека овој амандман не беше во првата фаза кога гласавме за пристапување кон уставните измени, што имаа за цел реформи во однос на судството. И денеска го повторувам истото. Тешко е кога расправаш за овој амандман да бидеш воздржан, да зборуваш само за текстот на овој амандман, бидејќи тој е само ред ипол и е неможно, кога го спомнуваш овој амандман да не говориш за искуствата на изминатите избори. Значи, неможно е, кога расправаш за овој амандман да не споменш искуства на други земји како се избираат претседатели на држави во други земји Неможно е , исто така, а да не споман и други начини на избор на претседател на држава, а можеби е неможно да не го спомнам овде тоа што ние сме го предложиле како ДУИ, а тоа е функцијата потпретседател на држава.

Сигурно дека мотивите на предлагачите на овој Нацрт-амандман се дека Република Македонија да не дојде во ситуација да немаме претседател на држава и да не се повторат искуствата од другите земји, посебно на соседните земји. Но, кога говориме за овој амандман, би сакал да говорам малку и за последиците, евентуалните последиции што можат да дојдат после изборот на Претседател на држава,  цензусот го цензусот од 50%.

Овде се расправаше и за еден друг аспект, за аспектот на трошоците во однос на изборите, трошоците во текот на организирањето на изборите, бидејќи се има предвид фактот дека Македонија, речиси, секоја година има избори, било локални, парламентарни или претседателски. Но, амандманот би бил оправдан, доколку цензусот предвиден од 50%, би бил оправдан од аспект на трошовите, доколку цензусот од 50% што се отстранува во вториот круг, да беше отстранет и во првиот круг. Тоа значи да нема втор круг на избори, туку Претседател на држава да се прогласи уште во првата рунда, тоа да биде кандидатот кој стекнал најмногу гласови, без оглед на излезеноста. Со тоа ќе се елиминира вториот круг на избори.

Има и други начини на избор на Претседател на држава, како што предложиле неколку политички партии, но јас сега не можам да кажам дали ќе ги подржам или не тие начини на избор, бидејќи веднаш овде ќе имаме реплики, дека еве ДУИ има идентичен став со една партија од опозицијата. Да не навлегуваме во расправи што се надвор од темата на дневниот ред.

Кога говориме за Претседател на држава, неговиот избор, не може на ниту еден начин да се заобиколат досегашните искуства. Овде се спомнаа од неколку кандидати, посебно во првите и вторите претседателски избори, имаше разни изјави што одат во насока натоа дека гласовите

на една етничка заеница "не ми требаат за да станам претседател на држава" и во тие случаеви таа етничка заедница го нема подржано тој кандидат и тој кандидат не добил, не победил, не станал Претседател на држава. Но, доколку се прифати предлогот Претседателот на државата во вториот круг да се избере без цензус, без 50% од излезеноста на граѓаните, тогаш мислам дека ваквите изјави, декларации на кандидатите ќе дојдат повторно до израз и тие кандидати кои ќе имаат изјави дека не им требаат гласови на Албанците на Турците итн, тие ќе дојдат до израз. Ние ќе придонесеме на состојбата да имаме Претседател на држава кој нема да се изгласа од сите етнички заедници и ќе придонесеме за поделба врз етнички основи. Тоа не е добро за Република Македонија, бидејќи ние сме се изјасниле како мултиетничка држава со рамноправни права за сите етничло заедници, без оглед на етничката припадност.

Се предложи од една група пратеници цензусот да биде една третина или 30%. Мислам дека тие тргнале од искуството дека во локалните избори имаме еден ваков цензус, за градоначалник. Но, треба да се има предвид фактот дека овде не се говори за градоначалник. Не избираме градоначалник, туку Претседател на држава кој, врз основа на Уставот, треба да биде застапник на сите граѓани на Република Македонија , да ги претставува граѓаните на Република Македонија без оглед на нивната етничка припадност. И во Републиката и надвор од Републиката да ги застапува граѓаните во меѓународните односи.

Кога говориме за овој амандман, за Амандманот 22, треба да се има предвид надлежностите на Претседателот на државата, посебно сега со новите уставни измени за кои што расправаме. Надлежностите ќе се зголемат, во случајот не сега на предлагање членови на Државниот судски совет, во именувањето на двајца членови на овој Државен судски совет. Надлежностите се зголемуваат. Затоа и подршката што треба да ја ужива Претседателот на државата од сите или од еден голем број на граѓани на Република Македонија, во иднина треба да биде уште позначајно, бидејќи реков дека се зголемуваат и надлежностите на функцијата.

Со предлогот да нема цензус во вториот круг, ќе придонесеме не само за иземање на еден голем број граѓани при донесување одлука кој ќе биде Претседател на држава и кој ќе ги застапува идните пет години, туку може да се случи да имаме иземање на региони во Република Македонија бидејќи ќе бидеме сведоци, кандидатите кои доаѓаат, да ги именувам од провинцијата на Република Македонија, на ниту еден можен начин нема да може да се кандидираат и да победат. Може да се кандидираат, но не можат да победат. Во овој случај сигурно ќе победи, можеби сум скептичен, ќе одлучат жителите на поглемите градови во Република Македонија. На овој начин се иземаат разни региони.

Ставот на ДУИ околу овој амандман не е изменет и по празниците ние останува ме конзистентни во нашите ставови дека овој Нацрт-амандман , можеби не е прифатлив во овој момент, имајќи предвид многу аспекти или многу работи што се случуваат во Република Македонија, имајќи го предвид и Уставот на Република Македонија, почнувајќи од преамбулата каде Република Македонија е дефинирана како држава на сите граѓани на Република Македонија итн.

На почетокот реков дека нема да должам, овде ќе завршам со мојот говор околу овој Нацрт-амандман. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има господинот Тито Петковски.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Господине претседател,

Пред паузата побарав реплика на мојот почитуван колега Рустеми, со кого воспоставивме одлична пракса да си ги провеpуваме ставовите пред јавноста и мислам дека е тоа вистински начин на демократски дијалог. Но, бидејќи не добиив збор, но еве убав шлаг, во тоа господинот Адеми даде со својата дискусија, па да не излегувам два пати да реплицирам, ќе ја искористам можноста, меѓутоа не за три минути, за пет-шест минути да го кажам тоа што мислам.

Ова е најдобра потврда, бидејќи вие рековте некои кандидати 1999 година, а немаше друг освен јас, тој сум кој не добив подршка меѓу Албанците. Според тоа не треба еуфемизам тука. Треба да говориме отворено. Меѓутоа, кажавте една голема невистина и вие господине Рустеми а еве и господинот Адеми.

Кажавте дека тој кандидат не ги сакал гласовите на албанците и на другите етнички заедници, затоа ги изгубил изборите. Ова е уште една потврда на моќта на политичката пропаганда, што Гебелс најдобро ја практикувал и усовршил со мислата дека сто пати изговорена лага може да прозвучии како вистина.

Според тоа , јас изговорив нешто друго што вам не ви одговара, не ви импонира. Изговорив нешто друго-Претседател на држава не сакам да бидам со уцена, а не не сакам гласови на една етничка структура. Се сеќавате многу добро, прва уцена беше да го признам Косово како независна држава. Сакате и другите да ви ги кажам кои беа? Многу добро ги знаете и не треба да манипулирате.

Добро знаете дека тоа се користи во реториката само како алиби за фалсификат што се направи 1999 година. И ништо повеќе. Ќе ве птосетам на еден македонски аналитичар, дипломат, колумнист, припадник инаку на албанската етничка заедница кој непосредно по изборите напиша една колумна со многу факти во која кажа:"Во чисто албанските средини граѓаните излегоа со 38%". А имаше 102% ливчиња во

избирачките кутии. Тој сега е заменик амбасадор испратен во Лондон. Вие добро го знаете. Не сакам да навлегувам во неговите извори на информации, но факт е дека се случи флагрантен фалсификат и вие тоа го повторувате со години.

Мене ми е многу драго што вие го памтите и после 6 години. Знаете што вели нашиот народ, има една мудрост, вели "добрината се памети, меѓутоа лошото не се заборава никогаш". Според тоа, мене ми импонира тоа што вие памтите детали и што постојано ги повторувате при секоја моја дискусија што тргнува од принципиелни причини. Јас не отстапувам од тие принципи, а вие најдобро знаете како партија што и како го уценивте Бранко Црвенковски, најдобро знае и македонската јавност, меѓутоа вие уште подобро знаете. Има ли потреба да спомнувам барем три од тие уцени што ги направивте за да се постигне тој цензус? Мислам дека не е потребно. Не тоа точка на дневниот ред.

Точка на дневен ред е избор на Претседател на Република Македонија. Вие ја заобиколувате вистината. Вие не сакате да признаете еден факт, а фактот е во следното дека дефинитивно, ако се усвои овој амандман и цензусот помине со избор на Претседател на државата да може под 50%, политичката што ќе биде на власт во моментот, нема да го има цензусот од албанскиот политички кампус, нема да го има пресудниот збор кој ќе биде Претседател на Република Македонија .И сега, политичкиот профит за вас, како политичка партија би било некоја конпензација, ако може да биде потпретседателот на државата , барем тој да биде албанец, за да може да се прави некоја рамнотежа. Тоа е вистината.

Втората грешка која што е направена во стартот е што не влезе во самата процедура на утврдувањето на потребата за промена на Уставот за да се издејствува политички договор меѓу сите фактори кои што денес одлучуваат во државата.

Не можеме селективно да ги почитуваме препораките и укажувањата од меѓународната заедница. Вие многу цврсто, грчевито се држите за сугестиите што доаѓаат однадвор, меѓутоа само за оние што ви одговараат, а за оние што не ви одговараат апсолутно не ги почитувате. Јас само ќе ви прочитам, беше споменато и од министерот за правда ние околу изборното законодавство моравме да утврдиме приоритет. Сугестиите на ОБСЕ после претседателските избори, еве го заклучокот, само ќе го прочитам, "Условот пропишан со Уставот дека мнозинството регистрирани гласачи треба да го дадат својот глас во текот на вториот круг е особено проблематичен. Не само прагот на одзивот што во текот на вториот круг може да се создаде, може да создаде можности, за неуспешни избори, туку тој може да доведе до неограничен број повторни избори. Дополнително на ова условот за постигнување на прагот на одзив може да влијае врз обидите за подигнување на одзивот по пат на недозволиви мерки, вклучувајќи и притисок врз гласачите или други манипулации со гласањето" врз основа на овие заклучоци имаме препораки, претпоставувам дека тие ви се добро познати, меѓутоа за јавноста сакам да ги повторам сосема накратко.

Со Устав, тоа е првата препорака на ОБСЕ, потоа претседателските избори од 14 и 28 април 2004 година" со Устав пропишаниот услов повеќе од 50% од регистрираните гласачи да го дадат својот глас во вториот изборен круг треба да се отстрани за да се избегне можноста за неуспешни избори. Исто така, треба да се разгледува можноста за изменување на условот со кој за да се постигне победа на кандидатот мора да ги добие гласовите на повеќе од 50% од регистрираните гласачи".

Според тоа која е сугестијата од меѓународната заедница тоа е наша обврска и тоа е приоритет во врска со изборното законодавство кое треба да го направиме. Јас мислам дека тоа е обврска за сите нас.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петковски.

Инаку, како што рековте 6 минути, ова не беше возможно. По амандманот ова беше реплика, и никако не згрешив бидејќи вие се пријавивте за реплика, но ова го третираме како ваша дискусија, за да имате реплика во вашата дискусија.

Повелете господине Рустеми, имате реплика три минути.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседтеле,

Почитуван господине Тито Петковски и во мојот говор јас го споменав случајот кој што се случи кога вие сте биле кандидат за претседател на држава. Можеби било дезинформација, меѓутоа не биле дезинформации затоа што ние и сами сме слушнале во вашиот говор што сте го држеле во текот на изборната кампања во тоа време. Зошто се случи целата оваа малверзација, се согласувам дека имало малверзација во тоа време и зошто се случи.

Се случи затоа што немаше албанец кој што ќе гласаше за еден кандидат кој што се изразува на тој начин.

Тие во тој момент анблок своите гласови ги насочија кон друг кандидат и токму во мојот говор јас нагласив дека не е добро да се намали цензусот и претседателот на државата, на една мултиетничка држава како што е Република Македонија да се избере од една етничка заедница. Што може да се случи во вториот круг, кога ќе има двајца кандидати и реалноста е таква во Република Македонија .

Двајцата кандидати ќе бидат македонци и една друга реалност која што во Република Македонија често пати значи кампања која што се засновува врз национални основи да се навредува етничката заедница и да стане претседател на

Република Македонија. Таа реалност може да се случи.

Каков претседател ќе биде тој претседател на Република Македонија? Чиј претседател ќе биде тој претседател на Република Македонија врз основа на овој амандман? Тоа се гледа во една блиска иднина.

Токму тука е и нашата вознемиреност. Токму тоа ние и сакаме Република Македонија да функционира како вистински мултиетничка држава каде претседателот на државата ќе ги добие гласовите од сите граѓани на Република Македонија. Јас не знам дека сегашниот претседател од страна на ДУИ е условен за нешто. Не е условен за ништо. Гласањето беше сосема нормално и претседателот кој ги доби гласовите е претседател на сите граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Петковски, повелете една минута.

**Тито Петковски:** Сега само ќе наведам пример на државите што имаат претседателски систем, имаа потпретседател на државата кој што го заменува со полн капацитет.

Во земјите каде што има парламентарна демократија, како што е Македонија решенијата се сосема поинакви. Таму претседателот на Собранието заради позицијата на Парламентот односно Собранието го заменува претседателот во случај кога за тоа е повикан.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Повелете три минути господине Рафис Алити за реплика.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател.

Навистина господинот Тито Петковски ова што го искажа дека нема изјавено така како што е пренесено во медиумите, значи нешто што може да е така, но доколку и ние не ја следевме таа кампања и колку што ме служи помнењето тој тогш изјавил дека доколку се во прашање гласовите на албанците за да одлучат кој ќе биде претседател на државата, јас тогаш нема да станам претседател на државата. Но и ова да го ставиме на страна.

Зошто господине Петковски и другите не му приоѓаат од еден друг аспект на ова прашање дека токму конценузсот беше тој кој ги принуди сите припадници на етничките заедници да се мултилизираат и да гласаат за бившиот претседател Борис Трајковски, или за актуелниот претседател Бранко Црвенковски. Никогаш ниту бившиот претседател Борис Трајковски ниту актуелниот претседател не е оспорен од меѓуеетничките заедници, тукку е оспорен токму од македонската опозиција, било првиот претседател, било актуелниот претседател.

И овој цензус значи дека има и позитивни свои страни. Јас во мојата дискусија пред неколку дена реков доколку мотивите на овој амандман се да се игнорираат гласовите на еден дел од граѓаните на Република Македонија најнапред целта не е добра и ние како политичари треба да изнаоѓаме патеќи и добро да размислиме зошто дојдовме во таа состојба некој да не излезе да гласа за претседател на држава.

Тоа што го елаборираше господинот Ејуп Рустеми е повеќе од евидентно. Доколку во иднина се намали цензусот и ќе имаме претседател на држава само на една етничка заедница мислам дека не би било добро за Република Македонија, не би било добро за граѓаните на оваа Република, бидејќи токму тогаш ќе имаме други контекси, оспорувања не само овој што сме го имале врз партиски основи, туку и врз етнички основи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Петковкси.

**Љупчо Петковски:** Само едно кусо изјаснување околу една неточност изнесена, бидејќи станува збор за изборите од 1999 година, еве сега и во светлината на тоа што се предлага амандманот сакам да ве упатам на Извештајот на Државната изборна комисија.

Во сите средини каде што имаше доминантно население од другите етнички заедници јас ги добив изборите во однос 90:10% освен во чисто албанските средини.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Куркчиев, имате три минути.

**Никола Куркчиев:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Сакам како пратеник и како генерален секретар на СДСМ да се оградам од дискусијата на господинот Тито Петковски, заради тоа што навистина некои работи премногу се повторуваат во јавноста и некој може да помисли дека со тоа повторување и сто пати кажаната лага може да биде вистина.

Колега Петковски, како член на највисокиот орган на партијата кажувате дека нашиот денешен претседател на Република Македонија, наспроти претседател тогаш на партијата бил уценуван најмалку за три работи. Јас прв пат слушам за тоа и навистина незнам ако ви беше целта само повторно да ја актуелизирате актуелноста на некои теми од страна на опозицијата кои што претпоставувал дека нема дури ни тие свесно да поверуваат во она што го кажаврте вие, која е целта на денешната расправа по овој амандман да споменувате лаги кои што навистина не наликуваат во овој парламентарен дом.

Ценам дека со мене се согласуваат сите останати пратеници од нашата пратеничка група.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Јас сфаќајќи ја демократијата како процес и како став на мнозинството ја користам можноста

Прво, потесното партиско раководство да го информирам за ова, па потоа и сите во Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Спиро Мавровски процедурално.

**Спиро Мавровски:** Процедурата е до вас затоа што реплицираат пратеници од иста пратеничка група, од позицијата, а тоа нас ни беше оневозможено како пратеници од опозицијата. Мислам дека ова не е во ред.

**Љупчо Јордановски:** Не сте во право господине Мавровски, бидејќи господинот Куркчиев не се согласува и на некој начин направи критика на еден став, а во вашиот случај беше малку поинаку. Ја користевте таа можност за да дискутирате малку повеќе време и да добиете повеќе простор. Ве молам, ме познавате многу добро барем тука имам истенчен вкус, што е реплика, а што не е реплика, иако сите се повикуваме на реплика.

Господине Ѓорчев, имате збор, повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувана госпоѓа министер, почитувани дами и госпоѓа министер,

Тргнувајќи од граѓанскиот карактер на македонскиот Устав и достигнатиот степен на уставни слобода и права на македонските граѓани, земјоделската народна партија на македонија смета дека на сите измени на Уставот на Република Македонија и сите уставни амандмани, вклучително и амандманот 22 треба да им пријдеме многу внимателно и со голема претпазливост, затоа што секоја измена на Уставот, вклучително и во овој дел, став 5 и 6 од членот 81 отвора нови можности да предизвикува и нови дилеми, спротивставености и различни толкувања како политичка мисла така и во јавниот живот на Република Македонија .

Оттука, ние ќе ги поддржиме сите оние решенија на Уставните амандмани кои што даваат исклучиво подобрување на личните политички, економски, социјални и културни индивидуални уставни права на граѓаните.

Во таа насока, за мене барем беше изненадувачко вклучувањето на овој амандман затоа што беше општа политичка акција дека согласно оценката на политичката меѓународна заедница, што се релевантни оценки за наше приклучување кон големите економско правни и политички безбедносни системи Европската Унија, НАТО, ЦЕФТА, вклучувањето на еден ваков амандман во кој што се говори за измени и во одредбите на Уставот кои што го третираат изборот на претседателот на државата.

Темата во Парламентот ја отвори почитуваниот пратеник господин Љубисав Иванов Ѕинго и јас бев изненаден затоа што тоа не беше дел од оние реформи во правосудството за кои што зборуваше и се дебатираше на многу состаноци, јавни, отворени трибини и слично. Што е важно според мене во овој амандман?

Значи, не се важни компарациите со Франција, Словачка, Украина, затоа што за несреќа во овие три земји секаде имаше проблеми при изборот на претседател. Ако ја паметите трката меѓу Лепен и Ширак со какви проблеми беше оплеменета, или во Словачка проблемите Мечјер или во Украина проблемите со актуелниот претседател на господинот претседател господинот Русшченко. Не се важни подобрите желби на предлагачот, ниту мотивите, важни се две работи според мене.

Важен е кредибилитетот, легитимитетот и одговорноста на идниот носител на претседателската функција, претставничката функција, затоа што е различна законодавната, извршната и судската власт во Република Македонија, и важни се правата и обврските на граѓаните на Република Македонија.

Правото на граѓаните на Република Македонија, нивно основно право е да бидат државјани на македонската држава и да ги ползуваат сите придобивки на македонското општество. Но, исто така, тие имаат и обврска при даден степен на политичка култура да се определуваат да гласаат на овој или на оној начин. Тоа е нивен одговор на политиката, тоа е нивнии одговор на политичарите. Ако гласаат дека имаат доверба кон личноста на еден човек во неговите квалитети, како што на пример, давам компарација за господинот Прванов од опозиција со рејтинг 45% беше избран за претседател на Република Бугарија. Значи, победи неговиот личен рејтинг, не политичката партија, не политичките определби, победија граѓаните на Република Бугарија. Би сакал така да биде и во Република Македонија, а тоа значи дека на таков начин граѓаните даваат суд за политиката општо. Тоа е нивно право, излегуваат на гласање, во онолкав степен колку што тие ценат тдека треба да излезат. Ние не можеме тука да им пропишеме што значи бројката 50:1 или 40+5, или 30+2, или 15+8. Тоа ништо не значи, тоа се само бројки. Важно е само дали граѓаните имаат отпор или не кон гласањето и дали тие ја ценат личноста на кандидатот која што веќе се квалификува после првиот круг и на таков начин стекнува поголем кредибилитет и легитимитет во вториот круг да биде поддржан или не. Тоа говори за неговата личност, за неговите квалитети, и ќе говори воопшто дали граѓаните ја фермаат во Македонија политиката, или не им даваат никакво значење. Оттука сметам дека отпорот на граѓаните кој што може да биде изразен со малубројно излегување на гласање, или прифаќањето на македонската политика воопшто, па и во одделна личност посебно значи нивно право, нивна обврска која што ние не можеме да ја степенуваме со рестриктивни мерки дека треба да излезат со толкав процент, па ќе го повториме

гласањето, тоа е принуда и на таков начин сметам дека по еволутивен пат граѓаните излегувајќи во голем број или мал број на гласање даваат сигнали на каков начин и во која насока се движи македонскмото општество.

Оттука сметам дека овој амандман, барем пратениците од Земјоделската народна партија, бидејќи постигнува решение со кое се унапредуваат основните уставни права и слободи на граѓаните на Република Македонија обезбедува да нема принуда на граѓаните да нема пресија, пред се од политичките партии, затоа што цивилното општество во Македонија, не само политичките партии, тоа е многу поширок поим, тука се и семејството, тука се и другите, тука е и поединецот, тука е и правната држава и сметам дека тие уставни права и слободи ќе ги елиминираат политичките пресии пласирани од политичката партија и ги елиминираат непринципиелните и тајни договори, овозможуваат секој граѓанин совесно, според својата совест, според духот на неговото семејство и според неговото мислење за таа личност и таа политика во даден момент да гласаат за идниот претседател на Република Македонија.

Со тоа, бидејќи претседателот на Република Македонија е граѓанин и пред се ги брани граѓаните во политичкиот систем на Република Македонија, сметам дека овој амандман обезбедува навистина квалитетно решение и во таа насока многу внимателно и претпазливо се определуваме за поддршка на уставните амандмани. Ние овој амандман го поддржуваме пред се исклучиво поддржувајќи го од граѓанскиот карактер на македонскиот Устав.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувана министерке,

За овој амандман доста се зборуваше, иако е амандман од една реченица, која гласи: "За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале". Во нашите дискусии спомнавме дека навистина овој амандман на некој начин треба да има и одреден процент на излезеност. Тој процент сметаме дека треба да биде 30%, затоа што веруваме дека со 30% навистина ќе може да се има ингеренции во однос на тоа кои гласачи излегле, а кои гласачи не излегле да гласаат за избор на претседател на Република Македонија.

Во образложението на овој амандман се кажува дека во вториот круг за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале. Во однос на сегашниот Устав и закон, доколку гласале повеќе од половината гласачи и 50 плус 1% од запишаните избирачи и од нив мнозинство да гласале за еден кандидат, може да предизвика постојано повторување на изборниот процес.

Се согласувам со ова образложение и навистина ако сакаме да придонесеме за развојот на демократијата на Република Македонија треба овој амандман, со одреден процент, процентот ако биде 30% или една третина од излезените гласачи, мнозинство односно една третина од гласачите, треба да биде изгласан тој кандидат. Меѓутоа, во сите овие дискусии овде навистина се одвојуваат две групи на спротивставени мислења. Едната група е од ДУИ, другата од ВМРО-ДПМНЕ. Навистина не знам, ако претседателот на Република Македонија навистина е личност која треба да придонесе и за развој на демократијата, меѓутоа и да ја претставува Република Македонија, воопшто не треба да се плашиме тој процент да биде помал од 50% од гласачите, затоа што ако претседателот односно кандидатот за претседател е личност, верувам дека тој ќе собере и повеќе од 50% од гласачите и ќе биде избран за претседател кој ќе ја претставува Република Македонија во сите дејности каде за тоа има ингеренции. Воопшто не е страшно тој претседател да биде избрана и со помалку од 50% или 50 плус еден од гласачите. Очигледно, ако излезат под 50%, ДУИ вели дека едноставно ќе нема можност да оди со некој вид, би рекол уцена во изборот на претседател на Република Македонија и тоа донекаде можам да го сватам, затоа што од една страна тие сега бараат, ако помине овој амандман, да имаат потпретседател, односно копретседател за да имаат некое влијание во изборот на претседател. Меѓутоа, можам да кажам сосема погрешен.

Од друга страна, ВМРО-ДПМНЕ исто така е против овој амандман, што е сосема несватливо, затоа што воопшто не треба да се прави проблем за избор на претседател, ако тој претседател е избран со под 50% гласови, односно ако помине овој Предлог, 30% на излезеност или една третина од излезеноста, затоа што многу градоначалници на последниве избори, дипломирани градоначалници би рекол, затоа што се делеа дипломи во текот на изборната кампања, се избрани со 30% на излезени гласачи, така што воопшто не треба да се плашат дека и претседателот може да биде избран со некој цензус од 30% на гласови, затоа што кога се имаше можност претседателот да биде избран со овој закон со 50%, таа можност тие не ја искористија за неизбор на претседател, така што воопшто нема потреба сега да се грижат што би било ако претседателот биде избран со помалку од 50% на гласови. Затоа, бидете сигурни дека граѓаните ѓе го почитуваат претседателот и ако биде избран со 30%, односно една третина, меѓутоа, најважното прашање воопшто не е процентот, дали биле 30%, дали била една третина или некој процент за кој ќе се договориме, изборот на претседател најмногу зависи од личноста која ќе биде избрана за кандидат за

претседател, не зависи многу и од партиите и на тој начин навистина можеме да придонесеме за развојот на Република Македонија во однос на сите структури на власт во Република Македонија. Инаку, воопшто не можеме да бидеме сигурни дека, ако биде избран со над 50% дека тој ќе ги претставува сите граѓани на Република Македонија, ако биде избран со 30% или една третина ќе претставува помал дел од гласачите односно граѓаните на Република Македонија. Тоа е многу погрешно размислување кое не води никаде, туку само се заплеткуваме во некои проценти, а суштината воопшто не ја гледам. Затоа, треба да ги оставиме процентите на страна, односно овие 50% плус еден процент, меѓутоа, сите да имаме одреден цензус, тој цензус согласно локалните избори се надевам дека може да биде една третина или 30% од гласачите, за да одиме сепак во некои нормални законски рамки, сепак, ако не е со цензус не може претседателот да биде избран без одреден цензус, а од друга страна градоначалниците ги избираме со 33% од гласачите во Република Македонија. Значи износ треба да постои, за износот треба да видиме кое е најоптималното решение, меѓутоа, мислам дека сепак и овој амандман ќе придонесе навистина претседатели веќе да избираме како личности, односно граѓаните да имаат избор на кандидати за претседатели, не избор кој ќе го наметне партијата, затоа што сепак кандидатот за претседател, после претседател на Република Македонија, треба со својот рејтинг, со својот имиџ да ги претставува сите граѓани на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван претседателе, уште нешто да појаснам за ставот на ВМРО-ДПМНЕ, зошто за нас сметаме дека е неприфатлив ...

(Реакција од пратеници)

**Љупчо Јордановски:** Реплика е, бидејќи пратеникот спомна ВМРО-ДПМНЕ во врска со нивниот став и сега госпоѓата Бонева сака да дообјасни.

**Силвана Бонева:** Да. Сметаме дека апстиненцијата на граѓаните на Република Македонија не е резултат на незаинтересираноста на граѓаните за тоа кој ќе им биде претседател на Република Македонија, како што се случува во високо развиените земји и таму граѓаните не се заинтересирани кој ќе им биде претседател бидејќи добро живеат. Во Република Македонија случајот е обратен. Во Република Македонија отпорот на граѓаните кон кандидатите што им ги наметнуваат политичките партии резултира со апстиненција, значи нивното неприфаќање на кандидатот, на личноста на кандидатот, што предизвикува апстиненција. Од друга страна, упорното инсистирање на некои од политичките партии да гласаат така или онака, посебно на власта, да ги присилуваат граѓаните да го дадат својот глас спротивно на нивната волја, ги носи кон единственото решение, да не излезат на изборите и да не бидат принудени да гласаат против себе.

Сметаме дека со намалувањето на цензусот се остава само можност да се избере претседател кој што нема авторитет кај мнозинството граѓани и кој што не е прифатлив за мнозинството граѓани и овде треба да одлучиме, да дадеме легитимитет на некој кој што не е прифатлив скоро за 70% од граѓаните на Република Македонија. Ќе повторам, апстиненцијата во Република Македонија не е резултат на незаинтересираноста на граѓаните на Република Македонија. Политичките партии треба да размислуваат во друг правец, што нудат на граѓаните на Република Македонија како кандидати за претседатели, дали тие луѓе се прифатливи, дали нудат нешто добро на граѓаните на Република Македонија и на тој начин да ги мотивираат тие да излезат и да гласаат. Со намалувањето на процентот нема да се отфрлат политичките уцени, преговарања и договарања, бидејќи и натаму тие ќе си продолжат, како што знаеме од искуствата до сега, политичките уцени и излезеноста да биде 33% ќе бидат исти како што се и денес. Значи тоа не е пресудниот фактор за да се ослободат и политичките партии, меѓутоа и граѓаните, од политичките уцени.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете една минута контра реплика, господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Сакам да појаснам дека ВМРО-ДПМНЕ на последните претседателски избори ја имаше шансата, меѓутоа воопшто не ја искористи, затоа што го направи цензусот од 50 плус 1% на излезеност и еве, согласно овој амандман, да беше тогаш во функција, едноставно воопшто немаше потреба ВМРО-ДПМНЕ да го прави цензусот за избор на претседател, туку кандидатот од ВМРО-ДПМНЕ можно е да победеше на претседателските избори. Вака ВМРО-ДПМНЕ воопшто не ја искористи шансата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Вејсели, повелете.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги и колешки пратеници, претставник на Владата,

Денес се зборува за еден многу краток амандман, меѓутоа, доколку се анализира малку подлабоко амандманот, јасно се гледа дека како и да се одлучи последиците се големи. Доколку се одлучи така како што ќе одлучи парламентарното мнозинство денес, се отвора нова страница во историјата на Републичкиот парламент. Во текот на овие три години видовме дека денес прв пат се судира позицијата меѓу себе и опозицијата меѓу

себе, затоа што тука се партиските и политичките интереси, но слободно можам да кажам и етнички интереси.

Прво, сакам да кажам дека во првата фаза на пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија, овој амандман 22 не беше составен дел на измените. Меѓутоа, еве, сега некому му текнало меѓу парламентарното мнозинство или на Владата, односно на Министерството за правда дека треба да се направи уште една ваква измена што ги става пратениците пред завршен чин. Прво, гледаме дека има некоординираност меѓу парламентарното мнозинство, кое ја сочинува Владата на Република Македонија, затоа што политичката волја се усогласува внатре во Валдата и во Парламентот, а јас мислам дека зборот треба да го има опозицијата за давање сугестии и предлози, затоа што не е дел од онаа иницијатива за предлагање на амандманите.

Вие знаете дека пред некое време премиерот Бучковски од политичките партии во Парламентот побара по еден член од политичките партии да учествува во изготвувањето на измените во Уставот, за амандманите што денес се пред нас. Тука јавно ќе го изразам нашето незадоволство и со госпоѓата министер за правда. Сите членови на таа Комисија, на тоа работно тело, како и да го наречеме, кое работело на измени на Уставот за подготвување на предложените амандмани денес, значи госпоѓата минситер имала лош пристап кон членовите на политичките партии кои што се делегирани за да ги испитуваат измените и дополнувањата на Уставот, затоа што таа им се обратила на сите членови, меѓутоа, јас ќе зборувам само од име на нашата партија дека сите ваши забелешки и евентуалните сугестии што може да ги имате може да ги поднесете во писмена форма, меѓутоа, Владата е таа што или ќе ги земе предвид или нема да ги земе предвид. Тогаш јавно прашувам зошто премиерот Бучковски покренува иницијатива и побара од парламентарните партии да предложат членови на тоа тело за правење на измените на Уставот. Во иднина ова да не не става пред дилема, дали треба да учествуваме на овие разни средби кои ги организира Владата, затоа што министрите, односно госпоѓата минситер за правда во овој случај, имала арогантен пристап кон членовите на тоа работно тело, значи не ги земала предвид предлозите кои произлегле од таму и не дозволила да даваат предлози таму на лице место, туку им рекла поднесете во писмена форма, а Владата е таа која што ќе одлучи дали ќе ги земе предвид или не тие предлози.

**Љупчо Јордановски:** Со министерот малку подоцна зборувајте, а сега ве молам зборувајте за амандманот.

**Абдулади Вејсели:** Јас мислам дека овие амандмани имаат врска со тоа.

**Љупчо Јордановски:** Првата дигресија од 4 минути ви помина. Повелете сега, зборувајте за амандманот.

**Абдулади Вејсели:** Претседателе, можете да ме прекинете, меѓутоа, ние тука разговараме за амандманите.

**Љупчо Јордановски:** Не, вие зборувате за ароганцијата на министерката. Ако е ароганција затоа што овој амандман е предложен, можам и да прифатам, ако во рамките на амандманот дискутирате. Но ве молам, во рамките на амандманот дискутирајте, а не дали некоја партија е викната или не е викната. Тоа е одлука на Владата и затоа може да поднесете барање за одговорност на Владата.

**Абдилади Вејсели:** Не реков дали е викната или не е викната.

**Љупчо Јордановски:** За тоа можете да ја повикате на одговорност Владата, а сега ве молам зборувајте по амандманот. Пет минути поминаа од дигресијата.

**Абдулади Вејсели:** Добро, прифаќам.

Почитувани пратеници, значи говориме за амандманот кој навистина го елиминира цензусот за избор на претседател на државата. Спецификите на Република Македонија се овие, Република Македонија е мултиетничка држава каде што живеат многу етнички заедници, кои своите односи ги регулираат и со Охридскиот рамковен договор и со Уставот на Република Македонија. Држат сите сугестии и забелешки и предлозите кои произлегуваат од пратениците, без оглед на тоа на која парламентарна група и припаѓаат, затоа што држат ставовите и аргументите и на едната и на другата страна. Сепак, нема да се согласам со тие што велат дека албанците и со уставните измени ќе ја имаат својата улога и тежина, затоа што секој можен кандидат за претседател на држава ќе инсистираат да ги добие и гласовите на албанците, за да победи, за да стане претседател на државата. Тој кандидат за претседател на државата, кој ќе мисли дека ќе стане претседател и без гласовите на другите етнички заедници кои не се мнозинство во Република Македонија,мислам дека тој не е сериозен кандидат и тој нема да стане иден претседател на државата. Меѓутоа, секако дека од друга страна треба да се има предвид дека секоја политичка партија која ќе предложи можен кандидат за претседател на државата, ќе предложи кандидат кој може да ги добие гласовите на сите етнички заедници. Меѓутоа, се работи за принцип и начело, бидејки не е добро да се намали цензусот, имајќи ги предвид сите односи, сугестии и извештаи на меѓународната заедница. Меѓународната заедница во овој случај нам ни сугерира да се намали цензусот за избор на претседател на државата поради манипулациите кои што се направија на двата последни избори за претседател, било да се работи за изборите во

1999 година или во 2004 година. Затоа меѓународната заедница е дојдена во ситуација во која бара излез за граѓаните на Република Македонија, за да не се случи да се повторат ситуациите од 1999 и 2004 година меѓуанродната заедница сугерира на пратениците на Собранието на Република Македонија да го намалат цензусот за избор на претседател. Доколку имаше слободни и коректни избори во Република Македонија, да знаете и бидете сигурни, доколку извештаите од ОБСР и ОДХР, на Европската унија и сите други меѓународни механизми кои се занимаваат со прашањата на изборите, беа добри, односно доколку кажеа дека изборите беа фер и демократски, директивите и нивните упатства немаше да бидат до Владата и до нас за намалување на цензусот за избор на претседател на Република Македонија во вториот круг.

Затоа, имајќи ги предвид сите овие работи и имајќи ги предвид судирите кои што ги имаме меѓу нас, затоа што не ја имаме вратената доверба од етничките заедници, бидејќи сеуште немаме повратена доверба во институциите, било кон претседателот на државата и другите институции, треба секако да се изнајде механизам за да има рамнотежа меѓу двата поголеми етнитети кои што живеат во Република Македонија. Доколку се вратеше довербата кон институциите и доколку Албанците имаа доверба кон институциите, изборот на претседател,ќе изберат претседател кој што потоа ќе се јавеше во име на сите граѓани, тогаш секако дека немаше да имаме проблеми и во предлагањето на намалувањето на цензусот.

Јас ќе ви кажам и минатиот претседател и првиот претседател на Република Македонија, меѓутоа и вториот, за кој што не сакам многу да говорам, затоа што е починат, но и овој што е денес актуелен, кога се во прашање граѓаните на Република Македонија, тие ги делат во категории. За некои се мајки, а за некои се маќеи, што е неприфатливо во овој случај. Затоа, јас ги разбирам оние пратеници, кои што по секој услов бараат да не се намали цензусот во вториот круг под 50%, туку да зависи идниот претседател и од гласовите на етничките заедници кои што не се мнозинство во Република Македонија. Меѓутоа, за да се излезе од оваа ситуација во која што се наоѓаме денес, затоа што овие прашања и овие работи се прават во владините комисии во Владата и кога ќе дојдат во Парламентот, м ислам дека со усогласени ставови најмалку треба да бидат партиите на влас.

Друго прашање е што партиите од опозицијата можат и имаат право за предлагање и сугерирање и за барање на измени од она што доаѓа од страна на Владата. Меѓутоа, за да се излезе од оваа тешка ситуација Демократската партија за просперитет пред неколку дена даде и свој искрен предлог кој што се заснова на многу силни основи врз спецификите што ги има Република Македонија. Тројца државни функционери, едниот треба да припаѓа на албанската етничка заедница. Или со други зборови, претседателот на Парламентот освен што ќе се избере со гласовите на мнозинството пратеници од целосниот број на пратеници, тој да се избере и со Бадинтеровото мнозинство, што сака да каже априори некој може да каже, па тој може и да не биде Албанец. Тоа е политичката волја на политичките партии кои што се во владината коалиција за што ќе се определат, дали ќе се определат за Македонец или Албанец. Меѓутоа, многу е значајно да се избере со Бадунтеровиот принцип и е добро една од клучните функции во Република Македонија да и припаѓа на албанската етничка заедница. Бидејќи претседателот на државата и на Владата се органи, додека претседателот на Парламентот е функција, затоа ние бараме претседателот на Парламентот, на идниот Парламент да биде Албанец. Зошто? Затоа што претседателот на државата на директни и непосредни избори не може да биде Албанец, затоа што Албанците не се мнозинство во Република Македонија. Додека, од друга страна, претседателот на Владата или премиерот може да биде само оној кој што победил кај мнозинството пратеници и тој е носител на владината коалиција. Премиер може да биде само оној чија партија добила најмногу пратеници на изборите за пратеници, па затоа на Албанците им останува функцијата претседател на Парламентот да се избере со Бадинтеровиот принцип. Тоа е најдобриот начин за да бидат сите рамноправни во Република Македонија. На крајот на краиштата ние сме имале монизам, господинот Вулнет Старова беше претседател на Парламентот во 2001 година имавме случај да избереме претседател на парламентот Албанец, меѓутоа, не кои несмасни албански пратеници кои што се продадоа и го изгласаа Стојан Андов и не го изгласаа Абдурахман Алити, кој што вие многу добро го познавате, ги знаете сите нив, ги имате листинзите во Парламентот. Значи, не постигнавме претседател на Парламентот да биде Албанец. Јас верувам дека политичката волја на сите пратеници, без оглед дали се Македонци, Албанци или на друите етнички заедници, има политичка војна за да биде претседател на Парламентот Албанец, меѓутоа, добро е ова прашање да се регулира со Уставот, правејќи измена на соодветниот член за сите да бидеме рамноправни, така како што гарантира и Уставот и сите други акти во Република Македонија.

Со ова би завршил, за да не одземам многу време и ви благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Вејсели.

Три минути реплика за министерот за правда.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да истакнам дека Министерството за правда во целиот процес на измени на  Уставот на Република Македонија, почнувајќи од иницијативата за пристапување кон уставни измени за оваа втора фазам е максимално транспарентно во севкупното постапување. И во првата работна група составена од претставници од правосудството, имаше претставнци од политичките партии и во Парламентот, но по завршувањето на првата фазам, откако беше усвоен предлогот за пристапување кон уставни измени, оваа работна група беше дополнително проширена со други претставници од други политички партии од Парламентот, кои претходно не беа вклучени. На сите максимално им беше дадена можност да даваат свои иницијативи и предлози во изготвувањето на Нацрт-амандманите.

Морам да истакнам дека ваквата можност не сите ја искористија соодветно, бидејќи од страна на политичките партии од Парламентот само една политичка партија даде забелешки и сугестии во писмена форма, а останатите не доставија писмени предлози, иако им беше допуштено доколку сакаат и усмено во Министерството за правда, значи не само на формалната средба, туку и дополнително да дојдат и да ги кажат своите сугестии и забелешки.

Сакам да истакнам дека, барем тоа е моето лично мислење можеби некому не му се допаѓа активниот однос на Министерството за правда во процесот на реформи кои се однесуваат и на правосудството и на сферата на законодавството, во сферата на изборното законодавство, но Министерството за правда ќе ги почитува сите рокови и програми на Владата, за да може согласно акционите планови навремено да ги исполнува своите обврски и нема да допушти, поради нечие непостапување да бидат доведени во прашање овие реформски процеси.

Би нагласила дека овие забелешки кои што ги даваат членовите на работната група, секако дека се имаа во предвид и дел од оние што беа доставени пред изготвувањето на Нацрт-амандмантие, некои се составен дел на Нацрт-амандманите, секако дека не може да се очекува во целост да бидат прифатени предлозите на некој учесник од работната група, затоа што бројката и на учесниците во работната група е голема, а и во одредени ситуации, навистина има дивергентни сфаќања за одредени работи, но токму тоа е улогата на претставниците од Министерството за правда, да ги усогласат оние предлози што се дадени во една конзистентна целина, која би била прифатлива и за парламентарното мнозинство потребно за нивно усвојување. Бидејќи овој процес е заеднички, сите измени ние ги правиме со цел да одговараат и на приликите во нашата држава и да бидат прифатливи за пратениците кои гласаат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо министер.

Господинот Вејсели има една минута контра реплика.

Повелете господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Јас сега ќе зборувам на службениот јазик македонски, за да ме сфатите така како што треба. Пред малку зборував на албански, на другиот службен јазик.

Госпоѓо министерке, вие сте ги собрале еднаш во Министерството за правда сите учесници предложени од страна на политичките партии за да се дебатира околу уставните измени за Нацрт-амандманите и сето друго што е поврзано со тоа. Меѓутоа, вие како министер за правда сте им рекле на сите дека кој сака може писмено да се обрати до Министерството и во писмена форма да ги даде забелешките, со тоа што Владата е таа што ќе одлучи дали нешто ќе прифати или нема да прифати. За такви состаноци и за такви тела ние немаме потреба дека ние сакаме да го кажеме нашиот став. Ако Владата одлучила сама да ги...

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Вејсели, вашето време измина и зборувавте само на оној  службен јазик што е по законот, за другото ќе видиме.

Јас сум овде за тоа да кажам како се законите. Јас сум за тебе моментално потпретседател на Собрание и тоа е тоа.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Господине Вејсели очигледно  или погрешно ви ги пренеле информациите или вие сакате погрешно да ги пренесете овде.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ова е навистина многу интересен предлог кој што го дава Партијата за демократски просперитет преку нејзиниот претседател Абдулади Вејсели, меѓутоа, јас не знам зошто одат толку споро. Можат директно да предложат за избор на претседател на државата од страна на Парламентот со Бадинтерово мнозинство и на тој начин наеднаш ќе го решат проблемот, затоа што претседателот на Собранието е само заменик на претседателот во негова спреченост да ја врши функцијата. А, инаку за претседател на Влада, не знам како една од трите функции, зборуваат како најбитни во државата, ќе успеат со Бадинтерово мнозинство да го изгласаат и да ја формираат Владата, затоа што тоа пред се значи еден многу поинаков пристап кон формирањето на Влада односно како највисок орган во извршната власт.

Од друга страна, навистина, не гледам која е целта ако како граѓанин на Република Македонија ви е целта онаа иста која што ја кажа и господинот Јордановски во неговиот сон, тогаш не гледам никаква причина да барате друг

претседател, затоа што веќе имаме претседател кој што го сонува истиот сон за кој што вие зборувате. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Една минута контра реплика господинот Вејсели.

Повелете господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Јас прво не знам што да реплицирам, меѓутоа, Владата се избира по Бадинтерово мнозинство. Не заборавајте. Не може во Македонија да има Влада без Албанци. Тоа е друго.

Второ, претседател за Собранието ние предлагаме да биде со Бадинтерово мнозинство. Јас многу добро кажав, бидејќи не можеме да имаме претседател Албанец, не можеме да имаме претседател на Влада од редовите на албанците, тоа е спецификата на Република Македонија, претседател на Собранието треба да биде, дека сме имале и може да биде, поради тоа што гледам дека политичка волја има од сите, меѓутоа тоа треба со Устав да се реши. А, за да се реши треба да имаме сит една таква политичка волја, за да можеме заеднички да продолжуваме и понатаму да дејствуваме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Вејсели.

Има збор пратеникот Трендафилов Ѓорѓи.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Благодарам господине Најдовски.

Очигледно дека можеби најверојатно не сите, но некои во СДС знае нешто повеќе од останатите во СДС и можеби тоа се и мотивите за да овој предлог се најде на дневен ред на оваа седница, иако според моите скромни сознанија за вакво нешто не станува збор. Покрај оние неколку тешки квалификации кои ги слушнавме во дискусиите за политички и секакви уцени, од едноставна причина, прво нешто што барем мене ми паѓа на памет, актуелниот претседател на Република Македонија, господинот Црвенковски поучен од начинот на неговиот избор, дека премногу го чинеше цензусот според досегашниот член во Уставот на Република Македонија, значи цената која тој ја плати на тогашната опозиција, за да го надополни цензусот при изборот за претседател, се обидува да ја анулира максимално и реагира онака како што мисли дека е најдобро. Тоа значи во вториот круг воопшто да не постои цензуз.

Од друга страна дел од опозицијата, затоа што се работи врз таквиот политички пазарлак своевремено, не сака да го напушти досегашниот начин на функционирање и сека да останат оние 50%, затоа што ќе се согласите многу поскапо ќе се испазарите со 50% доколку ви се потребни, отколку само 30%. Иако, кажано со јазикот на претседателот на Републиката, овој аманман навистина бара поголемо експертко ангажирање, за да се видат сите финеси и реперкусии кои би произлегле од едно вакво инволвирање директно во изборниот процес, а во случајот станува збор за изборот на претседател на Републиката. Така што, ние максимално ќе направиме диспропорции при изборот на советите, на градоначалниците, на пратениците и конечно на претседателот на Републиката. Дали е намерата во крајна линија секој избор да биде што е можно поразличен, значи изброт за претседател да биде максимално поразличен и да има поинакви квалификации и претпоставки, отколку изборот за законодавниот дом или за локалната самоуправа.

Од друга страна предлозите во смисла дека можеби е дојдено време изборот на претседател на Републиката повторно да се врати во Собранието, исто така продлабочува измени во Уставот во делот за кој до сега сеуште не еразговарано. Да не заборавиме дека претседателот на Републиката во неговата функција е сепак врховен командант на вооружените сили на Република Македонија и тој има конкретни ингеренции и надлежности во ресорот за безбедност и во крајна линија претседателот на Републиката е оније кој од полковниците прави бригадни генерали, како што се случи последниот пат на полувреме или на концерт, ни донесе нов началник на Генералштабот. Нешто што дури и самата Влада можеби не знаела, па затоа на седницата за пратенички прашања така грчевито тврдеше дека не станува збор за промена на началникот на Генералштабот на Република Македонија.

Од сето ова што до сега го кажав, особено што овој предлог од страна на претседателот или на некои негови приврзаници во Собранието не е поткрепен со експертско ангажирање, ниту се спомнати финансиските реперкусии, а сите знаенеме колку претседателот на Републиката господинот Црвенковски е загрижен за актуелната економска и безбедносна состојба во земјава, јас колку и да сакам да го поддржам овој амандман, едноставно моето срце тоа не ми го дозволува тоа и јас нема да гласам за овој Предлог-амандман, додека не дознам кои се мотивите и крајната цел на овој предлог. Благдоарам.

**Љупчо Јордановски:** Е, па ќе дознаете ако го изгласате, па јавната расправа ќе каже. Не можете да дознаете ако не се изгласа.

Повелете, збор има министерот за правда, претпоставувам завршен збр.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, навистина со внимание ги слушав сите ваши излагања и денес и изминативе денови и оние излагања што беа изнесени на седниците на комисиите во се во Собранието, со цел сето тоа што е изложено да биде соствен дел, по можност за да се изгради една конзистентна целина на амандманите, да биде утврдена можноста да бидат составен дел на амандманите

што ќе бидат предложени до Собранието  во форма на Предлог-амандмани.

Токму поради значењето на Уставот како највисок правен акт на државата пропишана и ваква посложена постапка на усвојување на уставни амандмани, со цел сите релевантни фактори да можат да бидат активно вклучени и на крајот да се дојде до најсоодветното решение.

Демократско право на пратениците е да ги изнесуваат своите лични ставови, ставовите од своите партии овде во Собранието, но исто така сметам дека е демократски да се даде можност сето тоа што предлагачот го преточил во форма на амандмани, да биде ставено на тест на една јавна расправа на која ќе присуствуваат и ќе земат учество експерти, луѓе од соодветната област, за да може врз основа на сугестиите и забелешките од таа јавна расправа, на крајот предлагачот уште еднаш самиот да се преиспита и да ја утврди можноста за вградување на дел од сугестиите во Предлог-амандмани, со цел тие Предлог-амандмани што ќе бидат доставени до Парламентот, да бидат прифатливи за сите пратеници, за да можат да го дадат гласот за тие амандмани.

Затоа, почитувани пратеници, апелирам до вас да дадете можност и овој амандман, како и останатите да бидат ставени на тестот на јавната расправа, за да може потоа во завршна фаза врз основа на сугестиите и забелешките да доставиме како Влада, како предлагач на овие амандмани соодветни предлози. Затоа, ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Ги замолувам сите пратеници да влезат во салата.

Уште еднаш ги замолувам сите пратеници да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам претениците да влезат во салата.

Ќе се гласа за амандмани, ги молам пратениците било каде и да се да влезат во салата.

Благодарам.

Значи текстот на Нацрт на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 69 гласале за, нема воздржан, 12 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Повелете господине Анастасовски да видам што е тука процедурално.

**Иван Анастасовски:** Благодарам претседателе, сега ќе видите во што е процедурата. Бидејќи сме аргументирано во моментот единствен Парламент во Европа  кој работи на 3-ти август во ова време на овие горештини, јас сакам да продолжам со тој интензитет и барам согласно член 64, став 4, подршка од колегите пратеници за продолжување на работното време. Барам подршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислев дека ќе кажете деловнички половина час пред 18,00 часот. Од моја страна големо извинување.

Го ставам предлогот на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 42 за, 3 воздржани, и 18 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 23 од Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Многу кратко претседателе, со амандманот 23 се предлага претседателот на Република Македонија да именува двајца членови на ДСС и двајца членови  на Советот на обвинители. Бидејќи се тоа две институции де факто, каде што во наредните амандмани ќе бидат предмет на разлгедување, подетално ќе се задржиме, само сакам да го истакнам моето мислење дека давам апсолутна подршка и дека разликата е во тоа што досега претседателот на Република Македонија предлагаше, а Собранието беше тоа кое ги бираше и двајцата членови на Републичкиот судски совет. Овдека станува збор за квалитетна промена . Значи претседателот на Република Македонија да именува двајца членови на Државниот судски совет и двајца членови на Советот на државни обвинители. Сметам дека ова е квалитетен исчекор и уште еднаш ќе повторам дека апсолутно ќе го повторам овој Нацрт-амандман 23.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Слободан Најдовски потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Значи овој член и овој амандман, морам да потенцирам дека вака како што е формулиран за нас пратеничката група на ВМРО-Народна партија не е прифатлив и ќе кажам зошто.

Со овој амандман на некој начин се зголемуваат и ингеренциите на претседателот на државата. Ако за претходниот амандман имавме дискусии скоро два дена во делот на изборната регулатива , односно намалувањето на цензусот, каде што се слушнаа многу дискусии за кои што се зборуваше

и во правец на ингеренциите на претседателот, овој амандман оди токму во таа насока.

Значи, ако претседателот на државата е дел од извршната властм согласно Уставот и ако ја има таа можност да именува, наместо досега да предлага двајца членови во Советот на државни обвинители или Државниот судски совет, тоа е веќе зголемување на ингеренциите на претседателот. Се плашам дека на овој начин полека излегуваме од рамките на Уставот во делот на она што значи парламентарен систем. Би сакал да ги потсетам и другите колеги кога почна овој процес со амандманите на Уставот на Република Македонија , како и за многу други прашања, каде што беше конкретно судската власт во прашање, претседателот на државата и пред едни вакви најави на една ваква регулатива со амандманите, си зеде за право да изигрува нешто што го немаше во Уставот.

Значи, ако на овој начин претседателот на државата директно именува двајца членови од Државниот судски совет, двајца членови од Државниот совет на обвинители, ми се чини дека тука ќе нема оптимизам, ќе се поремети парламентарниот систем и оние луѓе кои што ќе ги избере претседателот, односно ќе ги именува ќе бидат доживотно благодарни. Што значи, еден од моите почитувани колеги на Уставната комисија кажа една ареченица, која јас ја подржувам , а таа беше вака: "не е битно кој именува, меѓутоа, битно е кого именува". Меѓутоа, имајќи ја предвид практиката во Република Македонија, секогаш кога институцијата претседател на Република Македонија добие вакви ингеренции, или слични, тука она прашање кого именува, одпаѓа. Никогаш не сме се воделе од некои стручни квалификации, туку секогаш се повикувало , да се задоволи нечиј апетит, или нечија волја, независно на тоа дали тој кадар заслужува да биде на тоа место. Од тие причини сметаме дека овој амандман, како и сите оние кои што произлегуваат од овој амандман во составот на ДСС , за нас како политичка партија се неприфатливи и сакаме да предложиме сега во овој момент значи до предлагачот да размисли да го преформулиира зборот :"именува" во зборот "предлага". Во таа ситуација доколку такво расположение постои кај предлагачот, доколку во третата фаза се најде зборот "предлага" наместо "именува" , тогаш можеме да го прифатиме. Во оваа ситуација, не. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Во меѓувреме од овие што се пријавија дали има некој за реплика? (нема)

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Боневал** Благодарам почитуван потпретседателе,

Амандманот 23 е неприфатлив за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Како што кажав и за претходниот амандман, амандманот 22, ние сме против отворање на Уставот во делот на ингеренциите на претседателот на државата и изборот на претседателот. Со претходниот амандман се намали цензусот, а со тоа цениме и легитимитетот се намалува на претседателот кој што треба да биде избран , а од друга страна му се даваат поголеми ингеренции, одколку досега што имаше претседателот на државата.

Сметаме дека не треба да се зајакнуваат ингеренциите, а со тоа и позицијата на претседателот на државата и за овој амандман повторно ќе прашам дали целта не е чекор по чекор да се направи измени во Уставот кои што ќе доведат до тоа да се напушти досегашниот парламентарен систем , значи досегашното државно уредување и наместо тоа да имаме вовед во претседателски систем. На тоа упатуваат многуте дискусии до сега и токму од тие причини сме уште повеќе против правење на било какви измени со амандмани на Уставот во делот на претседателот, амандмани на Уставот кои се однесуваат на избор на претседател и ингеренциите на претседателот на државата. Повторно ќе спомнам, за нас е прифатливо разговарање за промени на Уставот на државата, само во делот на судските реформи, се со цел да се направи поголем амбиент во Република Македонија за нормално функционирање на судството кое што ќе обезбеди гаранција на човековите слободи и права, меѓутоа и можност странските инвеститори во Република Македонија да дојдат и да се чувствуаат безбедни, заради тоа што тоа ќе им го гарантира судсвото во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине потпретседателе.

Имам реплика на госпоѓа Бонева.

Јас и оние пратеници кои што не го прифаќаат пва амандманско решение, во смисла на тоа да претседдателот на државата да именува двајца членови на Државниот судски совет и во Советот на државните обвинители, се обидувам некако да ги сфатам . Ова особено што сметам дека нивното неприфаќање на предлогот претседателот на државата да ги именува овие членови на овие органи, веројатно се крие во опасноста , тој , значии претседателот на државата да именува препознатливи решенија во овие органи. Дека ваквата опасност е можна, покажа и нашата стварност токму во овој период кога колку што се сеќавате во нашиот мандатен период добивме токму такви препознатливи партиски решенија за можни членови на Републичкиот судски совет. Некои од нив до ден денес можеме да ги видиме на ПРЕС конференциите на одредени политички партии , меѓу кои и на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа во такви услови и тенденции, ние како Собрание на Република Македонија бевме извесен коректор во тој поглед и со неизгласувањето не дозволивме

да се изврши одредено партизирање на овие органи.

Меѓуота, погледнато од денешен агол, мислам дека таквата опасност не е реална. Мислам дека дури на дореден начин и не постои.

Имено, Република Македонија не е веќе истата онаа што беше во 2002 година. Македонија не е истата што беше во 2003, ако сакате и 2004 година. Македонија денес, а посебн утре, како кандидат за членство во ЕУ,мислам дека нема ниту еден функционер да дозволи , а најмалку претседателот на државата да понуди, односно да именува членови кои се партиски или политички решенија, особено да не дозволи пред очите на домашната и светската јавност.

Од тука, ги повикувам колешките и колегите пратеници да го прифатат овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Сиилвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Апсолутно сум уште повеќе убедена дека навистина, не треба да се зацврстуваат уште повеќе ингеренциите на претседателот на државата. Политичката реалност во Република Македонија почитуван колега кажува нешто сосема друго . Политичката реалност во Република Македонија кажува дека сеуште имаме претседател кој што не е претседател на сите граѓани во Република Македонија , кој што оди на координација на сопствената политичка партија чиј што претседател беше досега, кој што е опкружен со луѓе само од највисокото раководство на СДСМ и сега вие кажете ми како нема да си дозволи претседателот на државата да именува партиски луѓе во ДСС. Значи која е логиката да отстапи од критериумите кои што досега му беа главни.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитувани дами и господа пратеници,

Носител на политичкиот живот и стожер на демократијата во Република Македонија е Парламентот, како највисок законодавен дом и одтука е сосема јасно дека усвојувањето на извешајот на сегашниот судски совет и на јавното обвинителство е дел од неговата работа. Така треба да остане . Воведувањето на претседателскиот систем не се знае во која насока ќе го однесе севкупниот политички амбиент и одтука сметаме дека ние како Земјоделска народна партија овој амандман е неприфатлив. Претседателот може да предлага до Парламентот, затоа што Парламентот како законодавна власт има релации и со работата на обвинителството и со работата на Државниот судски совет, а претседателот како претставничка власт , освен што ги претставува граѓаните, не би требало да има никакви други ингеренции и сосема јасно е дека Парламентот треба да си ги задржи своите елементарни функции, учеството во политиката и бранител на демократијата со евентуално на усвојување на предлози на претседателот на државата и тоа е модел кој што егзистира во сите парламентарни демократии. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Тргнувајќи од причините кои што ја натерале Владата да поднесе еден ваков амандман на Уставот на Република Македонија и имајќи ги предвид целите и образложението по повод овие уставни измени кои се однесуваат на зголемување на ефикасноста , независноста, самостојноста во одлучувањето на судовите, образувањето на процедурите и зголемување на вкупната нивна ефикасност, навистина се прашувам дали целта е да се отстрани партизираноста на македонското судство, која што ја констатиравме тука и самата Влада при предлагањето на овие уставни измени, или целта е таа партизираност да се преформулира , односно да се направи на начин кој што нема да биде како досега, туку ќе биде на еден подиректен начин преку директно именување од страна на претседателот на државата за кој што ако немате информации доволно ,доволно беше да ја гледате една емисија со него, каде што кажа дека СДСМ му бил во срцето, држи состаноци во просториите на СДСМ и со ништо апсолутно, не покажува дека тој има намера да се отргне од прегратките на неговата политичка партија, која што и ден денеска смета дека треба да биде основниот приоритет во неговото политичко дејствување. За жал така е, меѓутоа, ние немаме претседател на Република Македонија кој што има легитимитет, за да може да именува членови на независен судски орган, ниту пак на орган коу што треба да одлучува за именувањето и разрешувањето на судиите, ниту пак на орган кој што треба да одлучува за именувањето и разрешувањето и другите санкции кои што треба да се прават врз јавните обвинители и со тоа директно да влијае и врз кривичното гонење и на независноста во одлучувањето на судовите.

Јас сум согласен дека судството треба да има некаков биланс меѓу извршната, законодавната и судската власт преку изборот на судии во овие органи на јавни обвинители, како директни претставници на таа фела , меѓутоа, навистина, не ја гледам прричината именувањето од страна на претседателот на државата да биде исто онолку, колку што би се избрале државни јавни обвинители во Советот на јавни обвинители . Значи целта на мојата дискусија е само да укажам до Владата на Република Македонија на две работи.

Првата работа е досегашната поставеност на РСС. Значи дефинирана и од страна на Владата и од страна на сите работни групи кои што досега

работеа на тој план дека тој беше повеќе сервис на законодавната и извршната власт, одошто на судската власт.

Понатаму, профилираноста на членовите на поранешниот Републички судски совет , која што беше во првичната форма условот да не бидат само од редот на истакнати правници туку да бидат и од редот на судиите , значи 4 требаше да бидат од редот на судиите.

Значи четири треба да бидат од редот на судиите, а тројца од другите институции и од другите правници. Фактички се укина со Одлуката на Уставниот суд од 1993 година и тогаш политичките партии преку законодавниот дом односно преку парламентарното мнозинство не беа со ништо спречени да именуваат само врз основа на политички критериуми, нивни претставници во Републичкиот судски совет. Сега, што правиме? Сега го правиме истото со тоа што наместо законодавниот дом каде сепак некаков политички консензус барем меѓу владеачките партии се постигнуваше и мораше да се направи одреден баланс помеѓу членовите на РСС кои исто така беа предложени од тие политички партии, меѓутоа не секогаш им се поклопуваа политичките интереси и се отвораше отворена дебата која требаше да доведе доусогласеност по однос на кандидатот кој требаше да биде избран за судија, во конкретниот случај, меѓутоа сега и за јавен обвинител, затоа што знаеме дека Советот на јавни обвинители ќе се занимава и со тие прашања. Заради тоа, она што се прави сега фактички се оттргнува влијанието на Парламентот и тоа се пренесува со полн капацитет на претседателот на државата кој е политички профилирана личност и кој не може да дава, буквално никакви гаранции за остварувње на целта на овие реформи во правосудството кои ќе значат отстранување на политичките влијанија во оваа власт. Јас сум свесен дека уште Монтеские рекол дека судството не може да биде посебен дел од извршната и законодавната власт затоа што не располага ниту со фактичка моќ, ниту со средства за функционирање и во тој поглед навистина зависи и од извршната и од законодавната власт. Меѓутоа, буквалното третирање на ова прашање, со тоа што именувањето на двајца членови кои претставуваат еден голем дел од составот на Државниот судски совет, истовремено и голем дел од составот на Советот на јавни обвинители во Република Македонија, не значи ништо друго, туку преформулирање на зависноста на судството од една форма во друга форма која е многу по егзактна од досега присутната. Значи, ако веќе се согласивме дека мнозинството членови на Државниот судски совет треба да бидат припадници на судии, припадници на судската фела, еден дел од нив треба да бидат лица кои треба да ги претставуваат етничките заедници, заради случувањата во 2001 година, не можам да разберам која е логиката, претседаелот на државата да има толку силно влијание во овој дел. Ако целта е да се избалансираат некои односи кои постојат меѓу извршната власт и претседателот на државата, тоа е друго прашање кое треба јавно да биде кажано. Меѓутоа, ако целта е навистина да се создаде независно судство, или еден државен судски совет кој ќе има авторитет и навистина ќе може без проблем таа авторитетност да ја спроведува преку остварување на неговите ингеренци кои не се мали, овој член треба да се тргне, претседателот на државата да се тргне од правосудството и од Јавното обвинителство, она што претставува мешање на извршната власт во јавното обвинителство да си остане само во поглед на предлагањето на Врховниот, како што сега треба да се вика Државен јавен обвинител, а во областа на судството да се зголеми бројот на претставници кои ќе доаѓат од судовите и на тој начин од рамките на тие судии да може да си избере и идниот претседател на Државниот судски совет и на тој начин да имаме една вистинска домиманција на третата власт и гаранција, затоа што тоа претставува гаранција за независното функционирање на Државниот судски совет. Се друго ќе претставува само форма која ќе значи претурање од едно празно во друго празно, значи од едно партизирано судство, ќе се доведеме во едно друго партизирано судство, меѓутоа, тоа нема ништо да значи во однос на крајниот резултат и ќе се доведеме во една ситуација да зборуваме дека сме правеле уставни амандмани, сме менувале закони кои се однесуваат на функционирањето на судовите и на правосудството воопшто, меѓутоа, крајниот ефект ќе биде равен на нула. Затоа, мојот предлог е претседателот на државата да не се меша ниту во предлагањето, ниту во именувањето. Предлагањето може да помине, меѓутоа, тоа би довело до тешкотии во формирањето на Државниот судски совет, евентуално со некакво двотретинско мнозинство, меѓутоа тоа значи само компликување на ситуацијата и не гледам никаква политичка потреба, претседателот на државата да не му ги отстапи овие негови двајца претставници во Државниот судски совет, на судиите, значи двете места да им ги отстапи на судиите сами да си ги избираат овие двајца претставници заедно со останатите и на јавните обвинители, исто така сами да си ги бираат овие двајца претставници што му се дадени со овие аманмани на претседателот на државата и на тој начин да се намали влијанието на политиката во функционирањето и на јавното обвинителство и на судството.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

За реплика се јави господинот Зоран Томиќ.

Повелете господине Томиќ, три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Мислам дека колегата Стојаноски има пресериозен пристап кон овие уставни амандмани и ме зачудува што не сака да ја каже вистината, бидејќи овој амандман е тесно поврзан

најпрво со амандманот 28, а потоа и со амандманот 32. Имено за што станува збор.

Не е точно тврдењето на почитуваниот колега дела во државниот судски совет кој ќе биде формиран ќе има превласт на една или на друга власт, или дека тоа значи директно мешање на ингеренциите на претседателот на Републиката во судството. Зошто ова го велам:

Прво, идниот Државниот судски совет ќе го сочинуваат 15 членови од кои двајца членови ќе бидат, едниот е претседател на Врховниот суд на Република Македонија и вториот ќе биде министер за правда. Осум члена на Државниот судски совет се избираат од редот на сите судии во Република Македонија. Значи осум плус еден тоа се девет, од вкупно 15 члена, се професионални судии. Уште една потврда дека со Нацрт измените на Уставот, што се предлагаат, навистина се предлага судиите сами да одлучуваат и околу изборот и околу квалификациите и околу сите оние ингеренции што ќе ги има Државниот судски совет.

Законодавната влат е претставена преку избор на тројца членови на Државниот судски совет, значи и Собранието има удел тука. И конечно Претседателот на Република Македонија, именува двајца членови, она на што се однесува амандманот. Тоа се вкупно 15.

Ако пак сега, она што го кажуваше во вториот дел на своето излагање колегата Стојаноски, обратиме внимание на Нацрт амандманот 32, тогаш ше видиме дека Советот на државните обвинители ќе го сочинуваат од 11 членови од кои, покрај Врховниот државен обвинител кој ќе биде избран од Собранието а по предлог на Владата, останатите ќе се бираат од самиот Совет на државни обвинители, вклучен е и министерот за правда. Пет члена на Советот се избираат од редот на сите државни обвинители во Република Македонија, двајца избира Собранието на Република Македонија , а двајца пртседателот на Република Македонија.

Од сите напред наведени причини, јас го молам колегата Стојаноски, знам дека е разбран и совесен човек, сметам дека Нацртот е навистина во ред, а доколку има посериозни забелешки, истите, како што впрочем рече и министерот за правда, може да се доградат за во третата фаза, кога ќе ни дојдат предлог амандманите истите да ги разгледаме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Пред да му дадам една минута контрареплилка на господинот Стојаноски, јас би замолил да дискутираме конкретно само за овој амандман, да не го врзуваме со амандманот 28. Да можеше деловнички ќе ја споевме расправата. Со оглед на тоа што не е деловнички можно, затоа сметам сите овие дискусии да ги зачуваме после за амандманот 28.

Повелете, една минута контрареплика господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Согласно Владата, основна област е гарантирање на независност на судството.

Дали господине Томиќ вие сметате дека ќе се гарантира независност на судството со именување на членови на Државниот судски совет од страна на Претседателот на државата кој признава дека е дел од СДСМ. Значи тоа е политичката димензија.

Втората работа која треба да се прочита во амандманот 28 што не сакав да детализирам заради темата, тоа е што тројца членови избира Собранието, меѓутоа тие се избираат со Бадинтерово мнозинство. Двајца именува Претседателот на државата од кои еден со Бадинтерово мнозинство. Имате четворица. И да не навлегувам натаму за целокупниот број на членови на Државниот судски совет кои ќе треба да значат резултат на политички договор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Благодарам.

Се јавив во функција за поддршка на овој амандман од следните причини:

Овде, за разлика од постојното решение во Уставот, место "Предлага Претседателот на државата", има можност сега да именува двајца членови на Државниот судски совет и ништо повеќе.

Познато е како решение во Светот, во земјите со Парламентарна демократија и многу е битно да ги прецизираме односно да ги објективизираме условите за кандидатите што ќе ги предложи Претседателот на државата, бидејќи за мене воопшто не е важно кој предлага и кој избира. Во овој момент битно е кого предлага и кој треба да се избере. Според тоа во оној дел, сметам дека во амандманот 38 за кој сега разговаравме, во ставот 7 на крајот, мораме да прецизираме што подразбирме под истакнати правници. Тоа ќе биде обврска на Претседателот, токму од таков круг на луѓе и со таков квалитет да предлага односно да именува двајца членови на Државниот судски совет. Впрочем така било и досега, Претседателот на државата врши консултации и конечно Собранието го избира. Така ќе биде и во иднина, пред да ги именува, сигурно мора да ги почитува сите тие критериуми, доколку ги објективизираме и претпоставувам дека се помалку и помалку, од година во година ќе одиме на злоупотреба на партиската припадност и дефинитивно од партографија да се движиме кон демократија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Има збор праеникот Каролина Ристова.

**Каролина Ристова:** Ви благодарам господине потпретседателе,

Јас исто така се јавувам за поддршка на овој амандман и сакам да го искажам своето чудење зошто има спротиставувања. Мислам дека аргументите што се изнесуваат не се во ред, не само од аспект на овој амандман, туку воопшто во однос на целата концепција на разбирањето на реформите кои се носат.

Најпрвин сум зачудена затоа што како што кажа пред малку и колегата Петковски, овој вид на овластување на шефот на државата во смисла на избори и именувања, предлагања, влегува во така наречената група на церемонијални овластувања на шефовите на држави во било кои системи, дали се претседателски или парламентарни или некоја мешавина меѓу овие два системи. Во таа смисла ист случај и кај нас. Тоа е од причини што шефот на државата во било која варијанта на некој начин претставува олицетворение на самата држава, што во најголем број на држави се изразува и по тоа што шефот на државата е тој кој на официјални фотографии кои се истакнуваат во различни државни институции. Во таа смисла, од сите институции и функции во државата определени со Уставот е најпогодната а ги врши ваквите предлози именувања и избори во други институции. Ова решение всушност е решение по основ на аналогија. Досега имаше на пример, барем во областа на правосудството слична ингеренција во однос на РСС. Таа останува, а сега бидејќи се воведува еден нов орган односно институција во одно сна обвинителството, по аналогија таквата церемонијална позиција на Шефот на државата само се пренесува и во одно сна оваа институција. Меѓутоа, има еден суштински аргумент зошто ова треба да биде вака.

Во нашата држава и тоа многу често го повторуваме имаме поделба на законодавната, извршната и судската власт. Сите тие власти, самиот збор кажува власт, значи имаат овластувања, а според Уставот тоа го прават во името на граѓаните односно постои граѓански суверенитет. Кои од трите институции кои влегуваат во едната, другата или третата власт се оние кои најдиректно го добиваат гласот на граѓаните за да го реализираат граѓанскиот суверенитет? Тоа се тие институции кои одат на избори, значи Собранието на Република Македонија и Шефот на државата. Тогаш прашањето обратно поставено значи, како другите власти односно другите институции да го добијат суверенитетот на граѓаните, бидејѓи не одат директно на избори, нивните носители не одат на избори. Значи мора да се најдат механизми за прелевање на граѓанскиот суверенитет од Уставот, на другите институции, а тоа прелевање може да го вршат само оние институции кои одат директно на избори. Значи, или Собранието на Република Македонија или Шефот на државата кој оди исто така на избори. Само така, концептот на граѓански суверенитет консеквентно ќе се пренсе на сите три столба на државната власт во Република Македонија, никако поинаку. Во тој контекст ова е многу суштински аргумент, зошто Шефот на државата да биде еден од тие кој ќе именува членови, во случајот на државните обвинители.

И, аргументот кој многу често се спомнува во делот на овој амандман и воопшто, за политизацијата, партизацијата итн. Мислам дека треба да расчистиме е дна работа, како што реков сите три власти се власти, а тоа значи дека се политички по својата природа. Ако суверенитетот на граѓаните се разлева така како што велиме, не треба да имам никаков проблем. Проблемот и предизвикот што нас сега како уставотворци ни е поставен, е како да обезбедиме релативна независност на секоја од трите столба на власта, меѓутоа, и релативна зависност односно механизми на балансирање и контрола, или поинаку кажано, механизми како сите три влсти меѓусебно ќе се демнат ние да ги оствaруваме своите овластувања, а истовремено да не ги пречекоруваме. Значи оваа перспектива треба да ја имаме предвид кога дискутираме, критикуваме или поддржуваме некое решение.

Исто така, не ми е јасен аргументот кога се вели дека Шефот на државата е политичар односно бил од некоја партија. Како да кажам - добро утро. Политичари се кандидираат за шефови на држави. Тие политичари обично можат да бидат, меѓу другото поддржани од политички партии. Тоа не е никаква тајна. Кога тој политичар оди на избори за шеф на држава со изборна платформа може да е поддржан од некоја политичка партија или повеќе партии итн. Во моментот кога ќе стане шеф на дрджава со оглед на своите овластувања, со оглед на должината на мандатот што има различен циклус од оној што е на Парламентарните избори, значи по различен ритам работи од Владата односно Парламентот што би го внеле во дневната политика, сето тоа му обезбедува му обезбедува извесна дистанца од дневната политика за да може согласно Уставот да реализира постабилен курс на политиката односно да биде некој вид татко или мајка на нацијата кој со своите надлежности ќе ја дава општата клима или истабилност на политичкиот курс на државата. Меѓутоа, тоа не значи дека Шефот на државата не е политичар. Тој како политичар има свои политички вредности, меѓутоа, треба да не ги мешаме тие работи со неговата уставна позиција и дека тоа значи, ако тој дошол на платформата на некоја партија дека автоматски е партиски шеф на државата. Секогаш треба да се гледа дали тој во вршењето на функцијата тргнува од уставните овластувања, а не од дневна политика.

И тоа што беше кажувано за сегашниот шеф на држава, за неговата политичка припадност, апсолутно не треба да ни биде репер за оценување, гласање или не гласање на одреден

уставен амандман. Прво, ако ништо друго амандманите односно овие решенија не ги носиме за конкретна личност, туку ги носиме за институцијата како таква. Значи апстрактни норми кои ќе важат за секој шеф на држава имајќи ја предвид целокупната слика на Уставниот систем за нашата државба и како да го направиме тој систем подобро да функционира. Друго е прашањето дали некој ја злоупотребува таа функција. Јас незнам шефот на државата дали некогаш имате пример, на пример да не примил, еве во случајот колешката Бонева се пожали, одел на некаква средба во својата партија чие членство му е во мирување. Дали некогаш сте побарале прием кај шефот на државата, па тој ја злоупотребил својата функција шеф на држава и не ве примил, бидејќи сте од друга политичка партија. Ова реторички го поставувам, и можете да ми реплицирате ако сакате.

Значи, сите овие значајни аргументи треба да ги земеме во предвид кога ги диксутираме амандмантие и во случајот на овој амандман навистина не би требло, со оглед на тоа што е во фаза да има некаков проблем. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ристова.

Повелете господине Стојаноски, три минути реплика.

**Блаже Стојаноски:** Колешке Ристова морам најпрвин да ви укажам на една работа дека вашите верувања или вашите добри желби не можат да бидат гаранција за независноста на судовите и судиите и покрај сите аргументи кои се обидувате да ги кажувате, меѓутоа, не убедивте никого во тоа затоа што вистинска гаранција за независноста на судовите и судиите е нивото на развој на уставниот и политичкиот систем односно на вкупните демократски односи во државата.

Тоа е проблемот кај нас и како израз на тие демократски односи во државата ние имаме партиски профилиран претседател на држава кој беше избран за претседател на едни многу интересни претседателски избори.

Понатаму, фактот кој е и теоретски практично поткрепен во сите досегашни историски искуства е тој дека секој што ја поседува силата и моќта на власта доброволно нема да се откаже под влијанието на судската власт. Факт е дека тоа се случува кај нас со тоа што навистина една декларативна определба за зголемување на независноста на судството која сака власта да ја покаже, а која пред се произлегува од притисокот што оваа власт го има од Меѓународната заедница не соодвествува со вистинската политичка волја за откажување на извршната и законодавната власт од влијанието врз судството.

Јас не се залагам за судии ангели кои ќе бидат безгрешни и без контрола, меѓутоа, верувајте, има многу подобри системи кои и без учество со именување на членови во државниот судски совет и во Советот на државните обвинители од страна на претседателот на државата, функционираат многу понезависно отколку она што ќе биде резултат на оние уставни промени во Република Македонија. Можете да земете многу примери во светот, еве тука е блиску Италија доволно зборува за тоа на кој начин функционираат судовите и какви се овластувања имаат судиите, меѓутоа, каков е односот кој постои помеѓу извршната, законодавната и судската власт која се базира на коректна институционална соработка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Една минута контра реплика на госпоѓа Ристова.

**Каролина Ристова:** Колега Стојаноски јас мислам дека токму тие споредбени исксутва се земаат во предвид. Кај нас тенденцијата оди практично Правосудството да се конституира меѓусебе и се генерира, додека изборните власти имаат многу помало влијание што верувам дека понатаму ќе ни отвора дебати, но ќе видиме како ќе профункционира системот.

Конкретно за вашиот став, вие не ми кажавте која е вашата алтернатива или концепција за реализација на членот 2 од Уставот на Република Македонија каде се вели дека суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните .

Не ми кажавте како судството односно обвинителството ќе го добие овој суверенитет односно како ќе му се прелее ако не од власта која е непосредно избрана од граѓаните.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе, би сакала на две точки да и реплицирам на госпоѓата Ристова.

Таа во своето излагање рече добро е што ваквата церемонијална процедура му е дадена на претседателот. Ме зачудува ваквиот израз, бидејки овде не се работи за доделување на некаков орден или признание, туку се работи за именување на лица во едно многу значајно тело на судскиот систем, можеби најзначаен во третиот столб.

Понатаму околу прелевањето на граѓанскиот суверенитет, точно е дека граѓанскиот суверенитет треба да се прелее и на третиот столб, тој не оди на дирекни избори, меѓутоа, ова е контрадикторно со претходниот амандман. Ако го смаливме цензусот за избор на претседател, зошто тогаш му даваме право за дирекно именување. Претседателот ќе се бира, доколку амандманот се усвои, со една третина гласови, а Парламентот се бира со 50%. Зошто тогаш граѓанскиот суверенитет не се прелее преку Парламентот до третата власт? Зошто не останува правото на предлагање на претседателот или барем во најмала рака доставување на увид пред Парламентот како што да речеме има решение Америка. Таму навистина

претседателот именува директно, меѓутоа, сепак чека мислење од Конгресот. Зошто не одбравме такво решение. Згора на тоа ние сме парламентарна демократија, поинаков политички систем од она што го има Америка.

Јас навистина колешке внимателно ве слушав, поготово за делот за прелевање на суверенитетот и ако вака им предавате на студентите ќе ми создадете една искривена слика за политичкиот систем и не ќе знаат дали живеат во парламентарна демократија или некој претседателски систем.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска, но вие не зборувавте за тоа што го кажа, туку за студентите на кои им предава.

Повелете госпоѓо Ристова, една минута без право да реплицирате за студентите.

**Каролина Ристова:** Мојата друга професија воопштонема да ја коментирам, сакам едно појаснување во делот на церемонијалните овластувања, не треба тоа во буквална смисла да се свати, погрешно сме се разбрале со колешката Лалчевска, тоа е некој вид на класифицирање на овластувањата на шефот на државата изборите, именувањата и сличните овластувања според Уставот се дефинираат така. Значи,не во буквална смисла, инаку, јас се согласувам со колешката во суштинска смисла, не се работи за некаква обична церемонија.

Исто така сакам да појаснам дека ова не е во спротивност со претходниот амандман, бидејќи шефот на државата во првиот изборен круг и така се бира со многу висок цензус, претходниот амандман се однесува на втор круг што значи уставотворецот би интервенирал во смисла да се избере во прв круг, а ако дојде до втор круг да не влијае на блокирање на системот.

**Слободан Најдовски:** Господинот Оровчанец, три минути реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам. Јас би се заблагодарил на пратеничката Каролина Ристова за теоретската реторика околу поделбата на трите власти коај ја дефинира школски, разбирливо, меѓутоа, требаше да продолжи во тој контекст и преку она што беше делегирано право да укаже кое е доминантното делегирано право во Република Македонија односно тоа е Парламентот.

Што сакам да кажам? Вие побаравте решение од опозицијата, решението е во членот 1 од амандманот 23 наместо зборот "именува", да биде "предлага". Делегираното право на пратениците е тоа кое ќе го верифицира предлогот на претседателот или ќе го одбие, во секој случај тоа е избрано од граѓаните на Република Македонија.

Што се однесува до партизацијата, до политичката функција на претседателот, факт е дека тие се политички функции и уште најмалку два избори ќе имаме такви функции, меѓутоа, тоа не е добро, со оглед на ситуацијата што на тој начин може партизацијата и во судството да биде зајакнувана.

Токму од тие причини сметам дека решението би било претседателот да предлага, а Собранието практично го врши изборот по предлог на претседателот, дури и во americкиот систем кој е претседателски, без разлика што претседателот има право да именува додека тие кандидати не поминат во Конгресот, тоа добро го знаете, не верувам дека претседателот на Америка би се осудил да изврши менување на такви членови во Врховниот суд на САД.

Мислам дека сме блиску до решението со тоа што наместо "именува" да стои "предлага", а Собранието да го изврши изборот на тие две предложени лица. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Оваа втора фаза на изментие и амандманите кои ни ги предложи Министерството за правда и Владата на Република Македонија и токму заради овие измени и заради она што го бара Европската унија говори зошто ги правиме овеи промени во судството, затоа што сите говорења и сите анализи стигнуваат до тоа дека нашето судство е далеку од независно и оптоварено со политичка партизираност и затоа ништо не е чудно што Европската унија тоа го бара од нас и ние се трудиме на некој начин да најдеме решение во однос на она што значи независно судство и како тоа понатаму ќе функционира и поблиску ќе не донесе до Европската унија.

Некој од моите колеги од позицијата кажа дека ова не е 2002 година, за жал, не е, затоа што , ако во моментот ги погледнете портпаролите во Владата и кај претседателот ќе видите дека сите се од некои независни медиуми кои во таа 2002 година беа толку независни што не може никој да ги препознае. Членовите и претседателот на ДИК сега се советници на претседателот, давате предлози кои тука поминаа во Парламентот, министерот за правда од една политичка партија сега да биде член на Републичкиот судски совет и тоа сега во 2005 година, друг минситер за правда го прогласивме овде за јавен обвинител, го изгласавме, а претходниот јавен обвинител беше избран за судија во Врховниот суд на Република Македонија.

Сето тоа господа се случува сега и овде и апсолутно мислите дека е нормално и дека судството и се што се случува во таа судска власт дека е така како што мислите вие или така како што треба.

Но, претходно говоревме за претходниот амандман кои се ингеренциите на претседателот на државата и кога говоревме дека со овој амандман, со амандманот 23 тие ингеренции се уште поголеми, сега ќе прашам две работи кои не ми се јасни, зошто цензусот кај претседателот е

50% за заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, зошто во двата избори и во Државниот судски совет и Советот на државни обвинители мора едниот член да биде од македонскиот народ, другиот од заедниците што претставуваат немнозинство во Република Македонија, дали некој може тоа да го објасни.

Понатаму, она што говоревме пред малку, колешката Ристова ја нема, во претходниот мандат претседателот на државата за сегашниот претседател беше граѓанин  БТ, но на истиот начин и тој стана претседател и стана граѓанин БЦ. Сега вие кажувате дека претседателот после изборот станува татко и мајка на нацијата и тој е тој што се грижи за македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија, но, за жал тој е за некој татко и мајка, но за некој оќув и маќеа. Тука е основниот проблем што цело време ќе се толкува се додека  на ваков начин политички ние ги избираме.

Ќе се согласам со дискусијата на господинот Тито Петковски комплетно во првиот дел  за амандманот членот 1 каде се говори дека не е битно кој ќе го именува, туку да се врати кои се тие стручни лица да се направат критериуми кои претседателот ќе ги предложи до Собранието, а ние или некое стручно тело кое ќе го формира Министерството за правда од страна на судиите и на луѓето кои се компетентни да дадат свое мислење, бидат избрани. На овој начин ако ги именува ќе дојдеме во истата ситуација што пред малку ви ја кажав, сменет министер во Влада  ќе биде член на државниот совет, судски совет, советот на државни обвинители ќе најдеме некој што утре ќе биде проментет или не нашол место во партиската хиерархија и ќе биде поставен за она што е. Затоа апсолутно не сум да ги именвуа да може да ги предлага можеби, но треба да се размисли добро за да најдеме прав момент како сето ова да функционира.

На крајот ќе кажам само уште нешто, а тоа е за суверенитетот за кој говореше  мојата колешка Ристова, суверенитетот уште денеска видовме како се прелеа, веќе денес на Бит Пазар се вее знамето на Република Албанија без државно знаме ниту некое друго знаме и мислам дека казната ќе биде 50 иљади денари која сигурно градоначалникот на Чаир ќе ја плати без никаков проблем. Што презедовте и како презедовте апсолутно незнам, тоа што го говоревме за суверенитетот, го видовме.

**Љупчо Јордановски:** Ви дозволив една минута да го кажете и тоа, бидејќи поинаку нема да завршиме никогаш. Сметав дека имаме насока во амандманите, но сега гледам дека поинаку се одвиваат работите.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, моите размислувања по однос на овој Нацрт текст на амандманот одат во обратна насока од искажаните ставови на некои колеги од позицијата особено од ставовите на господинот Зоран Томиќ и госпоѓата Каролина Ристова.

Имено, појдовна основа кога некој се определува за или против овој амандман е секако претходно определбата дали е за јакнење на парламентарниот систем во Република Македонија или за јакнење на претседателскиот систем или на карактеристиките во политичкиот систем во Република Македонија да доминира односно да се окарактеризира повеќе како претседателски систем.

Јас принципиелно се определувам за јакнење на парламентарниот систем односно за намалување на ингеренциите на претседателот на државата во неговите допири до правосудниот систем односно судскиот систем на власт.

Имено, во парламентарниот политички систем стожер на политичките ингеренции се Владата и Парламентот. Претпоставувам дека претседателската функција во сферата на предлагањето на кадри во судството треба да се ограничи или да се сведе на минимум и од таа причина мислам дека постојното уставно решение е апсолутно исправно и би требало да остане статус кво во овој дел.

Мојата ваква определба е од две причини:

Прво, намалувањето на ингеренциите или во најмала рака останувањето на статус кво како што е предложено во Уставот по однос на овој амандман е дека од досегашниот плурален политички живот во Република Македонија и афирмацијата на водечките личности во политичкиот живот во Република Македонија ниту еден не го заслужил епитетот да биде татко на нацијата за да не натера да ги сменам моите ставови и да почнам да размислувам дека ние треба да го менуваме политичкиот систем во Република Македонија односно да се трансформираме од парламентарен политички систем во претседателски политички систем.

Според тоа, а таква е проекцијата во идните години не гледам некоја личност која би го заслужила тој епитет и која дијаметрално би го свртела политичкиот живот и систем во Република Македонија, така што од овој сегашен политички систем каде доминира Парламентот и Владата да се преориентираме низ уставни промени и законски промени, во афирмација на претседателскито систем.

Втор аргумент кој ме тера да размислувам дека е добро да остане постојното уставно решение, а воедно да бидам против предложениот Нацрт текст на овој амандман е што овој амандман го доведувам во корелација со претходниот амандман. Мојата логика на размислување оди по оваа насока. Ако се олеснува изборот со претходниот амандман, ако се олеснува изборот на претседателот на државата тоа значи се намалува неговиот легитимитет. бидјеки не постои  цензус за вториот круг, со тоа се

намалува во принцип и генерално неговиот легитимитет.

А тоа значи и од ова произлегува и следува дека се намалува и неговиот, ако сакате, авторитет. Според тоа, ако на некого му го намалуваме авторитетот и му го намалуваме легитимитетот, не може да очекуваме од него да му даваме повеќе права од оние што досега ги има во Уставот. Тоа е логиката на размислување. Ако дозволивме со претходниот амандман во вториот круг претседателот на државата да биде избиран без цензус, тогаш следува дека му е намален легитимитетот, воедно следува дека му е намален авторитетот, а не може сега да му ги надополнуваме ингеренциите и правата тој да може сега дирекно да именува двајца членови во Советот на државните обвинители, со тоа е во обратна пропорција овој предложен Нацрт-амандман со претходниот амандман, иако веќе претходниот помина на гласање, не може сега по обратна логика да одиме и да го гласаме овој. Од таа причина јас ќе бидам против овој Нацрт уставен амандман.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, може ли коментар, или реплика. Мене не ми е јасно дали вие сте против содржината, или против амандманот? Бидејќи ништо од овде сега што ќе биде изгласано, или неизгласано, не е конечно.

**Чедомир Краљевски:** Јас сум против содржината.

**Љупчо Јордановски:** Значи, вие сте против содржината, а не против амандманот, бидејќи амандманот може да биде сменет во текот на расправата. И затоа ве молам да бидеме прецизни.

Бидејќи никој нема пријавено повеќе за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацрт-амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Текстот на Нацртот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 65 за, нема воздржани, 12 против.

Коснтатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме

Гласале 77 пратеници, 76 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 69 за, 4 возджани, 3 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, 69 за, 1 воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 27 на Уставот на Република Македониа.

Текстот на Нацртот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 71 за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор Јанаќе Витановски:

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Амандманот 28 се однесува на составот на Државниот судски совет. Јас нема многу да водам расправа и да дискутирам, ќе дадам еден мој предлог во однос на точката 4. Овој амандман 28 предизвика исто така доста расправа на комисиите и имаше тука спротивставени мислења од страна на пратениците и од политичките партии. Овој амандман сега веќе РСС има ново име и тоа Државен судски совет и го сочинуваат 15 членови. Овој амандман го уредува начинот на кој се избира Државниот судски совет како и неговите права и овластувања и нивниот мандат. Во однос на составот, двајца членови на Државниот судски совет ќе бидат по функција и тоа е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда. Осум члена на Државниот судски совет се избираат од редот на сите судии во Република Македонија и тоа тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Постапката за избор на судиите членови на Државниот судски совет ќе се уредува со закон. Ова е сосема во ред, значи од 8 судии кои што ќе бидат избрани тројца ќе бидат од заедниците, односно со правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Според мое мислење и според мислењето на некои мои колеги не е јасно кој орган ќе врши избор на овие 8 судии. Затоа во наредната постапка предлагачот треба да определи кој е тој орган кој што ќе ги избира овие 8 судии, бидејќи овде во амандманот тоа го нема. Тројца членови на Државниот судски совет избира Собранието на Република Македонија, а членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. На Комисијата за ова се водеше доста расправа. Јас овде имам предлог и забелешка тројцата членови на Државниот судски совет кои што ги избира Собранието да не се избираат со Бадинтеровото мнозинство, туку еден од членовите да се избира со Бадинтеровото мнозинство. Двајца членови на Државниот судски совет ги именува претседателот на Република Македонија од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Мислам дека ова е сосема во ред за кое што и претходно имаше амандман.

Имам забелешка на точката 11 која што зборува за имунитетот на избраните и именуваните членови на Државниот судски совет. Овде вели дека одлучува Државниот судски совет со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број членови во постапка утврдена со закон. Значи, Државниот судски совет со 2/3 мнозинство како што е овде наведено треба да одлучува за својот имунитет. Сметам дека ако претходниот амандман во кој што претходно Владата си одлучуваше за својот имунитет, а сега имаме нов амандман со кој што за имунитетот на Владата и на членовите на Владата ќе одлучува Собранието. Мое мислење е дека за имунитетот на Државниот судски совет не треба да одлучува сам Државниот судски совет, туку за имунитетот на Државниот судски совет да одлучува Собранието. Тоа беа моите забелешки.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски. Овој член, или овој амандман 28 навистина претставува еден од суштинските амандмани кој што главно го решава прашањето на начинот на кој што го избрал Владата на Република Македонија со цел да се надмине пред се политичкото влијание и воопшто влијанието врз изборот, разрешувањето, дисциплинската одговорност на судиите. Пристапот тргнува од сите оние препораки кои што ги имавме како забелешки од Меѓународната заедница, меѓутоа пред се од фактичката состојба која што подолг временски период се состоеше во именувањето на членови на РСС кој што ја имаше истата оваа функција која што треба да ја врши Државниот судски совет, се разбира сега со зголемени надлежности за Државниот судски совет, а кое што единствено како приоритет ја имаше потребата за да се обезбеди мнозинство на свои луѓе во Републичкиот судски совет и на тој начин директно да се влијае врз именувањето на судиите во судовите на Република Македонија независно од нивото, дали се работи за основни, апелациони или Врховен суд. Сето тоа беше пропратено со начинот на кој што се вршеше изборот на овие членови, а кој што се покажа на неколку пати како директна политичка цел која што треба да биде остварена на таков начин. Па така веднаш после промената на власта, или после промената скоро на секоја власт наназад се врши именување и на нов државен обвинител, меѓутоа и на нови членови на тогаш РСС, а сега Државниот судски совет. Целта на тоа е јасна. Власта не сака да се откаже од политичкото влијание врз судството и за таа цел не бира средства. Па така имавме тука дискусии во Собранието, за да можат да бидат именувани нови членови на РСС, нивната функција се сведе не на функција, туку на обичен работен однос, иако тие по својата позиција како членови на РСС и досега имаа сосема идентична позиција како и судиите во Уставниот суд. Значи, факт е дека истата оваа власт, истата оваа Влада на чие чело тогаш беше сегашниот претседател на Република Македонија го измени тогашниот Закон за РСС со цел да си именува свои членови во тој РСС. Кога зборуваме за политичката волја, јас тука би завршил, затоа што ако почнеме поединечно да ги разгледуваме предлозите и начините на кои што се вршело тоа политичко влијание, ќе доведеме до тоа еден добар дел министри во Владата на коалицијата СДСМ и ДУИ станаа членови на РСС, па така имавме прилика пред неполн месец дена ова исто Собрание со оваа Влада да именува

еден бивш министер за правда за член на РСС, иако во тек се сеуште и за нив дискутираме уставните измени кои што треба да придонесат за деполитизација на овој многу значаен орган за функционирањето на судството во Република Македонија. Со тоа завршува се и јасно се покажува дека политичката волја недостига во реализацијата на целиот овој процес, иако министерот за правда направи големи напори за да се изнајде еден стручен, на стручен начин да се разреши ова прашање и да биде во склад со актуелните состојби во Република Македонија, затоа што сме свесни дека не можеме да зборуваме за независно судство без притоа да ги имаме во предвид вкупните демократски односи во државата, а пред се владееењето на правото, затоа што доколку не се овозможи судиите да донесуваат одлуки врз основа на законот и доколку не им се овозможи самостојност во нивната организација и функционирањето на судовите и судските органи навистина на таков начин не може да се зборува за гарантирање на некаква независност на судството.

Главната дилема која што треба да се разреши за утврдување на гаранции за независноста на судиите и на судовите е начинот на избор на судиите кој што се утврдува со овој амандман и органот кој што го врши тој избор. Досегашниот РСС сега се заменува со Државен судски совет. Членовите се зголемуваат, бројот на членови се зголемува на 15 членови, меѓутоа што тоа значи? Разгледувајќи ги компаративно искуствата на други земји видов дека еден добар дел од државите во Европа има држави кои што имаат долг демократски цивилизациски развој каде што политизацијата на судството е сведена на минимум заради влијанието и на јавноста, меѓутоа и заради политичката одговорност на оние кои што ќе се обидат, имаат некакво влијание врз судиите, или врз судовите, се појавува директно инволвирање на министерот за правда, се појавува инволвирање во Република Франција на претседателот на државата. Меѓутоа, ве уверувам дека во ниеден од тие совети кои што се занимаваат со работите на судството тие лица не се надредуваат над судството, не се појавуваат како лица кои што заради своите политички функции, или други авторитети влијаат врз изборот, или разрешувањето, или не дај Боже врз донесувњето на одлуките од страна на судиите.

Големината на Државниот судски совет зависи од повеќе фактори. Тука има и финансиски дел, односно трошоци што треба да предизвикаат особеноста на Државниот судски совет, меѓутоа и каов е неговиот состав. Овој кнцепт што ни се предлага зборува за една многу интересна ситуација што произлегува пред се од вкупните односи во Република Македонија , затоа што 15-те членови што треба да бидат именувани се претставени во лицето на, прво, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, министерот за правда.

Се согласувам дека и едниот и другиот, пред се и министерот за правда треба да има учество во работата на Државниот судски совет. Зошто го велам ова? Затоа што факт е дека цудовите не можат да работат без финансиска подршка и без презентација од нивна страна на проблемите од организационен карактерза кои што е надлежно Министерството за правда, а што директно треба да се рефлектираат и оценуваат и даваат предлози за подобрување на условите за работа на судовите, преку Државниот судски совет, а до Министерството за правда и на тој начин министерот за правда, со или без право на глас во Државниот судски совет треба да земе свое учество.

Значи тоа е таа врска помеѓу извршната и судската власт за што зборуваме и каде што треба навистина да се појави влијанието, меѓутоа во оној дел каде што има ингеренции извршната власт, а тоа е пред се финансирањето на судовите и организационите и материјални потреби што треба тие да ги задоволат, преку ингеренциите што ги има Министерството за правда.

Понатаму, со овој концепт, 8 членови на Државниот судски совет се избираат од редот на сите судии во Република Македонија. Се согласувам дека овој принцип е за поздравување, затоа што за поздравување е секогаш кога мнозинство во Државниот судски совет се судиите и тоа мнозинство може преку своите гласови што ги дава при одлучувањето во Државниот судски совет директно да влијае и многу значајно да влијае во судството во Република Македонија, затоа што оние кои се занимаваат со судската функција кои директно се соочени со проблемите можат најмногу да придонесат за надминување на проблемите со кои што се соочува судството.

Меѓутоа, тука има една друга фалинка, ако можам така да кажам. Фалинката е во тоа што не е утврдено кој ќе ги бира овие судии, на кој начин ќе бидат бирани. Тоа е оставено да се реши со закон, можеби така треба, затоа што тој дел претставува законска материја. Меѓутоа, тој закон се донесува со обично мнозинство. И тука начинот на избор е многу значаен. Затоа што ако вие одлучите од тие 8 судии што претставуваат мнозинство во Државниот судски совет, едниот, на пример тројца да бидат претседателите на апелационите судови или уште неколку судии што би биле избрани од тело што би го формирала Владата, на пример или некој друг орган што е политички зависен, тоа сето би се поставило на едни исти основи на кои што беше до сега, а тоа е чиисто политичко влијание во изборот на судиите што овој пат би се однесувало на судииите членови на Државниот судски совет и на тој начин добиваме идентичен Републички судски совет од претходниот состав, од претходните состави што е подложен на директно политичко влијание. Мојот предлог што би го препорачал до

Владата е законот што се донесува за да се избегнат овие можни манипулации при избор на судии, членови на  Државниот судски совет , да биде утврдено со закон што би се донел со 2/3 мнозинство, од една страна и нивниот избор да биде таен. Да нема можност на влијанија што би значеле притисок на судиите на различнии начини да гласаат за овој или оној кандидат кој би бил подобен на една или друга политичка опција.

Понатаму, тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Од 8 членови тројца, со математиката, колку што можам да пресметам, се работи за еден многу повисок процент од процентот што е наведен во Уставот. Ако веќе зборуваме за процентуални поставености на изборот, односно за квоти, тогаш прашањето е кој е тој кој ќе ги бира овие тројца Бадентерови судии во Државниот судски совет, односно припадници на етничките заедници?

Ако зборуваме за квалитет, за авторитет и за вистински независен пристап при избор на членовите судии во Државниот судски совет, тогаш не можеме да лимитираме со ништо. Не можеме да лимитираме во изборот на личноста дека таа ќе биде претставник на одредена етничка заедница. Се согласувам дека припадници на етничкиите заедници треба да ги има како членови на Државниот судски совет, меѓутоа не може тоа да биде на начин како што е овде дефинирано и со процентуална застапеност што апсолутно не соодвествува со нивното учество во судовите во Република Македонија.

Напротив, ако се тргне од овој принцип, а на овој принцип се додадат и од тие тројца членови што ги бира Собранието на Република Македонија, сите тие да бидат бирани со мнозинство гласови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, ние се доведуваме во една ситуација да тројцата избрани од страна на Собранието заедно со тројцата избрани како судии во Државниот судски совет припадници на етничките заедници и еден кој го именува, како што стои тука, Претседателот, а кој мора да биде припадник на етничките заедници, до една бројка од 7 лица кои се припадници на етничките заеници.

Во ваква ситуација навистинаљ треба да се прашаме дали  треба да поднесуваме амандмани во кои што би се заштитило присуството или застапеноста намнозинскиот македонски народ во овие органи, затоа што како што тргнал целиот овој процес, фактички не се зборува за спздавање квалитативно подобро судство,туку и тука се политизираат меѓуетничките релации во Република Македонија. Тука е и одговорот на едно прашање што го слушнав од колешката Ристова дали Република Македонија е и граѓанска држава.Јас би ја упатил кон читање на овој амандман, па ќе си даде одговор дали Република Македонија е граѓанска држава или е држава во која што, ако нешто не им се удоволи на етничките заедници, веднаш се доведува во ситуација Републиката да трпи и се доведува во состојба на блокади од секаков вид.

Понатаму,заедно со тие 8 судии и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија би се дошло до една бројка што би претставувала, согласно овој концепт, мнозинство во Државниот судски совет и министерот за правда како десетти член.Тројцата членови што и понатаму треба да ги избира Собранието на Република Македонија, не е наведено по чиј прдлог,затоа што тука се мисли веројатно на досегашниот начин наизбор и на учеството на Собранието на Република Македонија во изборот како законодавна власт или како дел од трите власти и учеството на законодавната власт во Државниот судски совет и единствено тука се водело сметка повторно за гласовите на припадниците на етничките заеници.

Се прашувам, дали авторитетот на овие членови на Државниот судски совет кои треба да ги избира Собранието на Република Македонија произлегува од согласноста на опозицијата и позицијата во нивниот избор, односно од утврдувањето на фактот дека тие членови немаат политички бенграунд, политичко влијание што би било значајна во понатамошниот нивни ангажман како членови на Државниот судски совет, туку единствено важно тие да припаѓаат на одредена етничка заедница, значи нивната етничка припадност. Во ваква ситуација во голем дел се девалвира можноста законодавниот дом да одбира, затоа што е факт  дека овие тројца членови нема да бидат избрани доколку во нив нема или тројца албанци или двајца албанци или најмалку еден албанец а двајца други кои би биле припадници на други етнички заедници. Заради сето ова сметам дека амандманот не може да биде прифатен.

Двајца членови на Државниот судски совет ги именува Претседателот на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Не пишува никаде каков треба да биде професионалниот лик на овие двајца членови што треба, согласно овој амандман, да ги именува Претседателот на Република Македонија, меѓутоа е многу важно каква етничка припадност ќе имаат тие двајца именувани, согласно овој предлог, според кој јас кажав при дискусијата по тој амандман дека не се согласувам со учеството на Претседателот во именувањето, па и предлагањето на членови на Државниот судски совет.

Во однос на тоа кој ќе раководи со Државниот судски совет, исто така е многу битно да се има во предвид пристапот кон телотото што треба да ги именува и разрешува и да се грижи за судските прашања во Република Македонија . Тоа е Државниот судски совет, затоа што претседателот на Државниот судски совет, доколку се утврди на

ваков начин како што предлага Владата, тоа да биде претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, апсолутно се оневозможува да се избере претседател што ќе биде вистински претседател на судиите во Република Македонија. Затоа, мојот предлог е за претседател на Државниот судски совет да биде личност што ќе биде избрана од редот на судиите членови на Државниот судски совет со тајно гласање. На тој начин ќе имаме навистина непристрасен избор, затоа што фактот со присуството на министерот за правда и со учествување на Врховниот суд во Државниот судски совет , навистина сметам дека судиите кои се членови на Државниот судски совет би биле изложени на директно или индиректно влијание по однос на нивното однесување како членови, во однос на нивната непристрасност во одлучувањето.

Во однос на изборот на Државниот судски совет кои треба да бидат со Батентерово мнозинство, тоа значи дека треба да се води сметка за припадноста на етничките заедници, тој дел , точката 7 што е наведена во однос на ограничувањето односно профилите на личности што треба да ги избира Собранието на Република Македонија да се вметне во точката 4 што се однесува на избор на членови на Државниот судски совет од страна на Собранието на Република Македонија и со тоа би се решило ова прашање, затоа што фактот дека во оваа точка се наведува членовите што ги избира Собранието односно што ги именува Претседателот на Република Македонија се од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници. Јас ве уверувам дека истата оваа одредба може да заврши со тоа што ќе бидат најголем дел од предложените, доколку не се отстрани политичкото влијание во нивниот избор, од редот на други истакнати правници, меѓутоа од други истакнати правници кои припаѓаат на етнички заедници кои нив ги предлагаат преку политичките партии што се на власт во моментот на конституирањето на Државниот судски совет.

Исто така, треба да се реши траењето на мандатот. Наведено е на 6 години, но не е наведено дали може неограничен број пати да се повторува тој избор или пак членовите Државниот судски совет имаат ограничен број пати на избор како членови на Државниот судски совет. Тоа треба да се допрецизира.

Во однос на имунитетот ситуацијата е јасна. Со тоа што за имунитетот на избраните и именуваните членови на Државниот судски совет долучува Државниот судски совет со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број членови во постапка уредени со закон.

Овде има простор за размислување, за корекција на овој дел, со тоа што јасна ни е целта што предлагачот на овие уставни амандмани ја имал, а тоа е самиот Државниот судски совет, кога ќе биде конституиран да изгласа по прашање на имунитет на негов член и тоа со цел да не претставува тоа санкција за начинот на одлучување или работа во Државниот судски совет, за што е предвидено 2/3 мнозинство. Во одредени случаеви тоа може да биде прифатливо, меѓутоа може да има и некаква алтернатива што веројатно ќе значи учество на Собранието на Република Македонија во некои ситуации каде што, заради едни или други прашања не е можно да се изгласа имунитет во смиот Државниот судски совет, меѓутоа да бидат наведени точно условите што треба да бидат исполнети за отворање и за покренување на прашање на имунитет на член на Државниот судски совет и на тој начин да се надминат можните дилеми што ги имавме тука во Собранието на Република Македонија во случајот се еден колега пратеник.

На член Државниот судски совет, согласно точка 12 од овој амандман, му престанува функцијата ако тоа сам побара, ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата член на Државниот судски совет.

Првото прашање е јасно. Ако самиот побара, прашањето е на кој начин, веројатно ако поднесе оставка. Можеби би било поадекватно да се прецизира што претставува барањето на членот на Државниот судски совет. Меѓутоа ако трајно ја загуби способноста за функцијата член на Државниот судски совет, навистина треба да се утврди кој е тој орган кој утврдува губење на способност за вршење на фунцијата член на Државниот судски совет и дали тоа претставува губење на неговата деловна способност или претставува она што е определено за други функционери со Уставот на Република Македонија, некаква осуда за затворска казна над 5 години или над 6 месеци или некои други случаеви што навистина треба да бидат компатабилни со други функции од овој ранг што се многу добро прецизирани и во Уставот на Република Македонија, меѓутоа и еден добар дел на закони што ја регулираат оваа материја.

Она што е најинтересно, тоа е последната алинеја кога му престанува функцијата на член на Државниот судски совет, а тоа е заради повреда на Уставот на Република Македонија и потешка повреда на законите во вршењето на функцијата, што ги утврдува Државниот судски совет.

По однос на прашањето на имунитетот имавме заштита, со тоа што 2/3 мнозинство од Државниот судски совет требаше да му изгласа одземање на имунитет на член на Државниот судски совет , а да го разреши со самото тоа што со разрешувањето нормално му престанува и заштитата што му ја дава имунитетот. Апсолутно немаме ограничување во однос на начинот на неговото разрешување во смисла на 2/3 мнозинство, туку се однесува на просто мнозинство. Ако тоа се утврди со Деловникот за работа на Државниот судски совет, со тоа што

одлуките би се носеле со присуство само на мнозинство од вкупниот број членови на Државниот судски совет, тоа би значело многу силно политичко и секакво друго влијание врз секој од членовите на Државниот судски совет за кои што, како што знаеме тука, имавме случаи на повреда на Уставот што беше наградувана во Република Македонија и понатаму верификувана како таква. Потешка повреда на законите имате и денес. Еве, на Бит Пазар прошетајте, има истакнато само албански знамиња, меѓутоа тоа не е проблемот. А овде, што значи дека разрешувањето на член на Државниот судски совет може да биде за било какви повреди на законите што со одреден број на гласови во Државниот судски совет би биле утврдени како потешки повреди.

Тоа е она што сакав да го кажам.

Во точката 15 е наведена неспоивоста со вршење на други јавни функции и професии. Сметам дека тоа треба да се дополни и со членство во политичка партија, затоа што тоа е пред се од формален аспект, затоа што имаме многу такви функции како Претседател на држава и други фунции каде што во формална смисла не претставуваат членови на политичка партија, меѓутоа во суштинска смисла се поголеми членови одколку многу други членови во таа партија.

Заради тоа предлагам неспоивоста да се вметне во точката 15, да биде наведено и неспоивост со членство во политички партии.

Тоа е она што се однесува на овој член. Малку подолго можеби ви одзедов време во смисла на детализирањето на секој дел од овој член, меѓутоа, сметам дека ова е основниот член, амандман на Уставот од кој што произлегуваат сите понатамошни реперкусии по однос на независноста на судството, а тоа нормално влијае и врз ефикасноста и врз начинот на одлучување и можностите на секој судија поединечно и на судовите во целина да функционираат како трета власт која што ќе биде во еден баланс и со извршната и со законодавната власт.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојановски.

Инаку, времето не е толку проблематично, бидејќи Деловникот дозволува. Битно е дека во ниеден сегмент не излеговте надвор од темата.

Повелете господине Каме Петров имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе,

Јас ќе се обидам да осветлам и некои други аспекти од ова прашање, веројатно да изнесам и поинакви согледувања во друг правец и се надевам дека ќе бидам поконцизен во однос на мојот колега.

Имено, според содржината на овој нацрт амандман од Уставот на Република Македонија,а имајќи ја во предвид суштината и на следните амандмани кои по него доаѓаат сметам дека може да се заклучи следното.

Прво, во системот на поделбата на власта во општеството очигледна е интенцијата преку државниот судски совет и неговиот делокруг да се придонесе во зацврстувањето во остварувањето на судската функција.

Второ, преку неговиот нов состав сега со доминантна застапеност на судиите се очекува да се изврши исто така зацврстување, но овој пат на независноста и непристрасноста на судското одлучување, на зајакнување на самостојноста и независноста на судските органи кои што мораат да одлучуваат во рамките на Уставот и законот.

Трет аспект е државниот судски совет. Согласно овие интенции се и инаугурира како орган на државата, како орган кој работи во рамките на судството, но тој не е суд, не е законодавна, не е извршна власт, односно надлежност, туку е самостоен и независен орган.

Тоа се генералните оценки кои можат да се извлечат од текстот на амандманот на Државниот судски совет.

Одредбите генерално исто така се добри, но треба да се има во предвид дека изборот на судиите досега го вршеше Собранието на Република Македонија на предлог на РСС. Не велам дека ваквото досегашно решение беше добро и јас мислам дека овие измени во Уставот се неопходни, но сакам да истакнам неколку тези кои искуствено треба да бидат мислам одредена поука и за наредниот период. Станува збор за следните неколку работи.

На предлог на РСС ова Собрание изврши разрешување на неколку судии од првостепените и второстепените судови во државата на Предлог на сегашниот состав и на поранешниот состав на РСС.

Или ддруг пример, некои предлози за избор на дел од сутиите, мислам на мал дел не поминаа во ова Собрание, не се избраа, меѓутоа како изминува времето се повеќе сум убеден дека ваквите одлуки на Собранието сепак беа оправдани. Добар дел од овие луѓе не велам сите, велам помал број иако ја сменија професијата денес проферираа во солидни моќници. Некои од нив се во позиција дури и денес да вршат и притисок врз носењето на одлуки на судовите.

Според тоа иако реков дека сум задоволен што оваа ингеренција главно се одзема, нешто останува, меѓутоа изборот сепак доминантно не го врши Собранието како одминува времето се повеќе мислам дека Собранието не беше центар на политизацијата на судските органи, туку прифаќајќи или не прифаќајќи некли одлуки повеќе беше гласот на јавноста, затоа и повторувам гласот на јавноста.

Затоа поддржувајќи го овој амандман во пакет со следните неколку амандмани сакам да потенцирам дека иако Државниот судски совет е

компониран од доминантна застапеност на судиите со овој амандман тоа значи поголема застапеност на професионалците, тој сепак мора да внимава да не се претвори во строго формален орган, а истовремено треба да има и слух и за размислувањето на останатите членови на овој РСС. И, покрај ваквите мои квалификации јас сум сепак на страната на фактите и на околностите. Значи, сум на страната на фактите и на аргументите, но некои индиции треба да се сослушуваат. Некои индиции треба да се проверуваат особено ако за некои се повторуваат, траат долго и за нив во микросредините и децата зборуваат. Судството знаеме дека е суптилна организација и многу суптилно треба да се постапува особено во предлагањето и изборот на судиите.

Значи, поентата ми е дека јавноста, или гласот на граѓаните не треба да се запоставува. Дотолку повеќе што во составот на Државниот судски совет сакам да го препознаам дури и принципот на зборност во судското одлучување. Сакам во составот на судскиот совет да го препознаам ова начело, затоа што сметам дека со тоа се обезбедува поголема сигурност и правичност на одлуките на овој совет, согледување на сите факти и околности спречување на субјективизмимте и создавање на можности за размена на мислење на членовите на Државниот судски совет.

Конечно, шареноликиот состав на овој орган мислам дека ќе овозможи и одредено не судско гледање на работите од страна на професорите, на адвокатите и другите со што ќе се намалуваат можностите на изнесените професионални, на извесни професионални деформации на оние кои целиот работен век го поминале во спроведувањето на законите.

Значи, се залагам за меѓусебна контрола и рамнотежа што ќе имплицира судовите да го чувствуваат животот, да донесуваат законити одлуки, но и тие одлуки да бидат живототворни.

На така поставените работи мислам дека не би сметало членови на Државниот судски совет да имаат и подолг мандат, според мене и осумгодишен мандат. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски,потпретседател на Собранието)

Благодарам господине Петров.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине потпретседателе,

Значи дојдовме до амандманот 28 и според содржината на сите претходни и сите по овој амандман овој амандман сигурно задира токму во она што може да се нарече реформи во судството и можеби е главната интенција поради која ги правиме овие измени на Уставот.

Значи, која е целта на амандманот 28. Целта е изборот и разрешувањето на судиите од досегашната надлежност во Собранието на Република Македонија да премине во еден орган кој што сега ќе носи име Државниот судски совет. Овој орган не случајно го менува името во Државниот судски совет затоа што треба да се разликува од функцијата и позицијата од она што досега го имавме, а го имавме според уставот името односно функцијата или институцијата РСС. Можеби еден збор не менува ништо, меѓутоа ако се прочита целиот амандман и која е интенцијата на самиот амандман ќе се види дека во суштина многу се менува.

Имено, досегашната позиција на РСС беше таа што тој орган предлагаше именување и разрешување на судии до оној кој што ги избира, ги избираше Собранието на Република Македонија. Тој орган и досега беше многу дискутабилен, многумина или многу колеги можеа со право да го наречат како квази судски орган, беше тотално недефиниран, не му се знаеше каде му е местото, дали му е местото во судските органи или во државните органи и беше многу дискутабилно што тој орган во суштина прави освен она што со неколку члена во Уставот беше кажано.

Праксата покажа и досега дека главната улога сепак ќе ја има претставничкиот дом, поточно Собрнието на Република Македонија, од каде што сите судии беа именувани и беа разрешувани сите овие години.

Главните забелешки кои што доаѓаа и од Меѓународната заедница и од кај нас, од Република Македонија од јавноста, од стручната фела беша во тоа да премногу се користеше политиката, или политичкото влијание изразено преку политичките партии во Собранието така да многу пати и не многу пати така ретко се случуваше и покрај таа улога што ја имаше РСС согласно Уставот како единствен стручен и компетентен орган да предлага кандидати за избор или разрешување на судии овде во Собранието да не поминуваат заради волјата на парламентарното мнозинство, заради волјата на некоја политичка партија и слично така да не често ни се случуваше да имаме повторување на избор на судии без посебни објаснувања на критериумите, без посебно образложение од страна на пратениците итн.

Затоа ни се случуваше зависно како ни се менува власта така и да ги оквалификуваме судиите дека се на некој начин политички обоени така да секогаш при нивниот избор парламентарното мнозинсво кое е дел од Владиното мнозинство го има последниот збор при изборот. Таквата позиција на самиот судија не му даваше одврзани раце, поточно не можеше да седне на онаа функција, на онаа задача на која што треба да работи согласно законот и Уставот односно да биде самостоен. Многу пати се случуваше да биде условуван, многу пати политичкото влијание

не само во текот на изборот туку продолжуваше и во текот на неговата работа, политичките закани и ред други работи каде што се доаѓаше до ситуација да ни се случува, тоа што ни се случуваше во праксата.

Нормално дека ако треба да пристапиме кон реформи на судството треба да изнајдеме навистина модел со кој што судството и како трета власт или судската власт мора да ја одвоиме од она што значи законодавна и она што значи извршна согласно поделбата на власта во Република Македонија.

Ако првиот чекор беше изгласувањето, донесувањето на судскиот буџет како еден прв чекор кој што може да покаже дека и од тој аспект дека судската власт треба да биде независна ова е втор чекор и навистина треба да се гради храбро и навистина со добри мерки за да имаме комплетно независно судство.

Да се вратам на амандманот кој што нуди овде одредени решенија.

Значи, овој амандман предлага во иднина предлагањето и разрешувањето на судиите да го врши овој орган кој носи назив Државниот судски совет, кој што ќе биде составен од 15 членови.

Значи, целата улога досега од Собранието, улогата што ја имаше Собранието во насока на избор и разрешување на судии сега сce дисперзира во рамките на еден помал орган, во орган кој што се вика државенсудски совет и кој што брои 15 члена.

Дали е тоа добро решение можеме да слушнеме и критики за, но и критики против. Може да се слушнат и најверојатно и во јавната дебата која ќе следи после усвојувањето на овие амандмани во оваа верзија ќе слушнеме дека ваквите органи составени од помалку членови, независно дали се 15 или се 25, но орган кој што е дисперзиран од Собранието, а Собранието е претставнички орган на граѓаните на Република Македонија , може да биде орган кој што многу лесно подлежи на корупција.

Ако го погледнеме внимателно составот, начинот на кој што тие 15 членови на тој Државниот судски совет од каде доаѓаат, како доаѓаат може повторно со доза на еден скептицизам да кажеме дека не е тотално елиминирано политичкото влијание.

Предлагачот се потрудил да направи една шема, која што шема е како би требало да се состави тој РСС односно Државниот судски совет, го задржува и политичкото влијание, но прави напор да има барем еден процент, поголем процент она што значи членови, на таквиот државен судски совет да бидат од редот на судиите. Она што досега го немаше и она што досега согласно одлуката на Уставниот суд и не можеше да го има заради проблеми во самиот Устав.

Дали предлагачот ја најде вистинската формула, јас веднаш ќе кажам не. Да бидеме отворени и да бидеме искрени, ниту пак во оваа фаза може да го најде вистинското решение, затоа што ова сега е обид кој што го правиме. Се разбира дека предлагачот се потрудил да направи една компаративна споредба со она што е искуство во другите земји, да го прилагоди по она што значи Република Македонија и од финансиски аспект и од она што значи колкава држава сме ние, колку народ имаме, демографската структура и се друго, се потрудил да го задоволи етничкиот карактер, да го уклопиме овде и Рамковниот договор, да нема некој запоставен итн., и сето тоа придонесува составот да биде една мешавина која јво иднина може да биде проблем. Кога сакате да ги задоволите сите апетити, на крајот повторно ќе ни се случи органот, Државниот судски совет за она што е сторен да не ја обавува функцијата која што треба.

Значи, веднаш на почетокот ќе видиме дека членовите во Државниот судски совет судски совет се класираат на неколку вида. Имаме двајца членови по функција од кои едниот е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија а другиот е министерот за правда.

Учеството на министерот за правда како директен член на извршната власт веднаш го поставува под знак прашалник дали треба да биде тука присутен. Значи, погледнето од наш аспект, со наши очи ние веднаш ќе дадеме тука забелешки. Погледнато со очите на меѓународната заедница или можеби во споредба со некои други земји ќе видиме дека праксата некои членови од извршната власт да биде присутен во рамките на ваков орган и не е некоја непознатица, меѓутоа тука се прави една разлика и многу земји го имаат ова решено на неколку начини. Да речеме министерот за правда може да биде по функција член на Државниот судски совет но без право на глас. Кај нас со овој амандман тоа не е предвидено што значи министерот за правда има право и да гласа.

Јас би сакал и ако веќе се залагаме судската власт да ја издвоиме да нема никакво политичко влијание, ако ни е тоа желбата да се елиминира присуството или членувањето по функција на министерот за правда или било кој друг член од извршната власт.

Понатаму, ако погледнеме и во амандманот 32 каде што се зборува за Советот за јавните обвинители ќе видиме дека и тука по функција е присутен министерот за правда, така да можеби тој министер, или тој член на извршната власт ќе биде еден од најангажираните во рамките на Владата.

Значи, за тоа треба сериозно да се размисли дали е потребно да одиме со членување по функција во правец на присуство рамноправно, членување рамноправно со право на глас или тоа да го дистанцираме. Значи тоа е една работа.

Потоа, се оди со една друга констатација.

Значи, осум члена на Државниот судски совет да се избираат од редот на сите судии во Република

Македонија. Како ќе биде тој избор, постапката итн., да се регулира со закон. Тоа е добро решение и мислам дека она што недостасуваше досега во самиот устав, но и во целата оваа пракса се покажа дека токму ако веќе станува збор за избор на судии најдобро е тоа да си го прават оние што се стручни, копетентни, самите судии. За жал ние во РСС многу малку имавме судии, затоа што Уставот немаше таква обврска освен што зборуваше за истакнати правници. Но, тука мора веднаш да се постави прашањето зошто предлагачот се определи на број од осум члена, зошто тој број не го зголеми на 10 или повеќе за да му дадеме простор навистина на судската фела сама да си одлучува или сама да избира за она што смета дека е најкомпетентно таа да биде во рамките на оваа власт.

Значи, продолжувајќи во шемата на правење на некакви си компромиси понатаму овој амандман од став 4 предвидува тројца членови од Државниот судски совет да останат во рамките на надлежноста на Собранието. Повторно Собранието ќе избира но овој пат само тројца. Тука, е многу интересно решението каде што се вели дека "при што мора да има мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија".

Ова апсолутно не ми е јасно, зошто Бадинтерово мнозинство при избор на тројца членови на Државниот судски совет, зошто ни е тоа? Кога на некој начин се влегува по клуч, зошто да биде Собранието ограничено со Бадинтерово мнозинство при избор на обични членови на Државниот судски совет, ако веќе тоа право го даваме, во рамките на Уставот, со оние амандмани после Рамковниот договор, каде што е јасно дефинирано каде и кога може да се оди со Бадинтерово мнозинство. Ако досегашното решение во Републичкиот судски совет е составен од 7 членови, едно вакво Бадинтерово мнозинство имаше логика, на овој начин каде што сите на некој  начин учествуваат од извршната власт, преку функцијата, судии, каде што од редот на 8 судии можат да бидат 3 албанци и не знам кои други од заедниците, не знам зошто Собранието се ограничува на овој начин.

Понатаму, се оди на тоа - она што го споревме кај претходниот амандман - двајца членови на Државниот судски совет да ги именува претседателот на Република Македонија, од кои еден мора да биде припадник на заедниците во Република Македонија. Сега ако направиме една математичка пресметка која Уставот ја дава и Уставот ја дава како можност, нам може да ни се случи малцинството да стане мнозинство во рамките на Државниот судски совет. Ако еден од именуваните од страна на претседателот мора да биде припадник на заедниците, тројца од Собранието кои што мора да имаат Бадинтерово мнозинство, од кое може да се случи и двајца да бидат албанци, од друга страна, 8 од судиите, па претпоставувам некоја бројка 5 плус 3, и таму некој мора да води сметка за пропорцијонална застапеност, нам може да ни се случи во Државниот судски совет да седат и 7 и 8 припадници на етничките заедници и да дојдеме, наместо позиција на малцинство да дојдеме во позиција на мнозинство. Не гледам потреба зошто тоа мора да се нарпави со една ваква уставна одредба, затоа што сметам дека пред се треба да биде стручноста, пред се треба да се цени квалитетот на оние кои што треба да работат тука, освен некаква пропорционална застапеност, макар што и тоа треба да биде застапено. Таму каде што не треба, не треба ни да стои тоа Бадинтерово мнозинство,особено не во делот Собранието каде што избира. Го кажав нашиот став, мојот личен став, но и ставот на пратеничката група, односно овој дел и ставот 5, каде што претседателот на Република Македонија именува двајца членови апсолутно да се брише, да отпадне, тие двајца членови нека бидат од рамките на оние 8, каде што треба да ги бираат судиите, сами нека си изберат наместо 8 да бидат 10 и на тој начин, еве, нека биде и по предлог на претседателот на државата или пак во рамките на Собранието, со оглед дека останува тука позицијата на Собранието, наместо тројца нека избираат петтмина, со тоа што двајца од нив нека ги предлага претседателот на Република Македонија. Мислам дека на тој начин ја задржуваме уставната рамка, ја задржуваме позицијата и до сега и нема зошто да даваме некаква позиција на претседателот од она што не ја заслужува.

Ставот 6 е доста дискутабилен, тоа го кажав и на седницата на Уставната комисија. Значи претседателот на Државниот судски совет е претседател на Врховниот суд на Република Македонија. Овде имаме дуплирање на функции. Замислете сега од една страна, оној што е претседател на Врховен суд, по автоматизам, со тоа што станал претседател на Врховниот суд, тој по функција е и член на Државниот судски совет, но во исто време е и претседател на Државниот судски совет. Многу функции во рамките на една личност и тука веднаш ќе се псотави прашањето што ќе правиме ако треба да се покрене постапка за разрешување на претседателот на Врховниот суд. Што тогаш ќе правиме? Дали позицијата на претседател на Државниот судски совет во тој случај нема да биде искористена во контекст на тоа да не дојдеме до објективни причини, па и објективна одлука од страна на Државниот судски совет истиот претседател да го разреши. Значи, при 15 члена во Државниот судски совет, јас лично не сум едната функција да ја правиме со повеќе функции, што мислам дека е непотребно. Претседателот на Врховниот суд нека си биде претседател на Врховниот суд, по функција нека членува во Државниот судски совет, но сосема друга треба да биде личноста во рамките на претседателот на Државниот судски совет. Јас би предложил тоа да биде од редот на судиите кои

што ќе се изберат со нивно гласање или не знам на каков начин, тоа можеме да го регулираме во рамките на овој амандман во третата фаза. Сега за сега како забелешка ја искажавме и ние категорично ќе стоиме против едно вакво решение, па доколку се најде во третата фаза, бидете сигурни дека овој амандман нема да го поддржиме вака како што стои.

Ставот 8, каде што се зборува за мандатот на избраните и именуваните членови во Државниот судски совет, мандатот изнесува 6 години, тука би сакале да се прецизира дали тоа значи 6 години во неограничен број пати или пак само 6 години. Значи точно да се прецизира дали има право на повторен избор, дали нема право на повторен избор, неограничен е тој и т.н. и мислам дека треба да се прецизира.

Морам да истакнам една работа која ја кажав и на седницата на Уставната комисија. Амандманот 28 навистина е доста гломазен, обемен, содржи 16 става. На прв поглед, јас лично не сум заложник во Уставот, па и во некои Закон, да имаме амандман или член кој што има толку многу ставови, а особено кога во истиот тој амандман се расправа за повеќе работи, не многу поврзани. Значи во еден дел од тој амандман зборуваме за избор, односно кој го сочинува, како го сочинува, кои луѓе влегуваат по функција и т.н., тогаш во другите делови, во делот од ставот 9 до ставот 11 зборува за имунитетот и т.н., што не мора да биде во истиот амандман, тоа може да се раздели во друг амандман како што направивме и кај претходните амандмани. А пак кај ставот 12 веќе се зборува за престанок на функцијата, за разрешување од функцијата, што може да биде во некој нов амандман, за да немаме претрупани амандмани, односно овој амандман да не биде вака обемен и гломазен. Мислам дека тоа е постилски, ќе биде поразбирлив и поуочлив.

Кога сум кај разрешувањето на член на Државниот судски совет, ставот 13, јасна е одредбата, кога ќе се каже дека член на Државниот судски совет се разрешува, ако е осуден за кривично дело и безусловна казна затвор во најмалку од 6 месеци, затоа што сите ние знаеме кој може да го осуди и дека тоа е врз основа на една правосилна пресуда од страна на судот, во таа ситуација автоматски по автоматизам тој треба да биде и разрешен. Но не е јасна одредбата во ставот 13, каде што се зборува "заради повреда на Уставот на Република Македонија и потешка повреда на законите во вршењето на функцијата, што ги утврдува Државниот судски совет". Тука е многу дискутабилно, значи Државниот судски совет треба да одреди и утврди вина или причини за повреда на Уставот на Република Македонија, и потешка повреда на законите, на сопствен член. Тука ќе биде јасно дека ќе преовладува субјективизмот, тука ќе биде јасно дека не можеме да дојдеме до орган, кој е составен од членови на Државниот судски совет да одлучува за некаков нивен член, врз основа на некаква повреда на Уставот или на законите. Мислам дека тука таа улога треба да ја преземем некој друг орган, затоа што овде нема да имаме објективност. Значи предлагачот ќе мора да изнајде некое подобро решение од ова што во ставот 13 алинеја 2 се нуди.

Можеби по ставот 15, каде што се зборува за функцијата избран и именвуан член на Државниот судски совет е неспојлива со вршење на други јавни функции и професии, треба да се додаде "и да членува во политичка партија", за да се поистовети, односно јасно да се укаже дека судската функција или функцијата на Државниот судски совет треба да биде неспојлива со членување во политичка партија. Вака може да се отвори простор, доколку јасно не се каже во самиот амандман за можноста еден член на Државниот судски совет да биде и член на политичка партија.

Да резимирам, ако сакаме навистина независно судство, ако сакаме таа власт да ја издвоиме од рамките на сите можни политички влијанија и да дојдеме до објективност, но и до поголема стручност во рамките на судството и во рамките на судската власт, треба да одиме во овој правец, но сите овие забелешки и сите овие размислувања, искажани и овде од нас како пратеници, на самата Уставна комсија и на другите комисии, но верувам и во јавната дебата која ќе следи, предлагачот ќе мора сериозно да ги разгледа и ќе мора да обрне сериозно внимание за да дојдеме навистина до едно решение кое можеби нема да биде дадено во овој момент, но сепак решение кое ќе биде подобро од она што во овој мометн го имаме, со цел да дојдеме до ефикасно и ажурно судство и повеќе да го елиминираме она што значи политичко влијание во судството. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Топузова Кареска Роза, повелете.

**Роза Топузова Кареска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван минситер за правда, почитувнаи колеги пратеници, имајќи го пред нас текстот на Нацртот на амандманите, сосема е очекувано со уставните промени,односно со амандманите за кои денес расправаме, конечно да започнат толку долго очекуваните реформи во судството, кои пак ќе ни овозможат објективно и се надевам во целина независно судство, а со самото тоа ќе се симне хипотеката за политизација и партизација на судството.

Со реформите, особено со овој амандман, ќе се овозможи јасно разграничување и рамнотежа меѓу законодавната, извршната и судската власт, што секако е предуслов за јакнење на демократските процеси во нашата земја и во исто време

претставува и придонес кон нејзината побрза заложба за евроатлантска интеграција.

Досегашната поставеност на Републичкиот судски совет, во секој случај не ја одразуваше интенцијата за самостојност на судската власт, поточно околу изборот на судиите се наметнуваа многу дилеми, кои многу пати и во ова Собрание беа искажани со различни мислења. Ако се има предвид дека до сега, со изборот на членовите на Републичкиот судски совет, а со самото тоа и изборот на судиите, имаше значително влијание на политичките партии како при предлагањето на членовите, така и во насока на надлежностите и работата, Републичкиот судски совет претставуваше повеќе сервис на законодавната отколку на судската власт. Токму поради сето ова што до сега го кажав сакам да подвлечам дека амандманот 28, кој што го дефинира Државниот судски совет, е апсолутно прифатлив за Либерално деморкатската партија, затоа што, покрај другото, тој се совпаѓа и со нашите заложби кои уште многу одамна ги имавме како партија, овој орган односно сега именуван како Државен судски совет, да биде што е можно понезависен и да може самостојно да одлучува во изборот на судиите.

Амандманот 28 предлага Државниот судски совет да го сочинуваат 15 членови и тоа: 8 членови кои ќе бидат членови на овој совет да се избираат од редот на судиите на Република Македонија. Сметам дека овде треба особено да се води сметка кои членови се избираат, да се има објективни критериуми врз кои ќе се избираат овие членови, затоа што нивната улога понатаму ќе биде многу значајна во процесот на одлучување за предлогот на судиите. До тука е во ред и немаме некои забелешки, иако нашите залагања беа, членовите на Државниот судски совет кои ќе се избираат од редот на судиите да бидат застапени во поголем број, односно да претставуваат две третини од Државниот судски совет, што всушност го искажаа и голем број судии и обвинители, со кои разговаравме на трибините кои ги одржа нашата партија по повод уставните промени. Но сепак 8 члена во овој момент е доволно да има, за да може овој орган да одлучува самостојно и независно.

Понатаму би сакала, иако не мислев да се задржам на ставот 4 каде што вели дека тројца членови на Државниот судски совет, ги избира Собранието на Република Македонија и членовите се избираат со мнозинство, мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што, значи треба да се има и мнозинство од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците, односно така нареченото Бадинтерово мнозинство.

Овдека, се направија неколку обиди да се наметне една хипотеза, дека тие членови би биле претставници на албанската заедница, или на некоја друга заедница, што според мене е апсолутно неприфатливо. Значи, гласањето со Бадинтерово мнозинство не значи дека тие треба да бидат припадници на одредена заедница. Затоа што, велам, првиот предуслов е мнозинство од вкупниот број на пратеници. Значи, тука гласаа и пратениците, пред се, од македонската заедница.

Сега не би се задржувала, затоа што овде беа елаборирани сите ставови по ред, јас ќе спомнам какви дилеми имаме ние како Либерално демократска партија односно нашата дилема е околу ставот 6 каде стои претседателот на Државниот судски совет да биде претседател на Врховниот суд на Република Македонија. Оваа дилема доаѓа од таму што сметаме дека претседателот на Врховниот суд, покрај тоа што е претседател на овој суд, извршува и други јавни функции, па изразуваме сомнеж околу неговата можност ефикасно да ја обавува оваа функција, затоа што како што ни е позната, сепак, оваа функција бара еден поголем јак ангажман околу нејзиното обавување.

Се сложувам со некои кои претходно кажаа дека овој амандман е преоптоварен со многу точки и ставови и разграничува некои прашања кои што би можеле понатаму да се регулираат со еден закон. Токму во таа насока, ако ставот 9 веќе зборува дека членовите на Државниот судски совет уживаат имунитет, потоа сметам дека ставовите 10 и 11 тука само го оптоваруваат амандманот и дека не мора да стојат баш во Уставот.

Тоа се накратко некои од забелешките кои што ги имам, но сакам да кажам дека се надевам ова што сега ќе биде изречено како нашите забелешки од Либерално-демократската партија, така и забелешките од колегите од другите партии дека ќе бидат вградени во понатамошната фаза на разработка на уставните амандмани. Со оглед на тоа што сметаме дека овој амандман ќе ја има псотигнато онаа основна цел да имаме Државниот судски совет кој што ќе биде независен, кој што ќе може самостојно да одлучува, пратеничката група на Либерално демократската партија ќе го поддржи овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам, потпретседателе.

Почитувани дами и господа пратеници, амандманот 28 на Уставот на Република Македонија, според мене е најсуштествен за реформата во правосудниот систем, затоа што реформата во правосудниот систем беше иницијалната каписла за пристапување кон уставни измени.

Во што е суштината, според Земјоделската народна партија, на овој амандман? Пред се, постигнување еквилибријум меѓу судскиот еснаф и законодавната власт, која што покрај законските аспекти, мораме да признаеме, има и политичко

партиско влијание. За независно судство, нужни се три елементи. Според нас, тоа се: а) Независен судски буџет; б) Независен Државниот судски совет кој што независно ќе одлучува за судскиот еснаф, за избор и разрешување на судии.

И, под 3, под в) контрола на законодавниот дом на работењето на Државниот судски совет преку задолжително формирање и со ставање во Уставот на Република Македонија како измена и дополна на парламентарна комисија за следење на работењето на Државниот судски совет. На таков начин мислам се постигнува еквилибриум, затоа што предложените решенија во овој амандман не го обезбедуваат тоа рамновесие меѓу судскиот еснаф и законодавната власт.

Јас сега би тргнал по одделни точки од амандманот 28.

Точката 1 е во ред "Државниот судски совет го сочинуваат 15 членови".

Точката 2 според Земјоделската народна партија треба да отпадне, затоа што имаме преклопување. Министерот за правда е дел од извршната власт и не би требало да биде дел од независниот ДСС, исто како и претседтелот на Врховниот суд на Република Македонија кој што си има друга работа и треба да се посвети на таа работа.

Точката 3, наместо 8 члена, треба да стои 10 члена. "ДСС се избира од редот на сите судии во Република Македонија, при што тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија" и ќе се запази соодветната и правична застапеност. Тука е нејасно и во втората фаза треба да бидат дадени барем напатствија и насоки на кој начин ќе се бираат овие 10 судии, дали според териоријанлиот принцип или според функционален принцип и кој ќе биде преовладувачки принцип, дали територијалниот принцип на поделба на судовите или функционалниот принцип Апелациониот суд и основните судови.

Точка 4 "тројца членови на ДСС ги избира Собранието на Република Македонија, при што само еден член треба да биде биран со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници со Бадинтеровото мнозинство", со што мислиме дека на таков начин се исполнува правичната и соодветната застапеност на граѓаните кои што припаѓаат на сите заедници.

Точка 5 "двајца членови на ДСС ги предлага, а не ги именува претседателот, а ги бира Парламентот на Република Македонија". При тоа ќе се дојде до застапеност на 10 судии бирани од судскиот еснаф и пет претставници бирани преку Парламентот на Република Македонија, тројца од составот кој што ги предлага Парламентот преку своите комисии и двајца кои ги предлага претседателот на државата, со што се запазува рамновесието помеѓу законодавната, судската и претставничката власт.

Точка 6 "претседателот на ДСС треба да биде претседател од редот на судиите, со тоа што ќе се постигне независност во изборот и разрешување на судиите".

Точка 8 "мандатот на избраните и именуваните членови на ДСС изнесува 6 години", според нас нема потреба од такви долги рокови, Четири години е доволен рок за развој на стратегија, имплементирање политики во судството и нормално работење. А, ќе се запази можносата со што поголема ротација, на речиси би рекол во еден подолг рок во неколку мандати што поголем број судии кои ќе дадат своја лична партиципација во унапредување на судиското работење. На таков начин сметам дека ќе се елиминира и можноста одредени политички групации кои што се во номенклатура политички во даден момент да имаат влијание и да си остваруваат некакви други цели кои што се вон независноста на судското работење, а 4 години ќе има можност на таков начин да се изврши ивелација на политичко партиските интереси и сепак ќе доминира независноста.

За другите точки мислам дека се во ред, иако сметам дека овој амандман е преопширен за некои од овие објаснувања можеби има место во законите, а не тука.

И, сега треба да се каже нешто друго. Ние со нашиот став како Земјоделска народна партија дека Уставот е многу важна работа и стожер на политичкиот систем на државноста на Република Македонија, можеме да го прифатиме овој амандман 28 само во услови ако овој амандман обезбеди независно судство, а тоа се постигнува исклучиво ако судскиот еснаф и законодавниот дом бидат во онаа функција за која што говорев во нашите забелешки. Ако тие бидат прифатени ние ќе го поддржиме овој амандман, а ако не бидат прифатени ќе сметаме дека предложените решенија не обезбедуваат независност и нормално работење на Државниот судски совет и севкупна независност на правосудниот судски систем. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор пратеникот Апостолов Петар.

Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Јас нема да се задржам на општиот дел, односно не би направил паралела меѓу РСС и ДСС, бидејќи претходните дискутанти доста кажаа во тој дел, а ќе се задржам повеќе по точките што сметам дека треба да претрпат измени.

Амандман 28 се однесува на составот на ДСС, мандатот, имунитетот, престанокот и разрешувањето од функцијата член на ДСС, како

и неспоивоста на функцијата. Гледајќи ја должината на амандманот, веќе и претходните колеги дискутираа на таа тема, сметам дека е доста широк односно долг и има некаде околу 16 става или точки, па сметам дека после точката 8 може да дојде до друг амандман, бидејќи завршува со мандатот на избраните и именуваните членови на ДСС.

Кога сум кај ставот 8 овде само пишува дека нивниот мандат ќе трае 6 години. Сметам дека треба да се изврши измена. Мое мислење е дека тој мандат може да продолжи уште за еден мандат, но не повеќе од два последователни мандати.

Би се задржал на точка 13, па сметам дека терминот "безусловна" за мене не е баш добро прифатлив термин. Подобро би било да се употребува терминот "ефективна казна затвор". Тој термин многу често се употребува и сметам дека не е соодветен на она што сака да се искаже. Со овој амандман 28 практично се врши деполитизација на избор на судиите, бидејќи доминираат претставници од судската власт односно 8 членови се судии што ги избираат самите судии од своите редови.

Сега, би се задржал малку повеќе на точка 6 односно претседателот на ДСС е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Сметам дека овој став или оваа точка треба да претрпи промени, бидејќи со еден избор практично се добиваат две функции и имаме преголема концентрација на власта во една личност, а во исто време и даваме преголеми обврски и на самата личност. Мојот предлог е претседателот на ДСС да се избира од избраните членови на ДСС, со кои би се изземале претседателот на Врховниот суд и министерот за правда и да се менуваат на секои две години, се со една единствена цел да не би ја злоупотребиле функцијата. Со тоа и ДСС никогаш не би останал без претседател. На пример, во точката 14 од истиот овој амандман зборува дека престанокот на функцијата претседател на Врховен суд на Република Македонија по функција му престанува мандатот во ДСС односно му престанува и функцијата претседател на ДСС. Значи, да не би дошло останување без претседател, сметам дека претседател на ДСС не треба да биде во исто време и претседател на Врховниот суд. Јас толку и едноставно само ќе кажам дека ќе го поддржам амандманот како што и се изјасни колешката од Либерално демократската партија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Апостолов.

Господине Адеми имате збор. Повелете.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитувана госпоѓо министер.

Сега, повторно расправаме за амандманот 28 предложен од страна на Владата во однос на ДСС, кој говори за бројот на членовите и составот на овој Совет. Во суштина со овој амандман се менува членот 104, постојниот член 104 од Уставот на Република Македонија. Но, јас овде сакам да ве потсетам уште еднаш дека членот 104 од Уставот на Република Македонија е изменет во 2001 година како последица на Охридскиот рамковен договор, каде се говори за актуелниот Републички судски совет. Во тие измени кои се направија во тоа време, целта беше да се обезбеди правична застапеност на сите етнички заедници во Република Македонија и тоа три членови кои се избираат со двојно гласање овде во Парламентот на Република Македонија. Овој Совет брои 7 члена, двајца од нив се Албанци и еден е Турчин. И, сега, со предложениот амандман се формира нов орган или РСС се преобразува во ДСС, кој ќе брои 15 члена, од кои двајца по автоматизам и тоа претседателот на Врховниот суд и минситерот за правда. Другите се избираат така како што е утврдено во овој амандман со јасна постапка. Значи, советот ќе има 15 члена, од кои, почитувајќи го правото за правична застапеност, ќе има и членови кои ќе се избираат со двојно гласање. Во текот на постапката за избор ќе се почитува и гласот на припадниците на етничките заедници. Осум од редот на судиите кои ќе се изберат во Државниот совет, тројца од нив ќе бидат припадници на етничките заедници и тоа е овде утврдено, додека тројца кои ќе се изберат од Парламентот на Република Македонија не е дефинирано на која етничка заедница ќе и припаѓаат. Ова треба јасно да се каже овде, бидејќи од некои претходни дискутанти се манипулираше, велејќи дека составот на овој ДСС ќе биде со мнозинство или малцинство на Македонците со мнозинство на етничките заедници, што значи тројца од членовите од ДСС кои ќе се изберат во Собранието на Република Македонија не е дефинирано на која етничка заедница ќе и припаднат. Но, е дефинирано начинот како ќе се изберат овие членови, што значи дека начинот во текот на гласањето е таков што се избираат со мнозинство гласови од општиот број пратеници каде треба да има и мнозинство гласови од припадниците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија. Понатаму, двајца членови, како што се дефинира и во претходниот амандман кој претходно се гласаше, ќе ги именува претседателот на државата, од кои еден треба да биде овде јасно дефиниран и треба да биде припадник на етничката заедница. Врз основа на тоа што може да се види од 15 членови на овој ДСС колку што ќе брои идниот ДСС од 5 до 7 члена ќе бидат припадници на етничките заедници. Тоа значи во проценти ќе бидат од 30 до 45%, што е еден варијабилен број кој варира во однос на изборите како ќе се извршат.

Овој предложен амандман од страна на Владата брои 15 односно 16 ставови каде е дефиниран

бројот на членовите и начинот на нивниот избор и мандатот на овие членови на ДСС.

Во став 6 е утврдено кој ќе биде претседател на овој совет и се вели дека претседател ќе биде претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Мој впечаток е можеби овој став треба да претрпи измени и да се најде еден друг модел, бидејќи имајќи го предвид обемот на работата на Врховниот суд, но и на Државниот судски совет, мислам дека претседателот на Врховниот суд, кој истовремено ќе биде и претседател на ДСС, не знам колку ќе биде во состојба физички да ги извршува овие две функции. Додека целта на целата работа што ја вршиме овде за уставните измени во областа на судството е токму ефикасноста во правосудството.

За имунитетот доста се кажа. Целосно се согласувам и тие треба да имаат и да уживаат имунитет.

Во член 15 на овој амандман, на овој став се вели дека функцијата на избран именуван член е неспоива со вршење на друга јавна функција и професија што на некој начин е во судир со став 2 од овој член каде што се вели дека министерот за правда ќе биде член на овој Државен совет и претседателот на Врховниот суд.

Од неколку пратеници се расправаше или имаше дилеми околу составот на овој совет, бидејќи етничките заедници би биле застапени според нивни зборови во еден голем број, што значи не им припаѓа толкав број на членови и се плашат или се двоумат дека може да дојде до некоја блокада или може да падне квалитетот на овој совет. Јас не би се согласил со ваквите квалификации и ќе кажам дека во овој амандман е многу јасно дефиниран составот на овој совет и ова треба да остане вака на овој начин како што е дефинирано и утврдено сега. Бидејќи првичната и соодветната застапеност сега е веќе уставна норма и ова треба да важи за сите власти. Како за законодавната, извршната, така и за судската власт. Бидејќи сега се ангажираме за независност на судската власт, што значи целосна деполитизација, знаи политичките партии или законодавниот орган во текот на именувњето и изборот на членовите на советот и другите надлежности што ги има овој ДСС да не влијае непосредно или посредно на донесените одлуки. Од овој совет и воопшто на судството мислам дека треба да се изградат механизми за правична и соодветна застапеност, не само во овој совет, туку и на сите нивоа во судовите. Се разбира, имајќи го предвид критериумот на квалитетот и тоа што е дефинирано и утврдено со Устав но и со закон, во текот на изборот на овие членови, во текот на избор на судиите и други органи во судовите, да се почитува принципот на квалитетот.

Значи, ќе го поддржиме овој амандман, кој е предложен од страна на Владата со неколку мали забелешки кои ги искажавме не околу составот, туку околу тоа што се работи во однос на ставот 6 на овој амандман околу претседателот на ДСС, а мислиме дека не е добро да биде претседател на Врховниот суд истовремено и претседател на ДСС. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Ќе се потрудам накратко да го образложам ставот и на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на амандманот 18 кој што сметаме дека е од огромно значење за обезбедување независност на судството во Република Македонија. Токму од тие причини во првата фаза ја поддржавме потребата од промена на Уставот.

Во однос на амандманот 18 онака како што е дадено решението сметаме дека не е доволна гаранција за да се обезбеди автономноста на изборот на судиите, со самото тоа што 8 члена на ДСС потекнуваат од редовите на судиите. Ова можеме да го објасниме со тоа што тие судии со изборот во ДСС престануваат да бидат судии.

Тие практично стануваат членови на Државниот судски совет, кои што за време на мандатот од 6 години имаа привилегиран статус во однос на судиите ,што произлегува од тоа дека тие имаат и реална моќ над судиите, во смисла на изборот и разрешувањето.

Значи по статусот, моќта и нормално, по платата тие ќе предначат во однос на обичните судии, зашто во спротивно, тие нема да бидат мотивирани ако тоа не е така, да станат членови на Државниот судски совет. Тие на овој начин всушност, по својата природа, практично , сепак, не се солидарни со судскиот состав. Тоа е така затоа што овие лица веќе се државни службенеци и тоа високи државни службеници. Враќањето назад во судството им е гарантирано и сметаме дека сепак, постојат предуслови некои од овие луѓе да бидат потецијални извршувачи на услугите на власта.

Тргнувајќи од досегашното искуство, кога би се направила една груба пресметка, како денес би изгледал ваквиот замислен Државниот судски совет , тогаш би произлегло дека двајцата членови на Државниот судски совет кои што ги именува претседателот на Република Македонија , ќе бидат судии кои што, нормално според досегашното искуство, повторно ќе кажам се блиски до СДСМ, во никој случај нема да бидат независни, ниту блиски до опозицијата.

Тројцата членови кои што ги именува Собранието, исто така ќе бидат именувани од парламентарното мнозинство. И овде имаме можност веќе 5 члена да и припаѓаат на опцијата која е на власт. Ако го додадеме на тоа и министерот за правда , кој по функција е член на Државниот судски совет , тогаш доаѓаме до бројката 6 члена на Државниот судски совет, кои што можат да работат по директно влијание на

власта. И значи, остануваат само уште 2 члена, за да може власта да има превласт на Државниот судски совет. На тој начин, веќе Државниот судски совет ќе има потенцијално мнозинство, кое што би работело во насока определена од страна на Владата. На тој начин ќе се постигнат апсолутни, исти принципи на работа, како што работеше и досегашниот Државниот судски совет, тело чија што методологија на работа е основната причина за реформите во судтсвото. Кои би биле можните решенија. Ние предлагаме Државниот судски совет да има постојан состав и проширен состав на Државниот судски совет , би можело да се размисли за овој предлог, со кој што постоечкиот состав на Државниот судски совет останува ист, или евентуално би можел да се намали , ако се исклучи министерот за правда од составот на Државниот судски совет , тој би бил т.н. постојан совет и би ги вршел сите функции на Државниот судски совет, освен изборот и разрешувањето, или пак предлагањето на избор и предлагање на разрешување. Тоа е во зависност од тоа како ќе се реши изборот и разрешувањето и каде ќе биде доверен, дали на Парламентот или пак Државниот судски совет.

Сите други функции, освен оваа би ги вршел Државниот судски совет, односно т.н. постојан совет, а за обавување на функцијата избор и разрешување, предлагаме дополнителен состав, тоа би бил проширен состав на Државниот судски совет, во кој што може да дојде до дуплирање на членовите на Државниот судски совет, од редот на судиите. Дополнителните членови би биле избирани за време од година дена од страна на судството. Главната идеја за формирање на едно вакво тело, е тоа што сметаме дека вака дуплираниот состав на Државниот судски совет, многу потешко може да се корумпира, одколку што тоа сега како решение ни е понудено по амандманот 18.

Прво, затоа што евентуалната корупција на ова тело би се одвивала отежнато, најпрвин заради самата бројност. Второ, дополнителните членови во даден момент се избрани и ја вршат таа функција од една година и веќе следната година се одбираат други.

Постои можност за размислување, предлог овие дополнителни членови да се одберат и од Здружението на судии на Република Македонија, затоа што ова Здружние ги опфаќа сите судии на Република Македонија. Со закон би било уредено, од кој ранг би биле тие судии. Значи би дошло до поставување барање од Здружението на судии, а самото Здружение би ги избирало судиите на општа седница на Здружението, а знаеме дека Здружението во моментот го чинат некаде околу 670 судии.

При вака организираниот избор тешко моеже да се провлечат несакани појави и корупција, мито или влијание врз кадровската политика од странан на извршната власт.

Значи со еден збор, се работи за афтономно обезбедување и афтономно дејствување на тоа тело. Така да лицата кои ќе бидат избрани од тоа тело се гаранција за изборот и разрешувањето да биде навистина, пред се, дело на судството, во кој што ќе претежнуват еснафски и стручни критериуми, а исто така ќе се запази и чинот на јавно избирање, затоа што за самиот избор се одговара пред целото Здружение.

Во однос на учеството на претседателот на Врховниот суд и министерот за правда, сметаме дека не е прифатливо решението, претседателот на Врховниот суд да биде во исто време и претседател на Државниот судски совет. Сметаме дека поприфатлива варијанта е Државниот судски совет од редот на своите членови да си избере претседавач на Државниот судски совет. Тој може да биде избран од постојниот состав со услов, должината на мандатот да биде што повеќе скратен. По можност препорачливо би било тоа да биде една година. Сметаме дека не е добро ваквата функција да ја обавува претседателот на Врховниот суд, затоа што покрај тоа што тој веќе има функција претседдател на Врховниот суд, исто така е претседател на буџетскиот одбор. Да не зборуваме за предлогот на законот за академија за обука на судии и која е улогата повторно на претседателот на Врховниот суд во управниот орган на Академијата , каде што се дозволува или не се дозволува обука за судии. Значи се прави избор кој може да биде обучен за судија, а кој не и сметаме дека доколку му се даде и функцијата претседател на Државниот судски совет, тој практично ќе има предоминантна улога , затоа што во сите функции што ги извршува, ќе го кажува своето мислење за напредувањето на судиите и на тој начин , не само за напредувањето, туку учествува веќе во изборот и за обука кој ќе биде обучен од судиите, значи понатаму за унапредување на судиите и на тој начин сметаме дека ќе ја наруши автономноста дури и на членовите на Државниот судски совет пред се, на тие кои што се судии. А за министерот за правда кој што по функција е член на Државниот судски совет сметаме дека таму не му е местото и убедени сме дека неговото присуство би можело да се протолкува како можност за влијание на извршната власт врз одлуките на Државниот судски совет.

Кога се зборува за прашањата на изборите и разрешувањата, треба да се нагласи дека подобро е сепак, Собранието да продолжи да ги избира судиите, но со една разлика од она што го имавме досега.

Сметаме дека доколку ваквата надлежност би се оставила на Државниот судски совет ќе се изгуби моментот на јавен избор на судијата . Со тек на време, постапката за избор на судии би станала нетранспарентна, неинтересна и никој нема да го доживува изборот на судијата, како избор на јавен функционер, што извршува една од најзначајните функции во државата. Значи на тој начин би

дошло до губење на чинот на јавноста и губење на легитимноста и смалување на јавниот авторитет на судијата пред јавноста.

Пкотоа, се намалуваат очекувањата од страна на јавноста и граѓаните за почитување на Уставот и законите за фер и чесно судење, или со еден збор се губи интересот за личноста која Што треба да го обезбедува правниот карактер на државата кој ќе се бори против митото, корупцијата и другите негативни појавии и кои на еден начин би требало да претставуваат гаранција и надеж за граѓаните.

Од тие причини изборот и разрешувањето би требало да се задржи во Собранието, затоа што тоа обезбедува транспарентност и јавност во целата постапка. Тоа претставува можност за време на изборот да се кажат сите забелешки и критики за судиите кои што се предлагаат и на тој начин да се оневозможи да бидат избрани за судии лица кои имаат други мотиви, кои се спротивни на владеењето на Уставот и законите, правата на граѓаните и јакнењето на правниот карактер на државата. Овие принципи се содржани во документите за независно судство, како што се Декларацијата на ОН за независно судство, како и сличните меѓународни договори склопени во рамките на ЕУ,

Со цел да се оневозможи грдата слика за Парламентот која што тој ја стекна преку својот начин на работа, а чија што главна карактеристика е дека тој не е афтономен во однос Владата, односно дека тој е само гласачка машина и одлучува само по волјата на парламентарното мнозинство. Во тој случај би требало да се креира еден заштитен механизам, па доколку не помине предлогот на Државниот судски совет во Парламентот, Државниот судски совет може да го повтори истиот предлог, при што, на седница на Собранието , претседателот на Собранието само ќе констатира дека е избрано лицето за судија.

Сметаме дека со ваквиот пристап ќе се стави еден вид кочница на манипулацијата од страна на Парламентот и ќе се надмине, повторно ќе кажам, онаа грда слика, луѓето кои што чесно работат , да не бидат избрани од страна на Парламентот и наспроти тоа , оние кои што се блиски до власта да станат судии.

Значи со вака предложеното решение се добива еден заокружен и функционален механизам, со кој прво на самото место каде што се врши предлогот за избор и разрешување се става бариера во однос на можноста за корумпирање на дел од судиите кои што се членови на Државниот судски совет и не може на таквата основа да се формира мнозинство. Дури и да постои одреден дел од Државниот судски совет кој е корумпиран, на пример од постојниот состав на Државниот судски совет, сепак, проширениот Државен судски совет гарантира една здрава борба при предлозите за избор и разрешување. Па така , доколку се работи за лош кандидат помала е веројатноста тој да биде предложен за избор, затоа што на таквиот предлог би се спротивставило мнозинството во Државниот судски совет кој што повеќе се раководи од стручните критериуми и кој што се наоѓа во Државниот судски совет само во обавување на функцијата предлог за избор и разрешување. Значи се оневозможува, или пак во најмала рака се доведува во најмал можен процент манипулацијата и корупцијата при предлозите за избор и разрешување.

Од друга страна, не постои партиско наметнување и преовладување на политичкиот, наспроти стручниот елемент при самиот избор во Парламентот. На тој начин веќе се става и втората кочница, која што пред се е наменета за Владата и за парламентарното мнозинство , нивната волја за влијание при изборот. Значи се доаѓа до контролирање на процедурата во овие два нејзини клучни моменти.

Сметаме дека треба сериозно да се размисли за она што го предлагаме , доколку има и подобри предлози со кои што ќе се гарантира независноста при изборот и разрешувањето на судиите, од страна на нашата пратеничка група ќе биде подржан таквиот пристап. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господине Чашуле имате збор. Повелете.

**Слободдан Чашуле:** Благодарам господине претседател, почитувана госпоѓо министер, драги мои колеги,

Мислам дека е време од говорницата да потсетиме што ние сега правиме. Со огед на тоа што имаме по мое сваќање пред нас извонредна, дури би рекол историска задача, би сакал да потсетам дека ние сега во овој момент го утврдуваме Нацртот на амандманите, кои потоа сообразно со нашиот демократски Устав и поредок , ќе појдат на јавна расправа. Значи ние сега ја утврдуваме скицата, уште пометаформично кажано, контурите на она што утре треба да биде предлог, во кој ќе биде вградено се умно што има да се каже по тој повод, по повод реформата на судството. И дури тогаш кога, како што во некои демократски поредоци тоа се нарекува, кога ќе помине јавното читање на Уставот и во случајот уставниот амандман, сето сумирано ќе дојде овде и тука веќе ќе почне парламентарната расправа, битка, кршење копја околу тоа која од понудените варијанти или размисли во таа фаза ќе биде прифатено.

Зошто го велам ова сега , точно по повод овој амандман? Заради тоа што амандманот 28 по мое длабоко убедување е срцевината , оската на целиот овој потфат наречен реформа на судството. Тука на начинот на кој ќе го решиме Судскиот совет, на начинот на кој во него ќе ги вкрстиме сите интереси во нашето општество, од начинот со кој тие вкрстени интереси кои произлегуваат од легитимни интереси во нашето општество ќе ги хармонизираме , ние ќе покажеме

колку сме демократска држава, колку сме зрела држава и колку сме европска држава.

Мислам дека после 15 години постојано шминкање, не барем Парламентот беше гримиорна во која доби-овде , доби вештачки веѓи таму, го дотерувавме да биде поубаво она што го сакавме од Судскиот совет и тука не праван дистинкција , целокупната политичка елита во мојата глава има учество во сето ова од 1990 година до предлогот за промена на Уставот во делот на Судскиот совет, да ја нашминкаме бробата за контрола врз судството.

Сега пред нас стои историска задача со градење на амандман 28, Нацртот нека биде инспирација, амандман 28 , тоа што ќе го изгласаме ние ќе биде дури тогаш кога ќе го изласаме и кога овде ќе биде промовирано како составен дел на Уставот. Ние сега треба да покажеме дека кренавме раце од меѓусебната битка за контрола врз судството.

Досега во сите прилики кога сме расправаме за ова прашање, тие што биле мнозинство гласале од нивната позиција, легитимно сакале да имаат предоминантно влијание во судскиот совет и во изборот на судии, а тие што биле парламентарна опозиција, значи со помала политичка сила во Парламентот, се бореле тоа да не биде така и се случуваше да се сменат улогите, но и не да се сменат позициите како ќе се сменеа улогите. Тој што ќе станеше мнозинство сакаше по секоја цена да го оствари своето влијание во Судскиот совет, а тој што ја немаше силата, да му го оспорува тоа право. Тоа е легитимна игра и тука нема ништо не природно, иако, во однос на она што ни треба, се работи за голем длабински престап кон етиката, кон темелната работа во демократијата, а тоа е законот и судството, да водат примарна грижа за имотот, здравјето и животот на граѓанинот, на носителот на суверенитетот на оваа држава.

Ако ние сега се ослободиме од, би рекол последичната реакција на претходниот поредок каде имвме една доминантна идеа, а тоа со амандманот 28, кога ќе го направиме добар амандман, можеме за секогаш да го елиминираме. Ние по инерција на таа реакција сакаме да имаме нешто што е невозможно, кое воопшто не е карактеристично на демократијата, да имаме политичка празнина во животот, да имаме политичка празнина во Судскиот совет, да имаме политичка празнина во судството. Тоа е невозможно. Такво отсуство на политички интереси постои само во диктаторијалните, едноумните, монистичките општества, една идеја доминира или доминира безумијето. Ние сме демократско општество, имаме овде избран парламент врз основа на поединечните, парцијални интереси, артикулирани на начин на кој се артикулирани, верификувани на парламентарни избори, застапени овде и тие се борат за хармонизација на нивните интереси. Оттаму, за мене лично воопшто не е чудно да имаме таква слика и во Судскиот совет, под услов да изградиме механизми како тој ќе може со основното во демократијата, процедурата и играта на гласањето да ги хармонизира тие интереси и резултатот од тоа да биде независна судска власт која ќе си има политичка волја, во која луѓето ќе размислуваат политички, бидејќи е невозможно во демократски поредок и во поредок каде главната движечка сила е натпреварот на идеите, натпреварот на пазарот, натпреварот на вредностите, да претендираме единка во такво политичко опкружување да биде сосема аполитична. Тоа е невозможно и би згрешиле кога тоа би го барале. Но, ако избереме и затоа се задржувам толку многу на овој амандман и на ваков односно на овој Нацрт. Ако избереме, меѓутоа Судски совет каде ќе дојдат до израз тие интереси, но ќе се хармонизираат, ние сме направиле голем исчекор напред. Зошто го велам сето ова?

Ние во предложениот текст во третата алинеја се доблилжуваме до една таква размисла. Таму велиме дека осум членови на Судскиот совет ќе бидат избрани од судии. Не велиме како и тука гледам многу простор и за дотерување на целиот нацрт и за доградување на тоа, како. Постојат повеќе предлози, на комисиската расправа и сега овде во салата, го слушнавме предлогот на ВМРО-ДПМНЕ кој е валиден за размислување, бидејќи овој амандман, се надевам и кај вас како и кај мене ги побудува сите можни дилеми. Кога човек има дилема вага се и се обидува да го избере најдоброто. Да имаме Судски совет кој во еден свој дел логично е да го избираат судиите. Еве така од прилика, барем по мое некое расудување од потамина, тој член 3 тоа го предвидува. Не се кажува како и кој и тука треб да поработиме.

Ако мене ме прашате, врз основа на сопственото искуство што го имам, во западните демократии каде што работев повеќе од 20 години, во многу средини судиите ги избираат непосредно граѓаните, во други средини тоа го прават сите судии.

Јас предлагам кај нас, покрај овие осуммина да избереме уште тројца, но тие тројца да бидат застапени од една од страните во судскиот процес, а тоа се граѓаните, заради тоа што ако ги прочитате во една многу добро стокмена книга која ја издаде Министерството за правда уште во времето кога беше министер господинот Џевдет Насуфи, околу тоа како Европа, било онаа што е членка на Европската Унија, било онаа што не е, размислува што треба да биде улогата на судството, ќе видите дека во сите тие документи стои една одредница дека примарна функција на судството е да има контрола врз административните одлуки, значи на еден одреден начин, од името на граѓаните, или граѓанинот, сватен како странка, да има влилјание врз административните одлуки, значи одлуките на извршнта а сходно на тоа и на законодавната власт. Според тоа, ако во тој процес на

урамнотежнување на интересите со судството како арбитража, имаме една странка, имаме судство како арбитража, добро е да имаме и другата страна застапено преку својот интерес и влијание во судскиот совет, особено во делот на избор на судиите. Тоа може да бидаст граѓаните кои на ист начин, кога велам ист мислам со исти критериуми кои ќе важат за сите членови на Судскиот совет, може да избере три члена и тој број од 15 да го прошириме на 18 и да ги имаме во Судскиот совет и главните учесници во судската расправа, а тоа се граѓаните. Сега ќе речете се создава бројка од 18 членови, тешко за решавање заради тоа што ако сакаме да имаме хармонизација на интересите во Судскиот совет, тогаш се претпочита дека е нужна непарна бројка за да може и да се остварува тоа мнозинство, да немаме постојано нерешен резултат. Нашиот односно мојот следен предлог во тој случај е, министерот за правда како претставник на извршната власт да учествува во работата на Судскиот совет, но без право на глас. И тогаш 18 членови минус еден глас се 17 и се остварува, доколку се усвои, се разбира одредницата во амандманот, тројца членови во Судскиот совет од редот на угледните правници, адвокати, личности, да избере членови на Судскиот совет, да избираат граѓаните, тогаш се формира, со тој еден глас помалку на министерот за правда, непарна бројка која овозможува мнозинство, т.е. надгласување т.е. хармонизација на интересите, врз основа на избор.

Сега, кога веќе доаѓаме до улогата на извршната власт во изборот, не само на судиите, туку и на критериумите на кои тие судии ќе бидат избирани со нејзиното учество во Судскиот совет, мојата идеја и идејата на повеќемина од нас, од пратеничката група на Народна партија, министерот за правда да нема право на глас, се темели на една многу јасна одредница на парламентарната демократија, која е Република Македонија, а тоа е да нема преклопување меѓу функциите на власта, законодавна, извршна и судска. Министерот за правда е извршна власт и неговото учество рамноправно со судиите во изборот на третата власт, доведува до една, не сакам да кажам контаминација, но едно дополнително влијание кое не оди во прилог на темелната идеја, а таа е преку хармонизацијата на интересите на нашето општество и во Судскиот совет, да создадеме самостојност на таа судска инстанца, па и изборот на судиите да биде направен врз основа на таа хартомизација и на таа самостојност.

Имаме, јас и повеќемина колеги, една забелешка која ни создава дилеми, но добро е сега, во фазата на утврдување на Нацртот да ги кажеме, макар што како и самиот нацрт е инспирација за расправа и нашето укажување и сите досегашни укажувања да бидат сфатени како инспсирација за таа јавна расправа, а тоа е улогата на претседателот на Врховниот суд. Мислам дека тој како претседател на Врховниот судски совет, нема да функционира добро. Мислам дека тоа не е добро решение.

Јас размислувам и како, еве како провокација за натамошна размисла го кажувам и воде, како и на Комисијата, јавно. Мислам дека претседателот на Врховниот суд во функциите на Судскиот совет, изборните функции, кога ќе бира судии може да претседава со Судскиот совет, но со Судскиот совет треба да раководи било во функција на генерален секретар, било во било која функција чие име ќе го осмислиме, избран член на Судскиот совет кој не е претседателот на Врховниот суд, бидејќи претседателот на овој суд и по својата надлежност на функцијата која ја има, во ревизијата на работењето на судовите веќе еднаш има увид и еднаш, раководејќи со самите седници, особено кога се вреднуваат судиите и работата на судовите, бидејќи еднаш има исказ. Ако го ставиме сега и таму и тука, згора на тоа и претседател на Буџетскиот совет на судската власт, ако згора на тоа е и претседател на Академијата, а и што тешко мислам дека постои капацитет во држава што сите тие три работи во рамки на осум часа работно време може да ги заврши, туку се плашам од тоа дека, еве при чесните побуди, јас кон сите луѓе сакам да гледам како пред се на чесни и етички исправни добронамерни луѓе, тогаш и при сите тие квалилтети тој не ќе може физички да изведе, хармонички да ги истера макар трите од четирите овие функции. Затоа кога Судскиот совет ќе се состанува да избир судии, со него по некоја наша логика, добро е да претседава претседателот на Врховниот суд, највисокиот судски авториет во државата. Сите други работи и оваа идеа на ВРМО-ДПМНЕ, Судскиот совет да има еден потесен облик каде ќе работи со оние дневни надлежности на Судскиот совет каде расправа по поплаки, расправа по размислувања на Врховниот суд околу ефикасност, неефикасност итн., но оној широк состав каде ќе бидат, јас мислам дека не треба да има, во груба смисла, така јасно разделена динстинкција меѓу постојан и широк дел, туку кога тој ист Судски совет со овие три члена што ги предлагаме граѓаните на непосредни избори во една изборна единица Република Македонија, да ги бира, кога во тоа својство ќе заседава, врз основа на веќе утврдени кандидатски листи за судии, тогаш претседавач со изборното собрание на Судскиот совет да биде претседателот на Врховниот суд.

Ќе има уште време на оваа тема да се расправа и мислам дека е добро на ова прашање најмногу да се задржиме и сега во фазата на јавна расправа.

Сега би сакал да завршам само со една редакциска забелешка која во основа има и суштински карактер.

Република Македонија е држава и таа може да има само еден судски совет. Од таму мене лично, назнаката Републички или назнаката Државен, уште повеќе ми призвучува како на ограничувачки фактор. Република Македонија сега има

парламент, не државен парламент, има влада, нема државна влада. Република Македонија треба да има судски совет како највисок изборен орган за избор на судиите и контролор на функционирањето, заедно со Врховниот суд на судската власт. Ако го утврдиме така, тогаш и во самата номенклатура и во неговот име, на Судскиот совет, по дефиниција, па ако сакате макар и редакциски, но еден ден кога ќе стане и суштински, му ја определуваме самостојноста.

Штета е што расправата во ова време, ноќе, ја водиме по еден толку значаен Нацрт амандман. Можеби ќе беше пофункционално утре изутрина кога сите имаме повеќе трпение и јавноста повеќе слух. Ние потрошивме премногу време на амандман кој не е од такво витално значење како што е овој и не е добро за овој Парламент во ова глуво време, толку значајни работи кои треба да бидат инспирација за уште потемелна јавна расправа, ги прави сега.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Чашуле. Ова може би е глуво време за нас, но за граѓаните не е. Сите сега се пред телевизори.

Повелете господине Шајноски, вашите три минути.

**Драго Шајноски:** Текстот за државниот судски совет даден во овој амандман, ќе се обидам да го прикажам со бројки.

Државниот судски совет го сочинуваат 15 члена. Членови на судски совет по функција се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда.

Овде е веројатноста дека може да биде еден од заедниците е многу голема и сметам дека еден секој пат ќе биде од нив.

Точка 3 - осум члена од Државниот суски совет се избираат од редот на сите судии во Република Македонија. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците. Досега четворица од заедниците.

Точка 4 - Тројца членови од Државниот судски совет избира Собранието на Република Македонија. Членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците.

Овде минимум еден ќе биде од заедниците, а не е исклучено два или три, бидејќи нема да се изглалса ако не се задоволат нечии апетити.

Точка 5 - двајца членови на Државниот судски совет ги предлага Претседателот од кој едниот е од заедниците.

Значи минимум шест судии ќе имаме од заедниците, што од 15 члена тоа претставува 40%. Структурата на населението во Република Македонија од прилика е: 60% Македонци и 40% други заеднци, како што се Албанци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци, Турци и други, како што стои во Уставот. За тоа предлагам во амандманот уште сега да се прецизира од кои заедници и колку судии ќе се избираат за подоцна да немаме проблеми со гласањето, што значи 60% Македонци, од 15 судии тоа би значело 9 судии да се македонци, а 40% од заедниците, тоа значи, од 15 судии, 6 судии да бидат од заедниците. Во оваа бројка од 6 судии да влезат сите од заедниците. Значи во 6-те судии треба да имаме претставници и од Албанците, и од Србите, и од Власите, и од Ромите, и од Бошњаците, и од Турците. Досегашната практика беше, партијата на власт да си определува членови на некои органи и во нејзиниот состав по партиски клуч, сметаше дека се нејзини и дека се македонци по националност и власите и србите и бошњаците итн. Исклучиво под заедници се подразбираат само албанците. Затоа во овој амандман не ќе биде од штета ако се дефинира уште на почетокот колкав е бројот на заедниците и колку судии од секоја заедница ќе има во Државниот судски совет.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам текстот на Нацрт-амандманот 28 од Уставот на Република Македонија.

Не можеме да обезбедиме доволен кворум за гласање. Гласањето ќе почне утре во 11,00 часот, кога и продолжуваме со работа.

(Седницата прекина со работа во 19, 40 часот).